**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1320

Скопје, 15 декември 2024 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1320 ОД 15 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Бојан Бојчевски, Петар Јанев**, **Радица Јованова**)........................................6

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Маркетингот преку инфлуенсери и намерата за купување: Фокус на кредибилитетот и довербата во бренд-содржината на социјалните медиуми** од **м-р Ирена Богоевска-Гаврилова**, пријавена на Економскиот факултет – Скопје........................................7-16
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Борис Какуринов, Наташа Илиевска Након**, **Давор Глигоров, Ана Николовска, Александра Илкова, Ана Антовска, Дејан Лазиќ**)........................................17-18

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Мартин Петрески, Александра Крстевска, Ема Василеска**)........................................19
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Валдет Незири**)........................................20
3. **Приговор** од **д-р Марјан Џидров,** на Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област механика на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1318 од 15.11.2024 година........................................21
4. **Одговор** од Рецензентската комисија на приговорот од д-р Марјан Џидров, на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област механика на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1318 од 15.11.2024 година........................................22-23

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и кардиологија, на Медицинскиот факултет - Скопје (**в. н. сор. д-р Ирена Митевска, в. н. сор. д-р Антонио Георгиев, н. сор. д-р Валентина Андова**)........................................24-99
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега или клиничко-болничка здравствена нега и ендокринологија и заболувања на метаболизмот, на Медицинскиот факултет – Скопје (**в. н. сор. д-р Тошо Плашески**)........................................100-114
3. Реферат за избор на два асистента по предметот Гинекологија и акушерство, на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Наташа Илиева, ас. д-р Ева Созовска Белчовска**)........................................115-120
4. Реферат за избор на два асистента по предметот Психијатрија и медицинска психологија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Симона Кочоска Крстевска, д-р Ереблине Хоџа Јусуфи**)........................................121-126
5. Реферат за избор на еден асистент по предметот Гинекологија и акушерство, на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Елена Верушевска**)........................................127-131
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Асоцираност на генски полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада**

**популација** од **ас. д-р Марјан Бошев**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.......................................................................................................................132-150
7. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Радомир Јовчевски, Наташа Стојковска, Анита Најдова, Радица Бојчева, Анамарија Паункоска, Авди Муртезани, Мартина Амбарџиева, Кемал Рушити**)...............151-152

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на наставно-научната област граѓанско материјално право, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**ас. д-р Теа Лалевска**)............................................................................................................................153-167
2. Рецензија на ракописот **Детско престапништво и правда за деца** од авторите: **проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Бобан Мисоски, проф. д-р Олга Кошевалиска** и **вонр. проф. д-р Лазар Нанев**.................................................................................................168-174
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Слободарство, држава и промена: Овертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество** (**Libertarianism, state and change: Overton window on the role of the state in the Macedonian society**) од **м-р Никола Љ. Илиевски**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први - Скопје.................................................................................................175-179
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Нора Алити, м-р Дритан Даути**).................................................................................................................180
5. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Цветанка Василева Секл, Драгана Радојковиќ Спасовски, Наде Матејевиќ, Кристијан Димовски, Филип Милески, Никола Костески, Даниела Рендевска**)..........................................................181-182

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Исправка на Рефератот за избор на **проф. д-р Рената Ќуштеревска** во звање – редовен професор, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1317 од 1.11.2024 година од страница 294 до страница 329..........................................183

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Рецензија на ракописот **Паразитологија и паразитни заболувања 1** од авторите **Александар Цветковиќ** и **Јована Стефановска**...........................................................................184-186

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Трпе Матески, Марио Тасевски, Ивана Георгиевска**).....................................................................187

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Јован Цветкоски**)..........................................................................................................188

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економика на земјоделството, на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (**вонр. проф. д-р Ана Симоновска**).........................................................................................189-216
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економика на земјоделството и развој, на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (**д-р Емељ Туна**)..............................................................................................................217-236
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економика на земјоделството – 4.05.01.01, на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (**вонр. проф. д-р Марина Нацка**)..................................................237-256
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) хигиена и технологија на млеко и преработки од млеко, на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (**вонр. проф. д-р Душица Санта**)................................257-273

5. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Надица Сандева Атанасова**)....274
6. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Агрон Решити**)....275

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Арјета Ахмеди Сефери**)....276
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Елена Чакаловска - Терзиќ, Амра Исмани, Ива Димевска**)....277

ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ
Скопје, УКИМ - 545. СЕДНИЦА НА ННС ОД 2.12.2024Г.

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Бојан Бојчевски,** дипл. град. инж. | *Анализа на челична хала со кранска греда според европски стандарди* | Analysis of steel hall with crane beam according to European standards | Вонр. проф. д-р Денис Поповски | 13.12.2024<br>02/153-419 |
| 2 | **Петар Јанев**, дипл. град. инж. | *Анализа на граничните состојби на носивост на армиранобетонски елементи изложени на смолкнување и на торзија* | *Analysis of ultimate limit state design of reinforced concrete elements subjected to shear and to torsion* | Проф. д-р Тони Аранѓеловски | 13.12.2024<br>02/153-421 |
| 3 | **Радица Јованова**, дипл. град. инж | *Двобродна челична хала со спрегната меѓукатна конструкција анализирана според Еврокод* | *Two-bay steel hall with composite construction analyzed according to Eurocode* | Вонр. проф. д-р Денис Поповски | 13.12.2024<br>02/153-420 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАРКЕТИНГОТ ПРЕКУ ИНФЛУЕНСЕРИ И НАМЕРАТА ЗА КУПУВАЊЕ: ФОКУС НА КРЕДИБИЛИТЕТОТ И ДОВЕРБАТА ВО БРЕНД-СОДРЖИНАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ“ ОД М-Р ИРЕНА БОГОЕВСКА-ГАВРИЛОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.11.2024 година, со Одлука бр. 02-2139/3 од 2.12.2024 формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Ирена Богоевска-Гаврилова под наслов: МАРКЕТИНГОТ ПРЕКУ ИНФЛУЕНСЕРИ И НАМЕРАТА ЗА КУПУВАЊЕ: ФОКУС НА КРЕДИБИЛИТЕТОТ И ДОВЕРБАТА ВО БРЕНД-СОДРЖИНАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ, во состав: проф. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска (претседател), проф. д-р Анита Циунова-Шулеска (ментор), проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска (член), проф. д-р Ежени Брзовска (член) и проф. д-р Димитар Јовевски (член).

По анализата на поднесената докторска дисертација, Комисијата во горенаведениот состав до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирена Богоевска-Гаврилова, со наслов: МАРКЕТИНГОТ ПРЕКУ ИНФЛУЕНСЕРИ И НАМЕРАТА ЗА КУПУВАЊЕ: ФОКУС НА КРЕДИБИЛИТЕТОТ И ДОВЕРБАТА ВО БРЕНД-СОДРЖИНАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ, содржи 206 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единичен проред и големина на букви 12 типографски точки, 680 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и интернет-ресурси.

Материјата во докторската дисертација е систематизирана во вовед, осум глави (вклучувајќи го и заклучокот и дискусијата), референци и прилози.

Во **воведниот дел** на докторската дисертација се разгледува значењето на социјалните медиуми во функција на промоција на компаниите и градење долгорочни врски со корисниците, улогата на инфлуенсерите во маркетинг-активностите на компаниите, кредибилитетот и довербата како клучни фактори за ефективноста на маркетинг-комуникациските активности на компаниите. Во овој дел се опфатени и дефинирањето на предметот и целите на истражувањето, формулирањето на работните хипотези во истражувањето, методологијата во истражувањето, како и структурата на презентирање на содржината во рамки на докторската дисертација, очекуваните резултати и научниот придонес на докторскиот труд.

Првата глава од докторската дисертација, со наслов: **Социјалните медиуми и маркетингот преку инфлуенсери**, ја истражува улогата на социјалните медиуми како значаен канал за комуникација помеѓу брендовите и потрошувачите. Овој дел дава анализа на улогата и значењето на маркетингот преку социјални медиуми, со посебен акцент на маркетингот преку инфлуенсери и неговите специфичности. Во рамките на оваа глава се разгледуваат инфлуенсерите на социјалните медиуми како рани прифаќачи на иновациите, нивната улога и значење во маркетингот преку социјалните медиуми и се споредуваат инфлуенсерите како онлајн славни личности со славните личности во офлајн светот. Дополнително, елаборирана е и општо прифатената категоризација,

односно поделба на инфлуенсерите и карактеристиките на одделните типови инфлуенсери.

Во втората глава, насловена **Кредибилитетот како клучен фактор во маркетинг-комуникациските активности: примена на теоријата на веројатност за елаборација,** се презентираат различни концепти и пристапи од научната литература поврзани со оваа тема. Посебен акцент е ставен на трите главни аспекти на кредибилитетот: кредибилитетот на изворот на пораката, кредибилитетот на самата порака и кредибилитетот на медиумот преку кој таа се пренесува. Кредибилитетот на изворот на пораката е објаснет преку три димензии: доверливост, експертиза и допадливост, а атрактивноста на изворот на пораката во научната литература се разгледува или како димензија на кредибилитетот на пораката или како фактор кој влијае на одделните димензии на кредибилитетот на изворот на пораката. Кредибилитетот на пораката се однесува на квалитетот на информациите, нивната точност и актуелност, автентичност, веродостојност, структура и распоред на информации итн. Квалитетот на медиумот, т.е. кредибилитетот на социјалните медиуми се однесува на способноста на медиумите да создадат зависност кај корисниците, да овозможат интеракција и транспарентно и точно да ги пренесат пораките. Во рамките на оваа глава се анализираат и димензиите што ги дефинираат овие аспекти, а нивната улога и значење се разгледуваат во контекст на убедувањето на потрошувачите, со примена на теоријата на веројатност за елаборација.

Во третата глава, насловена **Концептот на доверба во бренд-содржината,** се анализира довербата на потрошувачите во бренд-содржината, односно довербата во бренд-содржината креирана и споделена од страна на инфлуенсерите на социјалните медиуми. Со развојот на социјалните медиуми, компаниите добија можност да градат блиски врски со потрошувачите, а потрошувачите брз и лесен пристап до информации. Во такви услови, компаниите започнаа да се фокусираат на маркетинг-активности и креирање содржина на социјалните медиуми која позитивно ќе влијае врз довербата на потрошувачите, сфаќајќи дека довербата е клучна за градење долгорочни врски со потрошувачите. Затоа, во оваа глава се става фокус на анализа на довербата на потрошувачите и социјалните медиуми, при што се образложени и довербата на потрошувачите во инфлуенсерите на социјалните медиуми, но и во бренд-содржината која тие ја споделуваат на социјалните медиуми. Со оглед на тоа што различни типови бренд-содржина предизвикуваат различен ангажман од страна на потрошувачите, во оваа глава од докторската дисертација се анализирани различните типови бренд-содржина како информативна, бренд-содржина која се однесува на понудени награди, забавна и социјална бренд-содржина во контекст на нивното влијание врз однесувањето на потрошувачите.

Четвртата глава со наслов: **Маркетингот преку инфлуенсери со фокус на намерата за купување** има за цел да ја прикаже поврзаноста на маркетингот преку инфлуенсери и однесувањето на потрошувачите, односно влијанието на маркетингот преку инфлуенсери врз намерата за купување. Во оваа глава, фокусот е на две теории: теоријата на сигнализација на пазарот и теоријата на социјално учење кои служат како рамка за разбирање на начинот на кој инфлуенсерите на социјалните медиуми влијаат врз ставовите на потрошувачите, кои понатаму влијаат врз намерата за купување.

Петтата глава, со наслов: **Кредибилитетот, довербата во бренд-содржината споделена од инфлуенсерите и намерата за купување: фокус на типовите бренд-содржина,** дава анализа на претходните истражувања во врска со кредибилитетот на изворот на пораката, пораката и медиумот преку кој се пренесува пораката. Атрактивноста на изворот на пораката се разгледува како фактор кој влијае на трите димензии на кредибилитетот на изворот на пораката, т.е. доверливоста, експертизата и

допадливоста на изворот кои заедно со кредибилитетот на пораката и на медиумот понатаму се разгледуваат во контекст на нивното влијание врз довербата на потрошувачите во бренд-содржината што ја споделуваат инфлуенсерите на социјалните медиуми. Дополнително, се презентираат релевантни истражувања кои ја потврдуваат врската помеѓу довербата на потрошувачите во бренд-содржината и нивната намера за купување. Овие сознанија служат како основа за формулирање на хипотезите во дисертацијата, претставени преку четирите концептуални модели за секој тип анализирана бренд-содржина. Овие модели се групирани во две групи, имајќи ја предвид теоријата на веројатност за елаборација, односно моделите кои се однесуваат на информативната и бренд-содржината која се однесува на понудени награди се модели кои ја рефлектираат централната патека на убедување, додека моделите кои се однесуваат на забавната и социјалната бренд-содржина се разгледуваат како модели кои ја објаснуваат периферната патека на убедување.

Во шестата глава, **Методологија на истражување,** се објаснуваат основните аспекти на истражувачкиот процес, почнувајќи со контекстот на истражувањето, односно социјалните медиуми и инфлуенсерите. Понатаму, детално се објаснуваат користените методи и техники за прибирање податоци, видот и структурата на примерокот користен во истражувањето, како и користените методи за обработка и анализа на податоците. Како главен метод за обработка и анализа на податоците е користено моделирање на структурни равенки (анг. structural equation modeling - SEM), кое овозможува истовремена анализа на повеќе зависности меѓу променливите и тестирање на предложените хипотези. Оваа глава служи како основа за разбирање на процесот што води до формулирање на заклучоците и стекнување нови сознанија од спроведеното примарно истражување.

Седмата глава, насловена **Анализа и резултати од истражувањето,** опфаќа два главни аспекта поврзани со предметот и целите на истражувањето. Првиот аспект се однесува на презентирање и толкување на резултатите од истражувањето, каде што се анализира влијанието на различните видови кредибилитет врз довербата во бренд-содржината споделена од инфлуенсерите на социјалните медиуми и нивното понатамошно влијание врз намерата за купување. Во овој дел, резултатите се оценуваат од аспект на потврдување или отфрлање на претходно дефинираните хипотези. Вториот аспект се однесува на анализа на улогата на различните типови бренд-содржина споделена од инфлуенсерите во објаснување на врската помеѓу кредибилитетот и довербата во бредн-содржината, како и помеѓу довербата и намерата за купување, имајќи ги предвид централната и периферната патека во процесот на обработка на анализираните четири типови бренд-содржина.

Осмата, т.е. последна глава од дисертацијата, насловена **Дискусија и заклучоци**, се однесува на интерпретација на добиените резултати, толкувајќи ги во контекст на претходните научни публикации на слични теми. Во овој дел се истакнува научниот придонес на дисертацијата, во поглед на проширување на знаењата за маркетингот преку инфлуенсери, со посебен акцент на улогата на социјалните медиуми и различните типови бренд-содржина што инфлуенсерите ја споделуваат на социјалните медиуми, низ призмата на теоријата на веројатност за елаборација. Дополнително, во оваа глава се дадени и препораки за компаниите за тоа како да го оптимизираат користењето на инфлуенсерите со цел да влијаат врз намерата за купување на потрошувачите. На крај, идентификувани се клучните ограничувања на истражувањето кои треба да се имаат предвид при спроведување на слични истражувања кои би ги збогатиле знаењата на оваа тема во иднина.

Научните трудови кои се основа и се користени во докторската дисертација се прикажани по азбучен ред во претпоследниот дел, односно во делот **Референци**.

Последниот дел од докторската дисертација, **Прилози,** го вклучува анкетниот прашалник користен при собирање податоци за истражувањето.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Предмет на истражување** во докторската дисертација е кредибилитетот на три одделни аспекти на маркетингот преку инфлуенсери, довербата на потрошувачите во бренд-содржината која ја споделуваат инфлуенсерите, како и намерата за купување. Поконкретно, кредибилитетот на маркетингот преку инфлуенсери е анализиран преку кредибилитетот на инфлуенсерите на социјалните медиуми, кредибилитетот на содржината која тие ја споделуваат, како и кредибилитетот на медиумот преку кој се споделува таа содржина. Всушност, ова истражување се заснова на неколку концепти за кредибилитетот. Првиот аспект се однесува на *кредибилитетот на изворот на пораката* и неговите димензии, кои не само што ја потенцираат ефикасноста на пораката, туку и влијаат врз намерата за купување и ставот на потрошувачите кон брендот. Вториот концепт е концептот за *кредибилитетот на пораката,* кој се однесува на информациите и содржината која инфлуенсерите ја споделуваат на социјалните медиуми, а кои влијаат врз перцепциите на потрошувачите за веродостојноста на пораката. Третиот концепт е концептот на *кредибилитетот на медиумот*, кој го објаснува перципираниот кредибилитет на потрошувачите за медиумот преку кој инфлуенсерите ја пренесуваат пораката. Дополнително, докторската дисертација се фокусира и на *довербата која ја имаат потрошувачите во бренд-содржината* споделена од инфлуенсерите на социјалните медиуми, со акцент на различни типови бренд-содржина, бидејќи одделни типови бренд-содржина поттикнуваат различен ангажман од страна потрошувачите на социјалните медиуми. Дополнително, бренд-содржината е анализирана имајќи ги предвид двете патеки на убедување во процесот на обработка на бренд-содржината (централна и периферна патека на убедување). Со оглед на тоа што довербата е важен фактор во градење долгорочни односи помеѓу потрошувачите и брендовите, предмет на истражување на докторската дисертација е и *намерата на потрошувачите за купување* на брендот промовиран од страна на инфлуенсерите на социјалните медиуми. Исто така, во докторската дисертација, фокусот е ставен и на *атрактивноста на изворот на пораката* како фактор кој го определува кредибилитетот на изворот на пораката, кој, пак, е анализиран преку три димензии: доверливост, експертиза и допадливост на инфлуенсерите.

Повикувајќи се на теоријата на веројатност за елаборација (анг. elaboration likelihood model), за начинот на кој потрошувачите ги обработуваат маркетинг-пораките, како и теоријата на сигнализација на пазарот (анг. market signaling theory) за постоењето на неколку аспекти на кредибилитетот на информациите во односите на потрошувачите со брендовите, **целта на истражувањето** во докторската дисертација е да се утврди влијанието на перципираниот кредибилитет на инфлуенсерите на социјалните медиуми, перципираниот кредибилитет на нивната содржина, перципираниот кредибилитет на медиумот преку кој ја споделуваат содржината, врз довербата во бренд-содржината на инфлуенсерите која понатаму ја определува намерата за купување. Целта на истражувањето е остварена преку долунаведените изведени цели:

**Изведена цел 1:** Анализа на структурните врски помеѓу трите аспекти на кредибилитетот (кредибилитет на извор на пораката, кредибилитет на пораката и кредибилитет на медиумот преку кој се пренесува пораката), довербата на потрошувачите во различните типови бренд-содржина, споделена од инфлуенсерите на социјалните медиуми и намерата за купување на потрошувачите.

**Изведена цел 2:** Анализа на влијанието на трите аспекти на кредибилитетот (кредибилитет на извор на пораката, кредибилитет на пораката и кредибилитет на медиумот преку кој се пренесува пораката) врз довербата на потрошувачите во различните типови бренд-содржина, споделена од инфлуенсерите на социјалните медиуми.

**Изведена цел 3:** Анализа на влијанието на довербата на потрошувачите во различните типови бренд-содржина, споделена од инфлуенсерите на социјалните медиуми врз намерата за купување на потрошувачите.

**Изведена цел 4:** Анализа на улогата на централната и периферната патека на убедување во објаснувањето на односите помеѓу кредибилитетот и довербата во различни типови бренд-содржина, со краен ефект врз намерата за купување на брендот кој е рекламиран.

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Во контекст на РС Македонија, влијанието на инфлуенсерите на социјалните медиуми врз однесувањето на потрошувачите бара детална анализа поради социо-економските карактеристики, дигиталната инфраструктура и специфичните културни карактеристики прицустни во земјата. Во Македонија има повеќе од три милиони активни корисници на социјални медиуми. Најпопуларната платформа е Фејсбук, а веднаш по неа следуваат Инстаграм, ТикТок, ЛинкедИн и Икс. Македонија има растечка заедница на инфлуенсери кои споделуваат содржини на различни платформи. Инфлуенсерите во Македонија споделуваат содржина од различни категории, но најпопуларни се инфлуенсерите кои споделуваат содржини поврзани со фитнес и здрав живот, содржини од областа на модата, како и технолошки експерти кои соработуваат со бројни македонски и странски компании. За развојот и експанзијата на маркетингот преку инфлуенсери во Македонија говорат и предвидувањата на Статиста, според кои се очекува средствата кои компаниите ќе ги трошат на рекламирање преку инфлуенсери во Македонија да достигнат до 2,2 милиона американски долари до крајот на 2024 година, односно 2,9 милиони американски долари до крајот на 2028 година.

Во поглед на законското регулирање на маркетинг-активностите преку инфлуенсери, важно е да се спомене постоењето на закони кои индиректно го регулираат ангажманот на инфлуенсерите од страна на компаниите, како Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите. Како и да е, компаниите мора будно да ги следат објавите на инфлеунсерите со кои соработуваат бидејќи инфлуенсерите често користат свој личен (автентичен) пристап за да ја пренесат пораката до својата публика, па поради тоа постои ризик да претставаат информации кои не се целосно точни или да претераат во објаснувањето на карактеристиките на производот. Со други зборови, инфлуенсерите и брендовите мора да бидат многу внимателни при создавањето бренд-содржина, односно брендовите треба да имаат контрола врз содржината што ја споделуваат инфлуенсерите со кои соработуваат и да бидат транспарентни во споделувањето точни и вистинити информации во комерцијалните, т.е. платените рекламни пораки.

## КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

За остварување на целите на истражувањето во оваа докторска дисертација, користени се методи на секундарно и примарно истражување. Користени се аналитичкиот и дескриптивниот метод при собирање секундарни податоци од екстерни

и јавно публикувани извори (книги, статии, студии и истражувања од домашната и странската литература) со цел да се даде теоретската основа на истражувањето, односно да се објасни релевантноста на предметот на истражување. Дополнително, применет е компаративниот метод за да се направи споредба на различни теории и концепти поврзани со предметот и целите на истражувањето на докторската дисертација. Преку примена на методот на индукција, развиен е теоретскиот модел за анализа на кредибилитетот и довербата во различните типови бренд-содржина и нивното влијание врз намерата за купување. Методот на дедукција е користен за развој на хипотезите во истражувањето.

За прибирање на примарни податоци користен е метод на испитување преку структуриран анкетен прашалник, дистрибуиран онлајн, на намерен примерок со примена на методот на „снежна топка“ како метод кој не се базира на теоријата на веројатност, но кој често се користи во маркетинг-истражувањата на перцепциите, ставовите и однесувањето на потрошувачите и корисниците. Анкетниот прашалник, покрај прашања поврзани со демографските карактеристики, вклучува прашања/изјави кои се однесуваат на кредибилитетот на инфлуенсерите на социјалните медиуми, кредибилитетот на содржината која ја креираат, кредибилитетот на медиумот преку кој инфлуенсерите комуницираат со следбениците, довербата на потрошувачите во различните типови бренд-содржина и намерата за купување кои се разгледувани како посебни променливи во одделните модели. Пресметана е просечната согласност на испитаниците со прашањата/изјавите за секоја од променливите, а потоа е применета анализа на прибраните податоци преку моделирање на структурни равенки (анг. structural equation modeling – SEM) заради извлекување на заклучоци и сознанија. Моделирањето на структурни равенки се користи за проценка на структурни врски на зависност меѓу различни конструкции претставени преку повеќе променливи инкорпорирани во еден интегриран модел.

## КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Емпириското истражување и анализата на прибраните податоци во докторската дисертација даваат увид во поврзаноста на трите аспекти на кредибилитетот: кредибилитет на изворот на пораката, кредибилитет на пораката и кредибилитет на медиумот со довербата на потрошувачите во бренд-содржината креирана и споделена од инфлуенсерите, како и во поврзаноста на довербата во бренд-содржината споделена од инфлуенсерите со намерата за купување. Преку направените анализи се добиваат корисни сознанија за влијанието на гореспоменатите аспекти на кредибилитетот врз довербата на потрошувачите во бренд-содржината која ја споделуваат инфлуенсерите на социјалните медиуми, од една страна, како и корисни сознанија за влијанието на довербата на потрошувачите во бренд-содржината врз нивната намера за купување, од друга страна. Дополнително, резултатите даваат увид и во улогата на централната и периферната патека на убедување во објаснување на врските помеѓу кредибилитетот и довербата во бренд-содржината, како и помеѓу довербата во бренд-содржината и намерата за купување.

Имено, резултатите од истражувањето покажуваат дека:

1. Атрактивноста на инфлуенсерите има позитивно влијание врз кредибилитетот на изворот на пораката анализиран како повеќедимензионална конструкција, односно врз доверливоста, експертизата и допадливоста на инфлуенсерот.
2. Перципираната доверливост на инфлуенсерите нема влијание врз довербата во бренд-содржината и кај централната и кај периферната патека на убедување.

3. Експертизата на инфлуенсерот има влијание врз довербата во социјалната бренд-содржина, но нема врз довербата во забавната содржина иако двете содржини се однесуваат на периферната патека на убедување. Од друга страна, перципираната експертиза нема значајно влијание врз довербата во содржината која се процесира преку централната патека на убедување (информативна и содржина која се однесува на понудени награди).

4. Допадливоста на инфлуенсерите влијае врз довербата во сите четири типови бренд-содржина, односно и кај пораки кои се процесираат преку централната и кај пораки кои се процесираат кај периферната патека на убедување, при што допадливоста има најголемо позитивно влијание врз довербата во информативната бренд-содржина, потоа следи забавната бренд-содржина, па социјалната бренд-содржина, а најслабо е влијанието на допадливоста врз довербата во бренд-содржината која се однесува на понудени награди.

5. Перципираната доверливост и допадливост на инфлуенсерите има позитивно влијание врз кредибилитетот на пораката, додека перципираната експертиза нема влијание врз кредибилитетот на пораката.

6. Кредибилитетот на пораката има позитивно влијание врз довербата во споделените информативни бренд-пораки и бренд-пораки кои се однесуваат на понудени награди кои влегуваат во содржина која се процесира преку централната патека на убедување, но и врз довербата во забавната бренд-содржина која се процесира преку периферната патека на убедување.

7. Кредибилитетот на пораката има позитивно влијание врз намерата за купување и кај централната и кај периферната патека на убедување.

8. Кредибилитетот на медиумот нема влијание врз довербата во споделената содржина без оглед дали таа содржина се процесира преку централна или периферна патека на убедување.

9. Кредибилитетот на медиумот има позитивно влијание врз кредибилитетот на пораката која се процесира и преку централната и преку периферната патека.

10. Кредибилитетот на медиумот има позитивно влијание врз намерата за купување само кај информативната бренд-содржина.

11. Довербата во бренд-содржината која се процесира и преку централна и преку периферна патека има позитивно влијание врз намерата за купување.

## ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирена Богоевска-Гаврилова, со наслов: МАРКЕТИНГОТ ПРЕКУ ИНФЛУЕНСЕРИ И НАМЕРАТА ЗА КУПУВАЊЕ: ФОКУС НА КРЕДИБИЛИТЕТОТ И ДОВЕРБАТА ВО БРЕНД-СОДРЖИНАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ, претставува научен труд во областа на маркетингот, со фокус на влијанието на одделни аспекти на маркетингот преку инфлуенсери врз намерата за купување потрошувачите. Трудот се фокусира на детална анализа на кредибилитетот, довербата на корисниците на социјалните медиуми во бренд-содржината што ја споделуваат инфлуенсерите и нивната улога во обликување на намерата за купување на потрошувачите со фокус и на атрактивноста на изворот на пораката која влијае врз перципираниот кредибилитет на инфлуенсерот. Истражувањето ги опфаќа теоретските аспекти и практичните импликации, преку преглед на факторите кои го дефинираат маркетингот преку инфлуенсери во РС Македонија. Поконкретно, ова е прво истражување од ваков вид во Македонија, кое го разгледува кредибилитетот во маркетинг-комуникациите како повеќедимензионален концепт. Дополнително, истражувањето се фокусира на довербата во четири типови бренд-содржина, групирани

според патеката на убедување: информативна и содржина која се однесува на понудени награди како претставници на централната патека и забавна и социјална содржина како преставници на периферната патека. Практичните импликации, од друга страна, се согледуваат во дадените насоки и препораки за маркетинг-менаџерите со цел зголемување на ефектите од соработката со инфлуенсерите на социјалните медиум, односно зголемување на намерата за купување.

Докторската дисертација придонесува за збогатување на академската литература во полето на маркетингот преку инфлуенсери, преку примена на теоријата на веројатност за елаборација, нудејќи оригинален пристап кон разбирањето на влијанието на перципираниот кредибилитет врз довербата во бренд-содржината на инфлуенсерите, која пак ја определува намерата за купување. Дополнително, докторската дисертација се фокусира на довербата во различни категории, односно типови бренд-содржина, групирани според патеката на убедување во процесот на обработка на бренд-содржината, односно централна и периферна патека на убедување.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирена Богоевска-Гаврилова, според мислењето на Комисијата за оцена, во целост ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, била коавтор на три труда во референтни списанија со импакт-фактор, индексирани во Web of Science (платформа која ги опфаќа највлијателните научни и академски публикации ширум светот), од кои на два со Social Science Citation Index SSCI (Clarivate Analytics):

1. Palamidovska-Sterjadovska, N., Rasul, T., Lim, W. M., Ciunova-Shuleska, A., De Oliveira Santini, F., Ladeira, W. Jr. and Bogoevska-Gavrilova, I. (2024), “Service quality in mobile banking: A review and research agenda”, *International Journal of Bank Marketing* (in press). **Impact factor 6.30 (Journal Quality List - A ranking)**
2. Ciunova-Shuleska, A., Palamidovska-Sterjadovska, N. and Bogoevska-Gavrilova, I. (2022), “What drives liking different brand-related social media content?”, *Marketing Intelligence & Planning*, Vol. 40 No. 4, pp. 542-556. https://doi.org/10.1108/MIP-08-2021-0277 **Impact factor 3.60** (corresponding author),

и на еден труд индексиран воWeb of Science со Emerging Sources Citation Index (ESCI):

3. Levkov, N., Bogoevska-Gavrilova, I. and Trajkovska, M. (2022), “Profile and financial behaviour of crypto adopters – evidence from Macedonian population survey”, *South East European Journal of Economics and Business*, Vol. 17 No. 2, pp. 172-185. https://doi.org/10.2478/jeb-2022-0022 **Impact factor 0.60**

Пред одбраната на докторскиот труд, како прв автор ги објавила следниве три рецензирани научни трудови, дел во научни списанија, дел во зборници од конференции:

1. Bogoevska-Gavrilova, I. and Ciunova-Shuleska, A. (2022), “Source credibility theory applied to influencer marketing”, *Economic Development*, Vol. 24 No. 3, pp. 71-86. https://www.doi.org/10.55302/ED22243071bg
2. Bogoevska-Gavrilova, I. and Ristevska-Jovanovska, S. (2022), “The effect of Instagram influencer marketing: what affects customer’s purchase intention? The role of involvement in influencer following and perceived trust in influencer’s brand related content”, in Katrandzhiev, H. (Ed.), *International Scientific Conference Strategic Planning and*

*Marketing in Digital World, 21 November 2021,* University of National and World Economy, Sofia, Bulgaria, pp. 146-158.

3. Bogoevska-Gavrilova, I. (2023), “Unraveling Influencer Loyalty: Examining the Impact of Source Credibility”, in Trpeska, M. (Ed.), *4th international scientific conference Economic and Business Trends Shaping the Future, 9-10 November 2023*, Faculty of Economics-Skopje, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia, pp. 60-71. http://doi.org/10.47063/EBTSF.2023.0005

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Ирена Богоевска-Гаврилова изработила труд со исклучителна научна и практична вредност, кој ги задоволува високите нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторски труд. Оттаму, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработен докторски труд на кандидатката м-р Ирена Богоевска-Гаврилова, со наслов: МАРКЕТИНГОТ ПРЕКУ ИНФЛУЕНСЕРИ И НАМЕРАТА ЗА КУПУВАЊЕ: ФОКУС НА КРЕДИБИЛИТЕТОТ И ДОВЕРБАТА ВО БРЕНД-СОДРЖИНАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ;
2. да определи Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 10.12.2024

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА**

**Проф. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Анита Циунова-Шулеска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ежени Брзовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Јовевски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Борис Какуринов | „Фактори кои влијаат врз слушателите за македонската авторска музика“ | “Factors’ Influencing Listeners’ Opinions on the Quality of Macedonian Original Music“ | проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска | 3.12.2024 година Бр.02-2139/16 |
| 2. | Наташа Илиевска Накова | „Стратегиската улога на Одборот на директори и сукцесијата на Главниот извршен менаџер“ | „Strategic role of the Boardof directors and CEO succession“ | проф. д-р Љубомир Дракулевски | 3.12.2024 година Бр.02-2139/18 |
| 3. | Давор Глигоров | „Менаџмент на најдобри практики (bench-marking) на мотивација на вработените :Емпириски искуства на меѓународните МНК“ | „Bench – marking management of employee motivation: empirical experience at international MNC’ S“ | проф. д-р Леонид Наков | 3.12.2024 година Бр.02-2139/17 |
| 4. | Ана Николовска | „Даночниот товар во Република Северна Македонија наспроти земјите од ЕУ – методолошка и квантитативна анализа на имплицитни даночни стапки“ | „The tax burden in Republic of North Macedonia as opposed to EU countries – methodological and quantitative analysis of implicit tax rates“ | проф. д-р Ѓорѓи Гоцков | 3.12.2024 година Бр.02-2139/15 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Александра Илкова** | **„Разбирање на генерацијата Z:Специфичности во однос на карактеристики, работна мотивација и фактори кои ги задржуваат на работното место“** | **„Understanding Generation Z: Distinctions in Terms of Characteristics, Work Motivation, and Factors That Keep Them in the Workplace“** | **проф. д-р Кирил Постолов** | 3.12.2024 година Бр.02-2139/14 |
| **6.** | **Ана Антовска** | **„Корпоративното управување и управување со ризиците во банкарскиот сектор“** | **„Corporate Governance and Risk Management in the Banking Sector“** | **проф. д-р Стојан Дебарлиев** | 3.12.2024 година Бр.02-2139/12 |
| **7.** | **Дејан Лазиќ** | **„Компаративна анализа на корпоративно управување во финансиските институции во Република Северна Македонија“** | **„Comparative analysis of corporate governance in financial institutions in the Republic of North Macedonia“** | **проф. д-р Стојан Дебарлиев** | 3.12.2024 година Бр.02-2139/13 |

# П Р Е Г Л Е Д

**на предлог проект за изработка на докторски труд прифатена од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 28 ноември 2024 година**

## 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Мартин Петрески | Истражување на влијанието на параметрите на хибридно заварување со ласерски сноп и електричен лак врз каратеристиките на хибриден завар на конструктивен челик | Research of the influence of hybrid laser arc welding parameters on the hybrid weld characteristics of structural steel | Проф. д-р Глигорче Вртаноски | 02-1455/4 28.11.2024 год. |
| 2. | Александра Крстевска | Истражување на механичките и микроструктурните својства на заварен разнороден спој меѓу мартензитен у аустенитен нерѓосувачки челик наменет за прегревач на пареа | Research on the Mechanical and Microstructural Properties of Welded Dissimilar Joint Between Martensitic and Austenitic Stainless Steel for Superheater Applications | Вон. проф. д-р Филип Здравески | 02-1466/4 28.11.2024 год. |
| 3. | Ема Василеска | Развој на интелигентен систем за мониторинг на процес за адитивно производство на делови од метал базиран на оптичка емисиона спектроскопија и машинско учење | Development of an intelligent monitoring system for metal additive manufacturing process using optical emission spectroscopy and machine learning | Проф. д-р Валентина Гечевска | 02-1160/4 28.11.2024 год. |

# П Р Е Г Л Е Д

**на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 28 ноември 2024 година**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Валдет Незири | Дизајн и развој на интелегентен автономен робот за косење трева | Design and Development of an Intelligent Autonomous Lawn Mowing Robot | Проф. д-р Даме Коруноски | 02-1608/2 28.11.2024 год. |

Врз основа на член 38 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник број 411 од 5 ноември 2018 година, како пријавен кандидат на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19 јуни 2024 год., за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно научната област 2.03.00.13 – механика, го поднесувам следниот

# П Р И Г О В О Р

**на Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област механика на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1318 од 15.11.2024.**

Јас, д-р Марјан Џидров, како лице учесник во постапката за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно научната област 2.03.00.13 – механика, го поднесувам овој приговор со цел да побарам од Комисијата, како и од Наставно научниот совет на Машински факултет – Скопје, да го земе во предвид следното:

- Ги исполнувам Општи услови за избор во наставно-научни звања, член 166, став 2, од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) за избор во наставно-научно звање вонреден професор, преку Образец 1 општи услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор кој е дел од Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1318 од 15.11.2024.
- Сите трудови поврзани со изборот во звање од овој конкурс, биле и се во Ризницата на научни и уметнички трудови на Универзитетот, согласно со член 25 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник број 411 од 5 ноември 2018 година, и истите треба да се вреднуваат при изборот во наставно-научно звање вонреден професор.
- Вреднување на рецензираните научни трудови од референтните научни публикации преку нивно бодување во Образец 2 во табелата Научно-истражувачка дејност (НИ). Научно-истражувачка дејност која се оценува и бодува е поделена по категории во табелата. Рецензираните научни трудови во референтни научни публикации како дел од Научно-истражувачка дејност, не подлежат на одделување, односно не се одземаат од оваа табела. Бидејќи поднесените научните трудови при овој избор се дел од Научно-истражувачка дејност, подлежат на оценување и бодување во Образец 2, постапка која може да се види и е потврдена преку сите Билтени и Реферати за избор во наставно-научни звање на сите Факултети при Универзитетот, како и на самиот Машински факултет – Скопје при избор на наставно-научни звања.

Барам Рецензентската комисија да го разгледа Приговорот и предлагам истиот да го прифати, со што би предложила избор во наставно научно звање вонреден професор. Исто така, го молам Наставно научниот совет на Машински факултет – Скопје да го разгледа овој Приговор, и согласно постапките да изврши избор во повисоко звање, наставно научно звање вонреден професор.

Скопје, 21 ноември 2024 Подносител

**д-р Марјан Џидров**

# ОДГОВОР

## НА ПРИГОВОР НА РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19 јуни 2024 год., за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (2.03.00.13) механика, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-876/2, донесена на 29 август 2024 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Виктор Гаврилоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Златко Петрески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Кочо Анѓушев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) (2.03.00.13) механика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Марјан Џидров.

Рецензентската комисија изготви извештај со оцена на исполнетост на општите услови согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и посебните услови согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје преку вреднување на активностите на кандидатот во наставно-образовната дејност, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност.

Врз основа на заклучокот од извештајот, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Марјан Џидров да биде избран (реизбран) во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област (2.03.00.13) механика. Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (2.03.00.13) механика на Машинскиот факултет во Скопје е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје, бр. 1318 од 15.11.2024 год.

Од 2011 година се стекнува со стручниот назив инструктор за управување на итни акушерски состојби и траума, пред комисијата од Advanced Life Support Group (ALSG) од Велика Британија и предава во Сараево, Босна и Херцеговина (ноември 2011), Манчестер, Велика Британија (март 2012 и февруари 2013) и Лозана, Швајцарија (ноември 2016). Од април 2013 година, на покана на проф. Роберт Гудвин III од Ванкувер, Британска Колумбија, Канада, се стекнува со називот Fellow of New Westminster College. Од април 2012 година е научен рецензент (Scholarly Reviewer) на Webmed Central (Open Access Biomedical Publisher Using Post Publication Peer Review). Во мај 2023 година била на стручно усовршување во Универзитетски клинички центар – Оддел за гинекологија и акушерство, Љубљана, Словенија, при што за време на престојот ги проширува своите специјалистички вештини со фокус на репродуктивната медицина и оперативната гинекологија. Учествува на стручни конгреси, стручни преводи, семинари, работилници, вебинари, секции и стручни школи, во дел од нив како предавач и како дел од организационен одбор.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Наташа Илиева

**Институција:**

Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Медицински факултет – Скопје

Научна област: *ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,85.<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,80. | да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: сертификат за ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 27.9.2024 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драге Дабески, с.р.**
**Доц. д-р Валентина Тофилоска, с.р.**
**Доц. д-р Роса Наумовска, с.р.**

## 2. Д-р Ева Созовска Белчовска

*БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ*

Д-р Ева Созовска Белчовска е родена во Скопје, на 3.6.1984 година. Средно образование завршила во Скопје, ДСУ Гимназија „Никола Карев” со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломирала на 15.10.2008 година со просечен успех 9,60. Државен испит положила на 15.5.2009 г. Веднаш по положувањето на државниот испит, започнала приватна специјализација од областа гинекологија и акушерство. Од 30.12. 2013 е вработена на Клиниката за гинекологија и акушерство, каде што континуирано работи до денес. На 2.6.2016 го положила специјалистичкиот испит, при што се здобила со звањето специјалист гинеколог акушер. Во учебната 2016/2017 г. се запишала на трет циклус студии на Медицинскиот факултет во Скопје, Школа за докторски студии при УКИМ.

Поседува меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик на ниво B2 (PET – pass with distinction) и Уверение за B2-ниво на познавање на германски јазик издадено од Филолошки факултет „Блаже Конески“.

**Стручна активност**

Во моментот е распределена на Одделот за ургентна и интервентна гинекологија, каде што активно учествува во сите активности, интервенции и испитувања од оваа област, а претходно има работено на Одделот за патолошка и високоризична бременост. Активно присуствува на сите состаноци, меѓународни конгреси и курсеви на одделни здруженија во областа на гинекологијата и акушерството. Учесник е во тековен проект на Министерството за здравство: Имплементација на медикаментозен абортус во Република Северна Македонија. Учесник е во проект на UNFPA – Македонско лекарско друштво: Мобилна гинеколошка амбуланта за пациентки од рурални средини. Ментор е од областа гинекологија и акушерство на специјализантите по семејна медицина.

**Научноистражувачка активност**

**I. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно**

1. Во 2021 година, вклучена е во проектот за имплементирање на медикаментозниот абортус во Република Северна Македонија, при што активно е вклучена во обуките како предавач на доктори гинеколози акушери низ цела држава.

**II. Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна**

1. Enormous Unilateral Primary Ovarian Leiomyoma Mimicking Ovarian Cancer with High Levels of Serum CA-125 and Ascites, Antovska V, **Belchovska S.E***, Malahova Gjoreska I and Dabeski D Univerzsity Clinic for Gynecology and Obstetrics, Medical Faculty I Skopje, R. North Macedonia, May 23, 2022.

2 . Case of an Low Grade Appendical Mucinous Neoplasia (LAMNS) Presenting as a Right Ovarian Mass, Antovska V, Gjoreska Iva M, **Belchovska Eva S***, Drage D, Papestiev Irena A and Pavlovski B,June 03, 2022.

2. Ovarian Sertoli Cell Tumor and its Association with Infertility in a Patient with Peutz–Jeghers Syndrome,Antovska Vesna1 ; Pavlovski Borivoje1 ; **Sozovska Belchovska Eva1***; Sejfullai Siandra1 ; Jovanovich Rubens,October , 2023.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Ева Созовска Белчовска

**Институција:**

Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Медицински факултет – Скопје

Научна област: *ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,60. | да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: германски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на германски јазик, ниво B2 според Европската јазична рамка<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески “<br>4. Датум на издавање на документот: 8.10.2024 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драге Дабески, с.р.**
**Доц. д-р Валентина Тофилоска, с.р.**
**Доц. д-р Роса Наумовска, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејностите од поширок интерес на ас. д-р Наташа Илиева и ас. д-р Ева Созовска Белчовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Наташа Илиева и ас. д-р Ева Созовска Белчовска поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови повторно да бидат избрани во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Наташа Илиева и ас. д-р Ева Созовска Белчовска повторно да бидат избрани во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драге Дабески, с.р.**
**Доц. д-р Валентина Тофилоска, с.р.**
**Доц. д-р Роса Наумовска, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 2.9.2024 година, за избор на два асистента по предметот Психијатрија и медицинска психологија, како и врз основа на Одлуката број 02-4660/24, донесена на X редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.9.2024 година, се формираше Рецензентска комисија во состав: д-р Ненси Манушева, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Стојан Бајрактаров, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Ана Филипче, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на два асистента по предметот Психијатрија и медицинска психологија се пријавија: д-р Симона Кочоска Крстевска и д-р Ереблине Хоџа Јусуфи.

### Д-р Симона Кочоска Крстевска

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Симона Кочоска Крстевска е родена на 16.8.1988 година, во Охрид. Средно образование завршила во ОСУ „Св. Климент Охридски” во Охрид. По завршувањето на средното образование во 2007 година се запишала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што и дипломирала во 2013 година. Во септември 2015 година започнала со специјализација од областа психијатрија на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје, на Медицинскиот факултет во Скопје, за потоа да ја продолжи специјализацијата на Клиниката за психијатрија на Медицинскиот факултет во Белград, во периодот од 2016 до 2019 година, кога успешно го положила специјалистичкиот испит на 25.10.2019. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2021 година запишала додипломски студии, кои ги завршила во 2024 со просечен успех 8,46. Од февруари 2020 година стапила во редовен работен однос на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје. Во март 2024 година започнала со супспецијализација по психотерапија на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија при УКИМ.

Активно се служи со англискиот јазик, потврдено со уверение за познавање на јазикот на Б2-ниво.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во странство до 3 месеци: Во тек на студирањето поминала една година студиски престој – професионална размена – клиничка пракса при програмата ЕРАЗМУС на Медицинскиот факултет во Фоџа, Р Италија и едномесечен престој на Институтот за епидемиологија, Универзитет за медицина во Лисабон, Португалија.

**Наставно-образовна дејност**

Од февруари 2020 година, д-р Симона Кочоска Крстевска е активно вклучена во организацијата и во едукативниот дел на настани во соработка со Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Симона Кочоска Крстевска е активно вклучена во научноистражувачката работа на Клиниката за психијатрија. Била учесник – истражувач во националниот проект во соработка со УНИЦЕФ: **Влијанието на пандемијата со КОВИД-19 врз менталното здравје кај жените во Северна Македонија** (2022).

Кандидатката д-р Симона Кочоска Крстевска била асистент истражувач во истражувачкиот проект IMPULSE**: Implementation of an effective and cost-effective intervention for patients with psychotic disorders in low and middle income countries in South Eastern Europe,** во соработка со други клинички центри од Југоистична Европа, раководен од Queen Mary University London.

На меѓународни конгреси има презентирано повеќе научни трудови. Учествувала на повеќе симпозиуми и семинари од областа на медицината, од кои повеќето од нејзината потесна област, психијатријата. За овој избор ги пријавила следниве трудови:

1. Slavica Arsova, Kadri Haxhihamza, Stojan Bajraktarov, Milosh Milutinovic , **Simona Kocoska**, Frosina Nikolic, Viktor Isjanovski, Stefanija Mitrovska (2022) Covid-19 pandemic and postnatal depression, risk factors for postnatal depression, RAS Medical Science 2(3) https://raspublishers.com/framework/uploads/articles/Covid-19_pandemic_an--28.pdf
2. Arsova S, Bajraktarov S, Kocovska S, Mitrovska S. Postnatal depression and COVID-19, risk factors. Neuroscience Applied. 2022;1:100902. doi: 10.1016/j.nsa.2022.100902. Epub 2022 Dec 24. PMCID: PMC9789446.

Постер-презентација:

1. S. Arsova, S. Bajraktarov, S. Kochovska, S. Mitrovska. Postnatal depression and COVID-19, risk factorc. October 2022, 35th ECNP Congress, Vienna, Austria. https://doi.org/10.1016/j.nsa.2022.100904

**Учество во национални/меѓународни научни проекти**

1. Учесник во националниот проект „Влијанието на пандемијата со КОВИД-19 врз менталното здравје кај жените во Северна Македонија“ (2022).
1. Асистент истражувач во истражувачкиот проект IMPULSE: “Implementation of an effective and cost-effective intervention for patients with psychotic disorders in low and middle income countries in South Eastern Europe“ (2020-2022), во соработка со други клинички центри од Југоистична Европа, раководен од Queen Mary University London.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Симона Кочоска Крстевска**
**Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија, Медицински факултет – Скопје**
**Научна област: психијатрија и медицинска психологија**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалу 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,46. | ДА |
| 2. | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англиски јазик, ниво Б2 (CEFR)<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 9.7.2024 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Ана Филипче, с.р.**

**Д-р Ереблине Хоџа Јусуфи**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Ереблине Хоџа Јусуфи е родена на 11.6.1991 година, во Призрен, Р Косово. Средно образование завршила во Меѓународното училиште Mehmet Akif Collegge, каде што била ученик на INEPO-програмата, воедно била повеќекратно одликувана со признанија за нејзините постигнувања (2010, Silver Medal in Chemistry in the 18th International Olympiad INEPO, Turkey, Publication - Cleaning of industrial acid waste water with human hair. Book of Projects“). Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Хасан Приштина” во Приштина, каде што дипломирала во 2018 година со просечен успех 8,11. Од декември 2023 година е во редовен работен однос на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје. Специјализацијата по детска и адолесцентна психијатрија ја започнала во март 2024 година, и во тек на специјализацијата, како и во тек на волонтирањето на Универзитетската клиника за психијатрија, редовно учествува во едукативните активности, вклучувајќи предавања, конгреси, симпозиуми, семинари и психијатриски секции. Кандидатката активно се служи со германскиот јазик, потврдено со уверение од Гете-институтот за познавање на јазикот на B2-ниво.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во странство до 3 месеци: не.

**Наставно-образовна дејност**

Од декември 2023 година, д-р Ереблине Хоџа Јусуфи е активно вклучена во организацијата и во едукативниот дел на настани во соработка со Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ереблине Хоџа Јусуфи е активно вклучена во научноистражувачката работа на Клиниката за психијатрија, на која работи. Била учесник во научноистражувачкиот проект „IMPULSE Mapping mental health care for children, adolescents and young people in North Macedonia: Focus on the health sector“.

Го има пријавено следниов труд:

Jovchevska M., Hoxha E., Nuhiju B., Gjinoska J. Neurodevelopmental and Psychiatric Chalenges in female Adolescents wit Turner Syndrome, International Case Report Congress, Skopje, 5-7 April, Jurnal of The Macedonia Medical Association, Book of Abstracts:181.

**Учество во национален/меѓународен научен проект**

1. Учесник во националниот проект „IMPULSE Mapping mental health care for children, adolescents and young people in North Macedonia: Focus on the health sector“.

# ОБРАЗЕЦ 1
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ереблине Хоџа Јусуфи**
**Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија, Медицински факултет – Скопје**
**Научна област:** **ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалу 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,11. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: германски јазик<br>2. Назив на документот: Goethe-Zertifikat (ниво B2)<br>3. Издавач на документот: Goethe Institut, ALTE, Prishtina<br>4. Датум на издавање на документот: 15.12.2022 година | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Ана Филипче, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на д-р Симона Кочоска Крстевска и д-р Ереблине Хоџа Јусуфи.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките, Комисијата заклучи дека д-р Симона Кочоска Крстевска и д-р Ереблине Хоџа Јусуфи поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Психијатрија и медицинска психологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Симона Кочоска Крстевска и д-р Ереблине Хоџа Јусуфи да бидат избрани во звањето асистент по предметот Психијатрија и медицинска психологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Ана Филипче, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха” на 2.9.2024 година, за избор на 3 асистенти по предметот Гинекологија и акушерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-4660/22, донесена на 25.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Ливринова, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Анета Сима, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Кристина Скепаровска, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 3 асистенти по предметот Гинекологија и акушерство, во предвидениот рок се пријави: д-р Елена Верушевска.

**Д-р Елена Верушевска**
**Биографски податоци и образование**

Д-р Елена Верушевска е родена на 14.8.1996 година во Струга. Средно образование завршила во средното стручно училиште „Нико Нестор“, здравствена струка, во Струга, каде што завршила со одличен успех и истата година се стекнала со лиценца за работа како медицинска сестра. Во рамки на средношколската размена била еден месец во Нитра, Словакија. Во тек на средношколскиот период била активен член на студентскиот комитет, била лидер на Млади при Црвен крст Струга, каде што зад себе има бројни успешни проекти и сертификати. Исто така, учествувала во државни натпревари по предметите Биологија, каде што освоила второ место, и Англиски јазик, каде што освоила прво место.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2015 година, а студиите ги завршила во 2021 година со просечна оценка 8,92.

Од 2017 до 2020 година била национален партнер координатор при Македонската медицинска студентска асоцијација (ММСА), преку која вршела бројни проекти и активности во РС Македонија, како и ја претставувала неа во бројни интернационални конгреси на IFMSA (International Federation of Medical Students Association) надвор од државата.

Стручниот испит во Лекарската комора на Македонија го положила на 17.1.2022 година и се здобила со лиценца за работа која е со важност до 17.1.2028 година.

Од 8.3 до 8.9.2022 г. работела како доктор на општа медицина во ЈЗУ Здравствен дом на Скопје – Итна медицинска помош, каде што активно учествувала во изведувањето на работните обврски, кои ги извршувала стручно,

квалитетно, навремено, професионално и дисциплинирано, почитувајќи ги организацијата и деловната активност.

Во периодот од 6.6.2022 до 10.7.2023 била дел од Фудбалската федерација на Македонија како доктор на општа медицина, во женски фудбал. Била дел од многу државни, меѓународни и балкански првенства кои се одвивале во Србија, Албанија, Бугарија, Кипар, Турција, Португалија, Грузија и Италија и учествувала на многу конгреси и обуки, од кои се издвојува UEFA – Medical symposium Frankfurt, 2023.

Специјализација по гинекологија и акушерство ја започнала на 17.10.2022 година. На Клиниката за гинекологија и акушерство се вработила на 15.2.2024 година, каде што работи и сега.

Елена Верушевска одлично го владее англискиот јазик и поседува сертификат од University of Cambridge – level 1 certificate in ESOL international – FCE (First certification in English) во Скопје, со број на сертификат: 0041071054, со број на акредитација: 500/2705/0 од 29.7.2013 година дека го познава англискиот јазик на ниво на Б2.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, до денот на пријавата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Елена Верушевска е учесник во научноистражувачкиот проект: **Следење на ефикасноста на озонирано маслиново масло локално аплицирано при HPV-инфекција,** кој е започнат во 2024 година и е во тек.

Д-р Елена Верушевска е автор и коавтор на научни и стручни трудови објавени во домашни и странски списанија, како и на трудови презентирани на домашни и странски интернационални конгреси:

- Сертификат за освоено 3. место на првата конференција за приказ на случаи, организирана од Македонската медицинска асоцијација, со презентација под наслов: **Редок случај на конкомитантна саркоидоза на тироидната жлезда и пулмонална саркоидоза, Елена Маркоска**, Синиша Стојаноски, 15 – 16.12.2018.
- Certificate for third place in the case report session at the 42 International medical scientific congress with the scientific paper entitled: „**Unilateral absence of left pulmonary artery (UAPA) with ventricular septal defect (VSD) presented on newborn** “ **Elena Markoska**, Konstandina Kuzevska-Maneva, 24-27.05.2021.
- 1st congress of southeast European forum for HPV 10-12 November 2023 „**Correlation between Clinical and pathohistological diagnosis in patients with verified HPV infection** at University Clinic for Gynecology and Obstetrics of Republic of North Macedonia “ Ass.Dr.Eva Sozovska Belchovska, Dr Eva Palchevska, **Dr.Elena Verushevska**, Dr.Jovana Topencharova P. Dr. Tamara Tanevska, Dr.Vjosa Xhaferi Mazllami, Dr.Ana Spirkoska, Dr. Andrijana Shterjovska.
- 1st congress of southeast European forum for HPV 10-12 November 2023 „**Correlation between HPV infections and premalignant lesions of the uterine cervix on our population** “ Jadranka Georgievska, Eva Palchevska, **Elena Verushevska,** Jovana Topencarova Paunkoska, Tamara Tanevska.

- Journal of Macedonian medical association – international case report congress: “**Antenatal diagnosis of thoracopagus conjoined twins**” Katerina Nikoloska **Elena Verushevska**; Ivo Kjaev; Elena Dzikova; Valentina Tofilovska; Iva Malahova; Josif Gjoreski; Andrijana Sterjovska 05-07.04.2024.
- Journal of Macedonian medical association – international case report congress: “**Cystadenoma mucinosum in pregnant patient” Elena Verushevska,** Bekim Elezi, Goran Kocoski, Pajtim Asani, Romir Kadriu, Nezhla Sabani, Ajla Sabani 05-07.04.2024.
- Journal of Macedonian medical association – international case report congress: “**A case of mitotically active cellular fibroma of the ovary preoperatively misdiagnosed as uterine leyiomyoma**” Radmila Ristoska, Vlatko Gjirevski, Ivana Kijajova, Jelena Golubovikj, Dubravka Martinoska, **Elena Verushevska**, Tamara Tanevska, Onur Dika 05-07.04.2024.
- Journal of Macedonian medical association – international case report congress: **“Successful management of Trombocytosis in pregnancy following splenectomy”** Tamara Tanevska; Kristina Blazeva; Albina Bejta; Onur Dika; **Elena Markoska** 05-07.04.2024.

### Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Елена Верушевска, од почетокот на специјализацијата, активно учествува во изведувањето на континуирани амбулантни прегледи и дежурства на УГАК. Исто така, асистира при хируршки интервенции во хируршките сали. Покрај ова, работи со стационарни болни, каде што е непосредно одговорна за нивното лекување.

Има учествувано активно на повеќе семинари, симпозиуми и работилници, за кои се има стекнато со соодветни сертификати. Исто така, има остварено бројни едукации и учество на секциски и стручни состаноци, за кои поседува сертификати.

ОБРАЗЕЦ 1

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Елена Војо Верушевска
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство
**Научна област:** ***гинекологија и акушерство***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,92. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик, ниво B2<br>2. Назив на документот: Cambridge ESOL Level 1 Certificate in ESOL international – FCE (First certificate in English)<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: 29.7.2013 година | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Доц. д-р Весна Ливринова, с.р.
2. Доц. д-р Анета Сима, с.р.
3. Доц. д-р Кристина Скепаровска, с.р.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на пријавената кандидатка д-р Елена Верушевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Елена Верушевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, **д-р Елена Верушевска** да биде избрана во звањето **асистент** по предметот Гинекологија и акушерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Доц. д-р Весна Ливринова, с.р.
2. Доц. д-р Анета Сима, с.р.
3. Доц. д-р Кристина Скепаровска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АСОЦИРАНОСТ НА ГЕНСКИ ПОЛИМОРФИЗМИ НА МАТРИКС МЕТАЛОПРОТЕИНАЗА – 1, НА МАТРИКС МЕТАЛОПРОТЕИНАЗА – 9 И НА АЗОТЕН ОКСИД СИНТЕТАЗА – 3 СО КОРОНАРНАТА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАЈ ПОМЛАДА ПОПУЛАЦИЈА“ ОД АС. Д-Р МАРЈАН БОШЕВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 10.12.2024 г., по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, а врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019 г.) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), донесе Одлука за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатот ас. д-р Марјан Бошев со наслов: „Асоцираност на генски полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада популација“, во состав: академик проф. д-р Сашко Кедев (претседател), н. сов. д-р Светлана Станковиќ (ментор), проф. д-р Христо Пејков (член), проф. д-р Јорго Костов (член) и проф. д-р Сашо Панов (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Марјан Бошев, со наслов „Асоцираност на генски полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада популација “, содржи 104 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со вклучени 79 литературна единица, 24 табели и 26 графикони.

Трудот е структуриран во 8 глави: Вовед, Мотив, Цели, Материјал и методи, Статистичка обработка, Резултати, Дискусија и Заклучок. Списокот на користена литература се наоѓа на крајот од дисертацијата во главата „Референци“. Најнапред е изложена табела на користени кратенки и акроними. На почетокот на текстот е приложен апстракт на македонски и на англиски јазик. Составните делови на текстот се издвоени во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава – **воведот** на докторскиот труд – е организиран во 4 составни целини во кои се изложени литературниот преглед и теоретските аспекти на докторската студија.

Кандидатот на самиот почеток наведува дека коронарната артериска болест (КАБ) претставува една од главните причини за морбидитет и морталитет на светско ниво и покрај сигнификантниот прогрес во поставувањето на дијагнозата и тераписките модалитети. Инциденцата на КАБ кај помлада популација во литературата е релативно ниска и изнесува 2 – 10 %. Според најновите сознанија, КАБ претставува комплексно заболување кое со должи на меѓусебна интеракција на бројни, таканаречени традиционални ризик фактори и коморбидни состојби од една страна (како што се дислипидемијата, пушењето цигари, дебелината, дијабетесот, артериската хипертензија) и генетските фактори од друга страна. Некои автори ја дефинираат КАБ како едно комплексно генетско заболување кое не ги следи принципите на Менделово наследување, туку наследувањето се должи на мултипни генетски варијанти

(полигенетско заболување) кои делуваат синхронизирано со факторите на околината и животниот стил во промоција на ова заболување.

Ас. д-р Бошев понатаму кусо се осврнува на патогенетските механизми на настанување на КАБ, наведувајќи дека основниот патогенетски механизам на настанување на КАБ се должи на атеросклерозата, но дека исто така постојат и неатеросклеротични причини, односно механизми. Главната улога во појавата на атеросклерозата ја поврзува со нарушената функција на васкуларниот ендотел односно ендотелната дисфункција. А ендотелната функција е генетски одредена и детерминирањето на некои видови генски полиморфизми може сигнификантно да влијае врз неа. Од неатеросклеротичните причини, односно механизми за КАБ, кандидатот наведува повеќе, меѓу кои инфламацијата, траумата, метаболитичките, пролиферативните процеси, функционалните нарушувања на коронарното стебло (коронарниот вазоспазам), коронарната емболија, спонтаната коронарна дисекција, понатаму конгениталните аномалии на коронарните артерии, хиперкоагулабилните состојби и тромбофилијата итн. Секако дека не треба да се заборават и состојбите поврзани со зависност од алкохол, опојни дроги и психотропни супстанции (кокаин, метамфетамин, марихуана), како и улогата на псхосоцијалниот стрес во развојот на кардиоваскуларните заболувања.

Во понатамошниот текст од воведот, ас. д-р Марјан Бошев концизно, прецизно и јасно ја опишува дијагнозата на КАБ, истакнувајќи дека ако се работи за акутен коронарен синдром, дијагнозата обично не е тешка, додека, пак, кај хроничниот коронарен синдром може да постојат одредени диференцијално-дијагностички тешкотии со оглед на релативно ретката ваква манифестација на КАБ кај помлада популација.

Во следната составна целина насловена како „Ангиографски карактеристики на акутниот коронарен синдром“, кандидатот кратко се осврнува на ангиографските карактеристики на акутниот коронарен синдром кај помлада популација, наведувајќи дека таму има помалку екстензивна КАБ и дека многу често е присутна едносадовна болест. Притоа, тој наведува дека најголемиот дел од случаите на акутен миокарден инфаркт (АМИ) кај помлада популација се должат на руптура на плака (60 – 65 %), додека во значајно помал процент се застапени интактна фиброзна капа или ерозија на плака, а преостанатите 10 – 11 % имаат етиологија која не е базирана на плака и тоа вклучува спонтана коронарна артериска дисекција (SCAD), коронарна емболија или микроваскуларна дифункција. Механизмот на настанување на АМИ може да се расветли со користење на понапредни визуелизациони методи како што се интраваскуларниот ултразвук (IVUS) и оптичката кохерентна томографија (OCT).

Во последната составна целина од воведот, кандидатот ги обработува генетските основи на коронарната артериска болест. Овде ас. д-р Марјан Бошев констатира дека расветлувањето на генетските детерминанти на КАБ останува проблематично и тешко делумно заради инволвираноста на мултипни гени, но и заради фактот што секој поединечен ген има само минорен ефект врз фенотипот. Понатаму тој пристапува кон дефинирање на некои основни генетски поими како ген, генски алел, локус, алелна фреквенца, генотип, генска мутација и генски полиморфизам, односно единечен нуклеотиден полиморфизам. Тој смета дека од огромно значење за расветлување на сложената генетска архитектура на КАБ е фактот што различни генски локуси детерминираат различни процеси и механизми, и тоа за липидниот метаболизам, процесите на коагулација и тромбоза, инфламација, клеточна атхезија, трансендотелна миграција, клеточна пролиферација и васкуларно/ткивно ремоделирање како и васкуларен тонус и сигнализација со азотен оксид. Она што е особено индикативно е што голем број утврдени генски полиморфизми кај помлада популација со КАБ се наоѓаат во непосредна близина или се лоцирани во самите гени кои не се поврзани со липидниот метаболизам и коагулационите механизми, туку со инфламаторниот одговор и процесите на ткивно одржување и ремоделирање.

Во понатамошниот текст, кандидатот ги прецизира трите генски полиморфизми кои, всушност, се предмет на самото истражување кај помлада македонска популација во докторската дисертација, и тоа: генскиот полиморфизам -1607 1G/2G (rs1799750) на матрикс-металопротеиназа-1 (MMP-1), генскиот полиморфизам C-1562T (rs3918242) на матрикс-металопротеиназа-9 (MMP-9) (и двата инволвирани во процесите на ткивно одржување и ремоделирање) и генскиот полиморфизам на ендотелната азот оксид синтетаза (eNOS T-786C, E298D, rs2070744) којшто ја детерминира продукцијата на NO и ендотелната функција. Потоа следи краток осврт кон улогата на MMP и нивните ткивни инхибитори (TIMP) во процесите на

ткивно одржување, ремоделирање и деградација на екстрацелуларниот матрикс. Понатаму, ас. д-р Марјан Бошев дава поопсежна елаборација на секој од претходно наведените генски полиморфизми – предмет на истражувањето.

Така, генскиот полиморфизам MMP-1 -1607 1G/2G претставува единечна нуклеотидна варијанта (SNP) лоцирана на позицијата 1607 во промоторниот регион на генот за MMP-1 лоциран на хромозомот 11q22-q23. Полиморфизмот се состои од инсерција на еден нуклеотид гванин (G) во наведената позиција со што се создаваат два соседни гванина и секвенцата се продолжува за еден нуклеотид. Во дивиот тип алел постои само еден гванин (1G), додека, пак, кај варијантниот алел се наоѓаат два гванина (2G) на позицијата 1607 во регионот на неговиот промотор. Крајниот протеински продукт на овој ген е цинк-зависна протеиназа (колагеназа – 1), која има важна улога во процесите на разложување и ремоделирање на екстрацелуларниот матрикс. Се смета дека оваа инсерција доведува до зголемена транскрипциска активност на генот што резултира со поинтензивно ензимско разложување на колагенот и други компоненти на екстрацелуларниот матрикс. Вака зголемената ензимска активност има улога кај широк опсег на клинички заболувања, меѓу кои и КАБ и АМИ.

Вториот генски полиморфизам од интерес е C-1562T на MMP-9. MMP-9 може да е особено важен во процесот на деградација на матриксот и супсеквентна руптура на атеросклеротичната плака бидејќи има висока специфичност за супстратот и висока експресија во вулнерабилните региони на атеросклеротичната плака. Ас. д-р Марјан Бошев наведува дека токму заради тоа генетската анализа на овој генски полиморфизам е исклучително битна за истражување асоцираност со КАБ. Станува збор за генетски полиморфизам кој се состои од мутација на цитозин (C) во тимин (T) на позиција 1562 од промоторниот ген за MMP-9 лоциран на хромозомот 16q13 што може да го афектира нивото на експресија на MMP-9. Кандидатот наведува дека постојат бројни студии на случаи и контроли како и систематски прегледи кои се однесуваат на овој полиморфизам и КАБ, но заклучоците се инконзистентни.

Последниот генски полиморфизам кој е предмет на истражување во оваа докторска дисертација е eNOS T-786C, еден од обата најчесто истражувани полиморфизма, асоциран со функцијата на ендотелната NO синтетаза (eNOS), а со тоа индиректно и со продукцијата на NO. Станува збор за SNP во промоторниот регион од генот за eNOS (NOS3) локализиран на 7q35-q36 хромозомот којшто се состои од замена на тимидинот со цитозин во нуклеотидот -786 (T-786C) за којшто е докажано дека ја редуцира активноста на промоторот за 50 %. Кандидатот наведува дека атеросклерозата резултира од нарушена ендотелна функција што се припишува главно на нарушена продукција на NO, важен релаксирачки фактор со потекло од ендотелот. NO се синтетизира преку реакција која вклучува конверзија на L-аргинин во L-цитрулин катализирана со eNOS која претставува една од трите изоформи на ензимот. Инаку, NO претставува вазоактивна супстанца и главен медијатор на ендотел-зависната вазодилатација. Тој по пат на дифузија навлегува од ендотелот кон мазните мускулни клетки и ја зголемува концентрацијата на цикличниот гванозин монофосфат (cGMP) преку стимулација на солубилната гванилат циклаза што доведува до васкуларна релаксација. Освен тоа, NO доведува и до инхибиција на тромбоцитната агрегација, супресија на леукоцитна атхезија кон васкуларниот ендотел и редукција на пролиферацијата и миграцијата на васкуларните мазни мускулни клетки. Оттука, кандидатот смета дека нарушената продукција на NO би довела до компромитирање на сите овие позитивни ефекти и појава на ендотелна дисфункција. Според изложеното во оваа дисертација, досегашните студии покажале дека овој полиморфизам (eNOS T-786C) бил асоциран со зголемен ризик за коронарен артериски вазоспазам кај одредени популации (на пр. Јапонци), зголемен ризик за појава на КАБ и АМИ, а претставувал и ризик-фактор за развој на хипертензија.

Во следната посебна глава наведен е и **мотивот** за изработката на докторската дисертација. Кандидатот во ова поглавје констатира дека во текот на долгогодишната клиничка пракса во областа на кардиологијата дошол до сознание дека кај млада популација со потврдена КАБ најчесто отсуствуваат т.н. традиционални или класични ризик-фактори за развој на КАБ кои вообичаено се присутни кај повозрасната популација. Оттука потекнала и претпоставката дека би можело да се работи за одредени генетски фактори кои сигнификантно го зголемуваат ризикот за развој на КАБ. Мотивот за ова истражување произлегол од желбата да се истражат и расветлат одредени генетски основи во развојот на коронарната артериска болест кај млада популација, особено во услови на отсуство на веќе познатите ризик-фактори за неа. Дополнително, мотивот

бил засилен и со фактот што ова генетско истражување би било прво од ваков вид што ќе се спроведе на млада популација до 45 години во Македонија.

**Целите на трудот** се третата глава на докторската дисертацијата. Ас. д-р Марјан Бошев истакнува дека основната цел на докторската студија е да се определи постоењето на генетска асоцијација на три генски полиморфизми со коронарната артериска болест кај помлада популација пациенти. Подетално, специфичните цели на студијата се:

1. да се утврдат генотипските и алелните фреквенции на генските полиморфизми на MMP, конкретно MMP-1 -1607 1G/2G и MMP-9 C-1562T, како и на ендотелната азот-оксид синтетаза eNOS T-786C кај испитаници со ангиографски докажана сигнификантна КАБ до 45 годишна возраст (испитувана група) наспроти испитаници на иста возраст со уреден ангиографски наод или ангиографски наод без сигнификантни коронарни лезии (контролна група),
2. да се споредат генотипските и алелните фреквенции на наведените генски полиморфизми помеѓу испитуваната и контролната група испитаници,
3. да се утврди дали постои сигнификантна асоцијација на некој од наведените генски полиморфизми со КАБ, и
4. да се утврди дали постои корелација помеѓу комбинациите на кои било од испитуваните генски полиморфизми која сигнификантно ја зголемува веројатноста за појава на КАБ кај млади лица.

Во четвртата глава, **Материјал и методи**, опишани се типот и дизајнот на студијата, испитуваната популација, критериумите за вклучување и исклучување, клиничките испитувања, постапката на земање примероци крв, молекуларно-генетските анализи, како и дефиниции на најчестите термини поврзани со КАБ и ризик-факторите за КАБ.

Ас. д-р Марјан Бошев наведува дека оваа моноцентрична, опсервациска и генетско-асоцијативна студија на случаи и контроли се изведуваше во ЈЗУУ Клиника за кардиологија во соработка со Лабораторијата за молекуларна биологија и геномика при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје во период од 2 години.

Во студијата се анализирани демографските, клиничките, лабораториските и генетските податоци на испитувана хиперселективна група од 40 учесници (пациенти) со ангиографски детектирана сигнификантна КАБ (позитивен ангиографски наод) на возраст од 18 до 45 години и на контролна група од 40 учесници (пациенти) на иста возраст со ангиографски уреден наод или наод без сигнификантни лезии на коронарните артерии (негативен ангиографски наод).

Регрутирањето и селекцијата на учесници во студијата се изврши проспективно со примена на критериуми за вклучување (инклузиони критериуми) и исклучување од студијата, односно невклучување во студијата (ексклузиони критериуми). Критериумите за вклучување во студијата опфатија: потпишана информирана согласност за учество во студијата, лица од машки и женски пол на возраст од 18 до 45 годишна возраст и направена коронарна ангиографија врз основа на претходно поставена медицинска индикација. Од друга страна, критериумите за исклучување (ексклузиони критериуми) од студијата опфатија: лица со ДМ тип 1 или ДМ тип 2, лица со артериска хипертензија, лица со дислипидемија, лица со валвуларни болести, лица со кардиомиопатии, лица со вродени срцеви мани, лица со активна малигна болест, лица со акутни или хронични инфламаторни или инфективни болести/состојби, бремени жени, како и лица кај кои постои релативна или апсолутна контраиндикација за коронарна ангиографија и/или перкутана коронарна интервенција. Кандидатот посебно потенцира дека во студијата можат да бидат вклучени учесници кои се пушачи и/или имаат покачен индекс на телесна маса (BMI > 25 $kg/m^2$).

Што се однесува до клиничките испитувања, ас. д-р Марјан Бошев наведува дека за секој учесник во клиничката студија беа земени детални податоци за возраста, тежината, висината, индексот на телесна маса (BMI), крвниот притисок и пулсот, како и комплетна анамнеза и сегашен статус според принципите на клиничката пропедевтика. Кај сите учесници, исто така, била направена коронарна ангиографија (врз основа на претходно поставена клиничка индикација) со или без перкутана коронарна интервенција и стентирање (ПКИ/стентирање). Оваа процедура се изведувала на апаратите за ангиографија во ЈЗУУ Клиника за кардиологија – Скопје.

Во понатамошното излагање опишана е постапката на земање примероци крв од пациентите (учесниците во студијата) потребна за рутински лабораториски испитувања и за молекуларно-генетски испитувања. Овде кандидатот потенцира дека за да се добие примерокот крв за планираните молекуларно-генетски испитувања не се вршела засебна венепункција, туку примерокот крв бил земен во истиот акт на земањето крв за рутински лабораториски испитувања. Од рутинските лабораториски испитувања биле одредени: крвна слика, гликемија, липиден статус, CRP, HbA1c, креатинин и тропонин (hs-Tn I). Земањето на примероците крв кај сите учесници (вклучително и на оние со акутен коронарен синдром) било извршено без одложување, непосредно по хоспитализацијата, а пред планираната коронарна ангиографија. Рутинските лабораториските анализи на крв биле изработени во ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија – Скопје.

Молекуларно-генетските испитувања на учесниците се направени во Лабораторијата за молекуларна биологија и геномика при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет, УКИМ во Скопје. За реализација на молекуларно-генетските испитувања, кај секој учесник во студијата по претходна согласност била земена вкупно 3 ml венска крв со антикоагулант (динатриумова сол на етилен диамин тетраацетат – Na-EDTA) по пат на венепункција како дополнение на рутинската постапка на земање венска крв за лабораториски анализи. Геномската ДНК е изолирана од секој примерок крв со методот на исолување со натриум хлорид, екстракција со хлороформ и последователна преципитација со етанол (Gemmell и Akiyama, 1996). Кај сите учесници во студијата се определени генотиповите на следните генски полиморфизми: MMP-1 -1607 1G/2G (rs1799750) во генот MMP-1, потоа MMP-9 -1562 C>T, познат и како C1562T (rs3918242) во промоторниот регион на генот MMP-9, како и полиморфизмот eNOS -786 T>C, познат и како E298D (rs2070744) во промоторниот регион на генот за ендотелната азот-оксид синтетаза eNOS.

Генотиповите на полиморфизмите MMP-1 -1607 1G/2G (rs1799750) и eNOS -786 T>C (rs2070744) се определени со полимеразно-верижна амплификација во реално време (RT-PCR) користејќи TaqMan-флуоресцентни сонди со нуклеотидна секвенца која е специфична за амплифициран регион од соодветниот ген, на 5'-крајот обележани со флуоресцентниот обележувач FAM или VIC, додека на 3'-крајот со изоледувачот NFQ. Амплификабилноста на примероците е проверена со PCR амплификација на регион од генот за β-глобин. Олигонуклеотидните прајмери и на TaqMan-сондите се нарачани од фирмата Thermo-Fisher Scientific. Амплификацијата и отчитувањето на флуоресценцијата во реално време е извршено со инструментот StepOne RT-PCR System (Applied Biosystems), а отчитаните криви и добиените податоци се обработени со истоимениот софтвер StepOne кој е интегрален дел од системот. Определувањето на генотиповите на овие два генски полиморфизма е вршено со методот на алелна дискриминација, односно со генотипизација при завршна точка (end point) на амплификацијата.

Генотиповите на полиморфизмот MMP-9 -1562 C>T (rs3918242) се определени со рестрикциска дигестија на амплификатите од генот MMP-9. Накусо, по PCR-амплификацијата, извршена е дигестија со рестрикциската ендонуклеаза SphI (New England Biolabs) во сув термален блок на 37°C во текот на 24 часа. Дигестиските фрагменти се раздвоени со хоризонтална електрофореза во 2 % агароза. Должината на недигестираниот ампликон беше 662 базни парови (bp). Кај примероците со хомозиготниот генотип CC ампликонот останувашe недигестиран и при електрофорезата постоеше само една флуоресцентна лента со должина од 662 bp. Кај хомозиготниот генотип TT, ензимската дигестија резултираше со појава на две ленти со должина од 469 и 193 bp, додека кај хетерзиготниот генотип CT имаше три ленти со должина од 662, 469 и 193 bp.

Студијата е опсервациска и не ги изложила учесниците на каков било ризик или нуспојави. Притоа, не биле променети постојните постапки и техники за дијагностика, лекување, како и клиничко и лабораториско следење на пациентите во каква било форма, па оттука не постојат какви било етички дилеми. Примерокот венска крв (како за анализа на крвна слика) бил единствен биолошки материјал кој бил колектиран од учесниците.

Учесниците биле регрутирани на ЈЗУУ Клиника за кардиологија во Скопје, по претходно обезбедена и потпишана согласност од секој пациент, како и со одобрение од Етичката комисија при Медицинскиот факултет во Скопје.

На крајот од оваа глава, кандидатот се осврнува кон дефинирање на најчестите термини поврзани со КАБ и ризик-факторите за КАБ, како што се коронарната ангиографија, сигнификантната КАБ, односно позитивниот ангиографски наод, негативниот ангиографски наод, тивката исхемија, типичната стабилна ангина пекторис, акутниот коронарен синдром без СТ-сегмент елевација, нестабилната ангина пекторис, миокардниот инфаркт без СТ-сегмент елевација, понатаму дефинирање на категоријата лица со ДМ тип 1, односно тип 2, категоријата лица со артериска хипертензија, како и категоријата лица со дислипидемија.

Во петтата глава, **Статистичка обработка,** ас. д-р Марјан Бошев ги елаборира применетите базични и напредни статистички методи за обработка на податоците од истражувањето.

Статистичките анализи се вршени со споредба на фреквенциите на генотиповите и алелите на секој од генските полиморфизми кај испитуваната и кај контролната група пациенти. Применувани се и дескриптивни статистички методи за приказ на податоците од испитуваните пациенти и контроли. Нормалната дистрибуција на нумеричките вредности е определена со Shapiro-Wilk-тестот. Параметриските вредности со нормална дистрибуција се анализирани со двонасочниот Студент-ов t-тест, додека при отстапувања од нормалната дистрибуција на вредностите на соодветниот параметар е користен непараметрискиот Mann-Whitney U-тест. Континуираните лабораториски вредности се споредени меѓу испитуваната и контролната група со анализа на варијансата (ANOVA). Со оглед на тоа што е утврдено дека нема статистички значајни разлики во однос на полот и вораста меѓу двете групи, не е вршено прилагодување во однос на овие параметри кај ANOVA-тестот.

Генетската асоцијација на фреквенциите на генотиповите и алелите на испитуваните генски параметри со сигнификантната коронарна артериска болест кај пациенти помлади од 45 години е евалуирана со користење на генотипскиот, доминантниот, рецесивниот, хетерозиготниот и супердоминантниот модел, додека споредбата на алелните фреквенции е спроведена со алелниот и адитивниот модел. За таа цел се користени непараметрискиот Pearson-ов Chi-квадрат тест и Fisher-овиот егзактен тест, како и Cochran-Armitage тренд-тестот. За статистички значајна вредност е земена вредноста на $p<0,05$.

Од поврзаноста на сигнификантната КАБ со испитуваните генски полиморфизми пресметан е и веројатносниот индекс - односот на шанси (odds ratio, *OR*) во интервалот на доверливост CI (confidence interval) од 95%. Дизајнот на оваа студија (случаи и контроли) не дозволува пресметување на односот на ризик (risk ratio или *RR*).

Понатаму, генотипските фреквенции на испитуваните генски полиморфизми се испитувани поединечно, за поврзност со коронарната артериска болест со користење на мултиваријантната логистичка регресиона анализа. Подобноста на податоците за спроведување на логистичка регресија е првично проценета со Hosmer-Lemeshow-тестот. Со логистичката анализа се конструирани и модели за предикција на секој од полиморфизмите на појавата на коронарната артериска болест. Успешноста на користениот модел според логистичката регресија во предикцијата на КАБ е проценуван според ROC-кривата (од анг. receiver operating characteristic, ROC Curve). Квантитативната мерка на успешноста на моделот за предикција на бинарните класи според генотипските или алелните фреквенции, односно нивните комбинации, е вредноста на површината под ROC-кривата (AUC, од анг. area under curve).

Вредноста на AUC меѓу 0,7 до 0,9 значи дека моделот е добар, а во биомедицинските науки, генерално се прифатливи вредностите на AUC повисоки од 0,750.

Добиените податоци од генотипизација на предвидените генски параметри кај ДНК примероците од секој пациент се користени и за популациско-генетски анализи. За проценка на Харди-Вајнберговата рамнотежа, определени се испитуваните, наспроти очекуваните фреквенции на алелите и генотиповите.

Статистичките пресметки се вршени со користење на софтверите XLSTAT 2016 и Statistica v. 13.5, додека за популациско-генетските анализи е користен софтверскиот додаток GenAlEx 6.51b2.

**Резултатите** од студијата се опишани во шестата глава. На почетокот, ас. д-р Бошев наведува дека е направена анализа на податоците и примероците од вкупно 80 пациенти поделени во две групи: 1. испитувана група (група на испитаници, група со позитивен

ангиографски наод), која е составена од 40 лица со ангиографски докажана сигнификантна КАБ кај испитаници до 45-годишна возраст; и 2. контролна група (група со негативен ангиографски наод) исто така составена од 40 лица на возраст до 45 години, но со уреден ангиографски наод или со ангиографски наод без сигнификантни коронарни лезии. Селекцијата на испитаниците во двете групи е извршена согласно со претходно дефинираните критериуми за вклучување (инклузиони критериуми) и исклучување (ексклузиони критериуми) во студијата.

Од вкупните социо-демографски и клинички податоци, анализирани се полот, возраста, местото на живеење, историјата на пушење, телесната висина, телесната тежина, индексот на телесна маса (BMI), понатаму релевантните анамнестички податоци (фамилијарна анамнеза за КАБ, претходен ЦВИ, претходен МИ, претходна перкутана коронарна интервенција со или без стентирање), артерискиот крвен притисок и пулсот, ехокардиографски детерминиранат левовентрикуларна истисна фракција (LVEF), клиничката индикација за коронарографија (АПС и АКС, односно НСТЕМИ, СТЕМИ), како и ангиографските податоци (садовност на КАБ, инфарктна (“culprit”) артерија и општиот ангиографскиот наод. Покрај дескриптивната статистичка обработка на овие податоци, исто така е направена и анализа на разликата во вредностите на секој параметар помеѓу испитуваната и контролната група, освен кај оние параметри кои не се применливи кај контролните пациенти без сигнификантна КАБ.

Од геномската DNA изолирана од примероците на венска крв од сите пациенти се определени генотиповите на полиморфизмите: полиморфизмот -1607 1G/2G (rs1799750) во генот MMP-1, полиморфизмот -1562 C>T (rs 3918242) во промоторниот регион на генот MMP-9, како и полиморфизмот -786 T>C (rs2070744) во промоторниот регион на генот за ендотелната азот-оксид синтетаза eNOS. Со споредба на генотипските и алелните фреквенции на наведените генски полиморфизми помеѓу испитуваната и контролната група лица е испитувано постоењето на генетска асоцираност со КАБ.

Во поглед на половата дистрибуција, испитуваната група е составена од вкупно 40 испитаници од кои 30 (75,00 %) беа машки, а 10 (25,00 %) женски лица. Од прикажаните резултати е евидентно дека постои 3 пати повисока застапеност на машкиот пол. Кај контролната група испитаници има скоро идентична дистрибуција по пол како и кај испитуваната група и тоа 31 машки (77,50 %) и 9 женски (22,50 %) индивидуи што, пак, укажува на добро урамнотежена дистрибуција на обата пола која е важна за понатамошните споредби. Истото е потврдено со статистичката анализа спроведена со Хи-квадрат тестот, кој покажа отсуство на статистички сигнификантни разлики во дистрибуцијата по пол помеѓу двете групи пациенти ($p>0,05$).

Понатаму, просечната возраст на испитуваната група лица со сигнификантна КАБ во оваа студија изнесуваше 38,30 години (стандардна девијација ±5,57), додека просекот на контролната група изнесуваше 39,78 години (±4,02). Минималната и максималната возраст на пациентите изнесува 22 и 45 кај испитуваната група, односно 33 и 45 кај контролната група, соодветно. Од прикажаните хистограми може да се забележи дека постојат разлики во возрасната дистрибуција меѓу обете групи. Според двонасочниот Mann-Whitney-тест, овие разлики се статистички несигнификантни ($p>0,05$). Тоа е важно за натамошните споредби меѓу овие две групи.

Во испитуваната група доминираат лица кои живеат во урбана средина (82,50 %) наспроти на село (17,50 %). Овие проценти се разликуваат кај контролната група, но и понатаму доминираат лица кои живеат во град (70,00%), наспроти село (30,00%). Овие разлики не се статистички сигнификантни според анализата со Хи-квадрат тестот ($p>0,05$). Според податоците добиени од пациентите, консумацијата на тутун со пушење цигари е категоризирана во 4 подгрупи (непушачи, консументи на најмногу до 5 цигари/ден, на 6 до 20 цигари/ден и на повеќе од 20 цигари/ден). Од приложените податоци може да се забележи дека непушачите доминираат кај контролната група пациенти (27,50 %), наспроти лицата од испитуваната група (10,00 %). Пациентите кои се интензивни консументи на тутун со повеќе од 20 испушени цигари на ден се многу почесто застапени кај испитуваната група (50,00 %), отколку кај контролната група (30,00%). Споредбата на фреквенциите на наведените 4 подгрупи на категории во однос на пушењето цигари помеѓу двете групи пациенти покажа дека овие разлики се статистички сигнификантни според пресметките со Fisher-овиот егзактен тест ($p<0,05$). Како што може да се види од прикажаните податоци, просечните, минималните и максималните вредности на телесната висина се мошне слични кај испитуваната и контролната група на пациенти. Анализата

со параметрискиот Студентов t-тест покажа дека разликите помеѓу двете групи се несигнификантни ($p$>0,05).

Споредбата на телесната тежина помеѓу испитуваната и контролната група пациенти покажа несигнификантно повисоки просечни вредности (87,30 ± 11,30 kg) кај контролната група, наспроти 85,60 ± 15,42 kg кај испитуваната група. Минималните и максималните вредности се поекстремни кај испитуваната група (53 и 135 kg) отколку кај контролната група пациенти (67 и 115 kg), соодветно. Со статистичка анализа, користејќи го Студентовиот t-тест, се утврди дека разликите помеѓу двете групи не се сигнификантни ($p$>0,05). Од прикажаните податоци е јасно дека просечните, минималните и максималните вредности на индексот на телесната маса (BMI) се речиси идентични во популациите на испитуваната и контролната група пациенти. Анализата со Студентовиот t-тест покажа дека нема статистички сигификантна разлика во дистрибуцијата на вредностите на индексот на телесна маса (BMI) помеѓу двете групи пациенти ($p$>0,05).

Во понатамошното излагање од својата дисертација, кандидатот ги елаборира анамнестичките податоци за пациентите, при што фамилијарната анамнеза за КАБ е застапена кај 37,50 % од пациентите од испитуваната група, наспроти 20,00 % од контролната група. Сепак, оваа разлика е статистички несигнификантна според Fisher-овиот егзактен тест ($p$>0,05). Останатите релевантни анамнестички податоци се застапени само кај пациентите од испитуваната група, па оттаму, не се пресметливи споредбите со контролната група. Од овие анамнестички податоци, само 2 пациента (5,00 %) од испитуваната група пријавиле претходен цереброваскуларен инцидент. Ниту еден пациент немал историја на претходен миокарден инфаркт, ниту претходна перкутана коронарна интервенција со или без стентирање.

Просечните, минималните и максималните вредности на пулсот, систолниот и дијастолниот артериски крвен притисок се многу слични при споредба кај испитуваната и контролната група пациенти. Mann-Whitney-тестот покажа дека кај скоро сите параметри нема статистички сигнификантна разлика во дистрибуцијата на вредностите на наведените параметри помеѓу двете групи пациенти ($p$>0,05). Исклучок претставува просечната вредност на левовентрикуларната истисна фракција (LVEF) определена со ехокардиографија која е пониска кај испитуваната група (56,50%) отколку кај контролната група (62,48%), а оваа разлика е статистички сигнификантна при пресметките со истиот тест ($p$<0,05). Намалените вредности на LVEF се очекувана последица кај пациентите со сигнификантна КАБ.

Во понатамошниот текст е прикажана анализата на податоците за клиничката индикација за коронарна ангиографија (АПС и АКС, односно НСТЕМИ, СТЕМИ), како и ангиографските податоци (садовност на КАБ, инфарктна артерија и генералниот коронарен ангиографски наод) кај пациентите од двете групи. Согласно со критериумите за вклучување и исклучување на пациенти во студијата, коронарографските параметри се исклучиви кај испитуваната и кај контролната група. Оттаму, не се возможни статистички споредби за овие податоци, туку е презентирана нивна дескриптивна обработка. Клиничките индикации за коронарна ангиографија се различни кај двете групи. Кај контролната група, индикацијата била исклучително стабилна ангина пекторис кај сите пациенти (n=40), наспроти тоа, индикациите кај пациентите од испитуваната група биле: нестабилна ангина пекторис (кај 5,00 %), НСТЕМИ (17,50 %), а најзастапен бил СТЕМИ (77,50 %).

Коронарографскиот наод бил уреден кај 37,50 % или без сигнификантни лезии кај 62,50 % од пациентите од контролната група. Од тие причини, нема прикажани податоци за бројот и називот на афектираните коронарни садови кај овие пациенти. Повторно поради поставените критериуми за регрутирање во студијата, кај пациентите од испитуваната група нема уредни коронарографски наоди, ниту наоди без сигнификантни лезии. Сите пациенти од оваа група (n=40) имаат сигнификантна КАБ. Во однос на бројот на афектирани крвни садови, коронарографски е верифицирана едносадовна КАБ кај 75,00 %, повеќесадовна КАБ кај 15,00 % и двосадовна КАБ кај 10,00 % од пациентите на испитуваната група. Во однос на инфарктната артерија, левата предна десцендентна артерија (LAD) е застапена кај 45,00%, десната коронарна артерија (RCA) кај 35,00 %, потоа Cx/OM/Ri (односно циркумфлексна артерија-Cx, оптузната маргинална гранка-OM и интермедиерната гранка-Ramus-Ri) кај 12,50%, дијагоналната гранка (Diag) кај 5,00% и левото главно стебло (LM) кај 2,50% од пациентите на испитуваната група.

Анализите на податоците за хематокритот (Hct), хемоглобинот (Hgb), тромбоцитите (Plt) и брзината на проценетата гломеруларната филтрација (GFR), вкупниот холестерол (tot chol), не-

HDL-холестеролот (non-HDL-c), LDL-холестеролот (LDL-c), триглицеридите (TG), C-реактивниот протеин (CRP) и гликозилираниот хемоглобин A1 (HbA1c) помеѓу двете групи на пациенти не покажуваат статистички сигнификантни разлики во дистибуцијата на вредностите според мултиваријантната анализа на варијансата ($p>0,05$). Спротивно, вредностите на HDL-холестеролот (HDL-c) се статистички сигнификантно повисоки кај контролната група наспроти испитуваната група пациенти ($p<0,05$). Вредностите на високо сензитивниот тропонин (hs-Troponin I) се екстремно повисоки кај испитуваната група и разликата во однос на контролната група е статистички сигнификантна ($p<0,05$). Сепак, тоа е очекувана последица на обемното исхемично оштетување на кардиомиоцитите кај испитуваната група и е определено со критериумите за вклучување и исклучување во студијата.

Понатаму, кандидатот ги излага дескриптивните резултати од генотипизацијата на испитуваните генски полиморфизми MMP-1 -1607 1G/2G (rs1799750) во генот MMP-1; MMP-9 C>T, −1562 (rs 3918242) во промоторниот регион на генот MMP-9; и eNOS -786 T>C (rs2070744) во промоторниот регион на генот eNOS која е успешно извршена врз ДНК-примероците од сите 80 пациенти.

Со генотипизацијата е одреден по еден од трите генотипови на полиморфизмот rs1799750 во генот MMP-1 во секој примерок, и тоа: хомозиготен генотип (1G/1G), хетерозиготен (1G/2G) и хомозиготен варијантен генотип (2G/2G). Алелните фреквенции се определени за алелот 1G, како и за варијантниот алел 2G. Од прикажаните податоци може јасно да се заклучи дека хомозиготниот генотип 1G/1G е почесто застапен кај контролната (25,00 %) отколку кај испитуваната група (7,50 %). Хетерозиготниот генотип 1G/2G има нешто повисока фреквенција кај контролните (42,50 %) отколку кај испитуваните пациенти (37,50 %). Хомозиготните индивидуи за варијантниот генотип 2G/2G, пак, се застапени многу почесто кај испитуваната (55,00%) отколку кај контролната група (32,50 %) пациенти.

Генотипизацијата на полиморфизмот rs3918242 во генот MMP-9 овозможи да се утврди еден од трите можни генотипови во примероците, и тоа: хомозиготен генотип (CC), хетерозиготен (CT) и хомозиготен варијантен генотип (TT). Алелните фреквенции се определени за алелот C, како и за варијантниот алел T. Фреквенцијата на генотипот CC според прикажаните резултати е многу повисока кај контролната група (75,00 %) отколку кај испитуваната група со сигнификантна КАБ (47,50 %), додека спротивно, хетерозиготниот генотип CT е идентификуван речиси двојно повеќе кај испитуваната група (42,50 %) отколку кај контролната група (22,50 %). Фреквенцијата на генотипот TT е значително повисока кај испитуваните (10,00 %), во однос на контролните пациенти (2,50 %).

Генотипизацијата на полиморфизмот rs2070744 во генот eNOS овозможи да се утврди еден од трите можни генотипови во примероците: хомозиготен генотип (TT), хетерозиготен (TC) и хомозиготен варијантен генотип (CC). Алелните фреквенции се определени за алелот T, како и за варијантниот алел C. Од прикажаните податоци е сосема видливо дека фреквенцијата на хомозиготниот генотип TT е многу повисока кај контролната група (67,50 %) отколку кај испитуваната група пациенти (40,00 %). Фреквенцијата на хетерозиготниот генотип TC е речиси двојно повисока кај испитуваната група (47,50 %), во споредба со контролната група (27,50 %). Фреквенцијата на хомозиготниот варијантен генотип CC е значително повисока кај испитуваната (12,50%) во однос на контролната група пациенти (5,00 %).

Генетската избалансираност на пациентите од испитуваната и од контролната група се проверени со популациско-генетски анализи. За да се детерминира дали популациите (групите) пациенти се во Харди-Вајнбергова рамнотежа, беа пресметани опсервираните наспроти очекуваните фреквенции на трите испитувани полиморфизми, и тоа: MMP-1 -1607 1G/2G (rs1799750) во генот MMP-1, MMP-9 C>T, −1562 (rs 3918242) во промоторниот регион на генот MMP-9 и eNOS -786 T>C (rs2070744) во генот за ендотелната азот-оксид синтетаза eNOS. Пресметаните вредности на $p$ поголеми од 0,05 според Хи квадрат-тестот укажуваат на тоа дека испитуваната популација, односно група на пациенти, е во согласност со Харди-Вајнберговиот принцип на рамнотежа за испитуваниот полиморфизам. Кандидатот наведува дека популациско-генетските пресметки во однос на трите испитувани генски полиморфизми не покажале отстапување од Харди-Вајнберговата рамнотежа и според тоа нема статистички сигнификантни разлики помеѓу опсервираните и теоретски очекуваните фреквенции ($p>0,05$) ниту кај контролната, ниту кај испитуваната група.

Следат статистички анализи со користење на повеќе генетско-асоцијативни модели, а со цел да се процени постоењето на генетска асоцијација на трите испитувани полиморфизми MMP-1 -1607 1G/2G (rs1799750) во генот MMP-1, MMP-9 C>T, –1562 (rs 3918242) во промоторниот регион на генот MMP-9 и eNOS -786 T>C (rs2070744) во генот за ендотелната азот-оксид синтетаза eNOS со КАБ. За секој од испитуваните генски полиморфизми, поединечно, вршени се монолокусни анализи, при што се споредувани генотипските фреквенции со користење на генотипскиот, доминантниот, рецесивниот, хетерозиготниот и супердоминантниот модел, додека споредбата на алелните фреквенции е спроведена со алелниот и адитивниот модел. Со цел да се потврдат резултатите добиени со генотипскиот модел, извршена е и униваријантна логистичка регресиона анализа за предикција на коронарната артериска болест. Добиените ROC-криви (од анг. receiver operating characteristic, ROC Curve) претставуваат графички приказ на успешноста на користениот модел според логистичката регресија. Квантитативната мерка на успешноста на моделот за предикција на бинарните класи според генотипските фреквенции е вредноста на површината под ROC-кривата (AUC, од анг. area under curve). Евалуирани се и ефектите на трите полиморфизми во однос на предикција на коронарната артериска болест со мултиваријантната логистичка регресиона анализа.

Генетската асоцираност на полиморфизмот rs1799750 во генот MMP-1 со коронарната артериска болест е евалуирана преку статистичка анализа со користење на низа генетско-асоцијативни модели: генотипски, доминантен, рецесивен, хетерозиготен, супердоминантен, алелен и адитивен. Споредбата на фреквенциите во комбинации на генотипови според 5 различни генетски модели, како и на алелните фреквенции според два модела, покажа дека постојат статистички сигнификантни разлики ($p<0,05$) со користење на сите, освен со хетерозиготниот и супердоминантниот модел. Овие резултати недвосмислено укажуваат на постоењето на статистички сигнификантна генетска асоцијација на полиморфизмот rs1799750 во генот MMP-1 со сигнификантна коронарна артериска болест кај млади лица, при што генотипот 2G/2G, односно алелот 2G значајно го зголемуваат ризикот од развој на болеста.

Генетската асоцираност на полиморфизмот rs3918242 во генот MMP-9 со коронарната артериска болест кај млади пациенти е исто така евалуирана преку користење на веќе спомнатите генетско-асоцијативни модели. Споредбата на соодветните фреквенции покажа дека постојат статистички сигнификантни разлики ($p<0,05$) со користење на сите, освен со рецесивниот и супердоминантниот модел. Добиените резултати недвосмислено укажуваат на постоењето на статистички сигнификантна генетска асоцијација на полиморфизмот rs3918242 во генот MMP-9 со сигнификантна коронарна артериска болест кај млади лица, при што генотипот TT и TC, односно алелот T значајно го зголемуваат ризикот од развој на болеста.

Генетската асоцираност на полиморфизмот rs2070744 во генот eNOS со коронарната артериска болест кај млади пациенти е, исто така, евалуирана преку користење на претходно спомнатите генетско-асоцијативни модели. И овде споредбата на соодветните фреквенции покажа дека постојат статистички сигнификантни разлики ($p<0,05$) со користење на сите, освен со рецесивниот и супердоминантниот модел. Резултатите јасно укажуваат на постоењето на статистички значајна генетска асоцијација на полиморфизмот rs2070744 во генот eNOS со сигнификантна коронарна артериска болест кај млади лица, при што носителите на генотипот CC и TC, односно алелот C значајно го зголемуваат ризикот од развој на болеста.

Понатаму, за истражување на предиктивната улога на испитуваните три генетски полиморфизми во однос на појавата на сигнификантна КАБ кај пациентите до 45 години е користена мултиваријантна логистичка регресиона анализа на податоците од генотипизацијата кај испитуваната и контролната група. Од добиените податоци особено статистичко значење имаат вредностите на моделот за предикција на појавата на сигнификантна коронарна артериска болест кај носителите на варијантниот генотип 2G/2G на полиморфизмот rs1799750 во генот MMP-1. Веројатносниот индекс OR за овој генотип изнесува 9,575 во интервалот на доверливост при 95% од 1,839 до 49,861, при што постои статистичка значајност ($p<0,05$). Оттаму, носителите на генотипот 2G/2G имаат околу 9,5 пати повисока веројатност да развијат сигнификантна коронарна артериска болест во помлада возраст при споредба со носителите на неваријантниот хомозиготен генотип 1G/1G. Иако пресметките со моделот за предикција конструиран со мултиваријантна логистичка регресиона анализа не покажа статистичка значајност во однос на останатите 2 испитувани варијанти (MMP-9 rs3918242 и eNOS rs2070744), вредностите на

веројатносниот индекс OR и вредностите на β-коефициентите покажуваат видлив статистички тренд.

Предиктивноста на сите три испитувани генски полиморфизми во однос на појавата на коронарната артериска болест е прикажана со ROC-кривата. Вредноста на површината под кривата (AUC=0,761) укажува на добра предиктивност на мултиваријантниот модел за комбинираните ефекти на полиморфизмите во однос на појавата на сигнификантна КАБ.

Кандидатот на крајот на оваа глава ја изнесува констатацијата дека истовремената анализа на трите генетски полиморфизми точно го класифицирале присуството или отсуството на сигнификантна коронарна артериска болест во 66,25 % од случаите. Специфичноста, односно стапката на вистински негативни случаи во однос на постоење на сигнификантна КАБ, изнесува 75,00 %. Тоа подразбира дека панелот на испитување на трите полиморфизми е ефикасен кај 3/4 од пациентите во предикцијата на појавата на болеста кај млади лица. Сензитивноста, односна стапката на вистински позитивни случаи во однос на коронарната артериска болест е 57,50%. Според тоа, анализата на трите генетски полиморфизми е прецизна кај повеќе од половина од пациентите во идентификација на присуството или ризикот од значајна КАБ.

Седмата глава, **Дискусија**, опфаќа опсежна и критичка споредба на добиените резултати и сознанија со тие од досега објавените слични студии во достапната литература, како и толкувањата на можните причини за сличностите и разликите во резултатите. На почетокот на оваа глава, кандидатот дава краток теоретски вовед во дискусијата, нагласувајќи дека патогенетскиот механизам на настанување на КАБ е исклучително комплексен и, всушност, не е униформен, туку обично станува збор за повеќе различни механизми условени од меѓусебната интеракција на различни ризик-фактори. Генетските фактори инволвирани во патогенетските механизми на настанувањето на КАБ и акутниот коронарен синдром се многубројни. Некои од нив се поврзани со нарушувања на липидниот метаболизам, со ендотелната дисфункција, со васкуларната инфламација, со интраваскуларната коагулација/тромбоза, како и со процесите на ткивно одржување и ремоделирање.

Потоа, кандидатот за секој истражуван поединечен генски полиморфизам дава краток осврт на добиените резултати од истражувањето како потсетување за споредба со резултатите изложени од користената литература. Потоа следува осврт кон дискусија на секој истражуван генски полиморфизам поединечно.

Така, тој наведува дека во однос на генскиот полиморфизам -1607 1G/2G на MMP-1 (rs1799750), а врз основа на достапните податоци од литературата, асоцираноста помеѓу MMP-1 генските полиморфизми и ризикот за КАБ е сè уште предмет на дебати, односно постојат дискордантни резултати од истражувањата во оваа област. Прво е елаборирано едно истражување спроведено врз кај ирански Турци со цел да се утврди асоцираноста помеѓу генските полиморфизми -1607 1G/2G MMP-1 (rs1799750) и -1612 5A/6A MMP-3 (rs3025058) и ризикот за КАБ. Притоа е утврдено дека кај лицата постари од 50 години постои статистички сигнификантно повисока фреквенца на 2G алелите и 2G/2G генотипот на rs1799750 MMP-1 полиморфизмот во однос на здравите контроли ($p<0,05$). Сепак, кај популацијата помлада од 50 години не била утврдена статистички сигнификантна разлика во фреквенцата на овој генски полиморфизам помеѓу лицата со КАБ и здравите контроли. Потоа, наведено е поголемо истражување на над 800 лица од кинеската Хан популација од страна на Qintao C. и соработниците кои испитувале специфични маркери (меѓу кои и rs1799750) кои придонесуваат кон генетска сусцептибилност кон КАБ. Золемениот ризик за КАБ бил сигнификантно асоциран со 2G алелите на rs1799750 ($p=0,005$, OR=1,329, CI 1,090-1,620). Постои уште една слична студија врз кинеската Хан популација во која е испитувана асоцијацијата помеѓу MMP-1 генскиот полиморфизам и коегзистенцијата на ДМ тип 2 и КАБ. Статистички сигнификантна разлика помеѓу обете групи е детектирана во поглед на rs1799750 MMP-1 генотиповите. Исто така, постоела и статистички сигнификантна разлика во дистрибуцијата на алелните фреквенци (2G алелот) помеѓу испитуваната и контролната група. Статистички сигнификантни разлики во дистрибуцијата на алелните и генотипските фреквенци помеѓу двете групи е констатирана само за полиморфизмот rs1799750. Оваа студија заклучува дека rs1799750 MMP-1 генскиот полиморфизам може да биде асоциран со коегзистирачки ДМ тип 2 и КАБ. Во една студија на шпанска популација истражувана е асоцијацијата помеѓу MMP-1 генски полиморфизми и ран миокарден инфаркт. Притоа, биле испитувани алелните, генотипските и хаплотипските фреквенции на три MMP-1 генски

полиморфизми (-1607 1G/2G, -519 A/G и -340 T/C). Фреквенциите на трите генски полиморфизми, земени поединечно, не се разликувале статистички сигнификантно помеѓу испитуваната и контролната група. Заклучокот од оваа студија била дека одредени хаплотипови на MMP-1 генските полиморфизми (2G-1607-G-519-T-340 и 1G-1607-G-519-T-340) се асоцирани со зголемен ризик за ран миокарден инфаркт кај млади пушачи од шпанско потекло. Друга студија спроведена врз полска популација ја истражувала поврзаноста помеѓу генските полиморфизми за E-selectin, ICAM-1, OLR1, MMP-1 (1G/2G) и MMP-3 (-1612 5A/6A) и ризикот за миокарден инфаркт кај млади Полјаци на возраст до 45 години. Резултатите од анализата за униваријантната и мултиваријантната логистичка регресија за 2G MMP-1 алелот потврдиле дека носителите на овој алел имаат за скоро 3,7 пати, односно за скоро 5,7 пати, соодветно, повисока веројатност за миокарден инфаркт во однос на останатите ризик-фактори. Заклучокот од студијата е дека носителите на 2G алелот на MMP-1 имаат сигнификантно зголемен ризик за миокарден инфаркт кај полска популација. Со слични резултати и заклучок е и студијата на Kondapalli MS и соработниците за евалуација на асоцијацијата помеѓу серумските циркулирачки новоа на MMP-1 и -1607 1G/2G (rs1799750) полиморфизмот со ризикот за појава на КАБ кај индиска популација. Резултатите од оваа студија покажале дека серумските циркулирачки нивоа на MMP-1 биле највисоки кај испитуваната група (групата со КАБ). Во поглед на дистрибуцијата на алелните и генотипските фреквенции на rs1799750 MMP-1 генскиот полиморфизам кај трите групи, се утврдило дека фреквенцијата на 2G/2G генотипот е повисока кај сите три групи во споредба со 1G/1G и 1G/2G генотиповите. Она што како заклучок може да произлезе од оваа студија е тоа дека -1607 1G/2G (rs1799750) MMP-1 генскиот полиморфизам го потенцира ризикот за КАБ кај индиска популација. За разлика од претходно споменатата студија на Sakowicz A. и неговите соработници кај полска популација, елаборирана е уште една студија од Полска спроведена од страна на Pawlik A. која ја испитувала асоцијацијата помеѓу MMP-1-1607dupG (rs1799750) генскиот полиморфизам и MMP-3-1171dupA (rs3025058) генскиот полиморфизам со АКС, односно со АПНС чии резултати се спротивставени во однос на претходно споменатата. Во поглед на MMP-1 генскиот полиморфизам не се регистрирани статистички сигнификантни разлики во дистрибуцијата на алелните и генотипските фреквенци помеѓу испитуваната и контролната група ($p>0,05$). Понатаму, наведена е студијата на Dalepiane VL и соработниците кои спровеле испитување врз Бразилци од бела раса, испитувајќи ја поврзаноста на неколку различни генски полиморфизми на MMP, меѓу кои и на -1607 1G/2G MMP-1 генскиот полиморфизам со КАБ. И оваа студија, исто така, покажала дека не постојат статистички сигнификантни разлики помеѓу двете групи во поглед на алелните и генотипските фреквенции на -1607 1G/2G MMP-1 генскиот полиморфизам со ризикот за КАБ ($p=0,54$ и $p=0,82$, соодветно) кај популација на бразилски белци. Кандидатот понатаму констатира дека резултатите од ова истражување се во иста линија со резултатите од претходно споменатите студии за постоење асоцираност на rs1799750 MMP-1 генскиот полиморфизам со КАБ, односно тие покажуваат јасно постоење на статистички значајна генетска асоцијација на овој полиморфизам со сигнификантна КАБ.

Во однос на вториот генски полиморфизам, C-1562T MMP-9 (rs3918242), по краткото потсетување на резултатите од сопственото истражување, кандидатот пристапува кон дискусија на достапната литература и уште на самиот почеток констатира дека и за полиморфизмот C-1562T MMP-9 (rs3918242) и неговата асоцираност со КАБ постојат бројни студии и систематски прегледи и мета-анализи, но, исто така, заклучоците од истражувањата се инконзистентни, а во некои случаи и спротивставени. Така, во студијата на Mahmoodi и сор. е испитувана асоцијацијата на C-1562T MMP-9 (rs3918242) генскиот полиморфизам, генската експресија и циркулирачките нивоа на MMP-9 со ризикот за КАБ со ангиографски потврдена КАБ кај иранска суппопулација. Генотипските и алелните фреквенци на C-1562T MMP-9 (rs3918242) генскиот полиморфизам биле слични помеѓу пациентите со КАБ и здравите лица ($p>0,05$). Овој генски полиморфизам не го зголемил ризикот за КАБ кај доминантниот и рецесивниот генетски модел ($p=0,537$ и $p=0,249$, соодветно). Понатаму, изложени се резултатите од една проспективна, моноцентрична студија на случаи и контроли спроведена врз млади лица со СТЕМИ од Индија. Кај овие 2 групи биле евалуирани генетските полиморфизми на гените за MMP-3 (5A/6A-1612) и MMP-9 (C–1562T и R279Q). Резултатите од истражувањето покажале дека не постоела статистички сигнификантна разлика во застапеноста на различните генотипови (CC, CT и TT) на C-1562T MMP-9 генскиот полиморфизам кај испитуваната и контролната група ($p=0,509$). Моделот на мултиваријантната

регресија исто така не ги детектирала генотиповите на C-1562T MMP-9 генскиот полиморфизам како независни предиктори за СТЕМИ. Следи студијата на Kucuk M.A. и соработници каде се испитувани независните и синергистичните ефекти на C-1562T MMP-9 и метилентетрахидрофолат редуктаза C677T (MTHFR) генските полиморфизми врз појавата на КАБ кај Турци со потекло од југоисточниот регион на Анатолија. Авторите на крај заклучиле дека не постои асоцираност помеѓу C-1562T MMP-9 и C677T MTHFR генските полиморфизми од една страна и КАБ од друга страна ниту независно ниту синергистички, како и дека C-алелот и CC генотипот се предоминантни кај обата полиморфизми во турска популација од регионот на југоисточна Анатолија. Кандидатот наведува дека слични заклучоци произлегле и од една мета-анализа на Zhang и сор. од 2014 година каде била истражувана асоцираноста помеѓу C-1562T полиморфизмот и ризикот за КАБ. Резултатите од мета-анализата сугерираат дека овој полиморфизам не придонел за ризикот од КАБ во вкупните резултати. Наспроти тоа, резултатите од друга мета-анализа објавена во 2016 година која исто така го испитувала C-1562T (rs3918242) MMP-9 генскиот полиморфизам и КАБ кај кинеската Хан популација се спротивни. Заклучокот од оваа мета-анализа потврдила дека C-1562T (rs3918242) MMP-9 генскиот полиморфизам може да биде асоциран со зголемена сусцептибилност кон КАБ кај кинеската Хан популација. Понатаму, Rodriguez-Peres и соработниците ја истражувале асоцираноста на 3 генски полиморфизми меѓу кои и C-1562T (rs3918242) MMP-9 со ризикот за развој на миокарден инфаркт кај мексиканска популација. Заклучокот од студијата бил дека генскиот полиморфизам C-1562T (rs3918242) MMP-9 игра главна улога во ризикот за развој на миокарден инфаркт кај мексиканска популација. Ас. д-р Бошев понатаму анализира еден систематски преглед и мета-анализа на вкупно 51 студија вклучени во квантитативна синтеза на асоцираноста на четири MMP-9 генски полиморфизми (меѓу кои и MMP-9 (C-1562T)), со сусцептибилноста за КАБ објавена во 2020 година. Оваа мета-анализа наспроти претходно споменатата мета-анализа на Zhang и сор. открила силно позитивна асоцијација помеѓу C-1562T (rs3918242) MMP-9 генскиот полиморфизам и ризикот за КАБ и го детерминирала овој SNP како ризик фактор за КАБ. Авторите на овој систематски преглед и мета-анализа заклучиле дека од вкупно 4 испитувани генски полиморфизми на MMP-9, само C-1562T MMP-9 (rs3918242) генскиот полиморфизам статистички сигнификантно ја зголемил сусцептибилноста за КАБ и тоа кај азиска популација. C-1562T MMP-9 (rs3918242) генскиот полиморфизам бил истражуван исто така и во една студија на 498 Ирци, инаку припадници на белата раса, со дијабет и кардиоваскуларни ризик фактори, но без симптоматска срцева слабост од програмата за следење STOP-HF. Примарната цел на студијата била да се утврди асоцираност помеѓу rs3918242 генскиот полиморфизам и хипертензија и/или миокарден инфаркт. Истражувачите на крајот заклучиле дека пациентите со дијабет од програмата за следење STOP-HF кои се носители на минорниот T-алел од rs3918242 имаат поголема преваленца на миокарден инфаркт. Потоа следи една скорешна студија спроведена од страна на Iqbal и соработници каде било испитувано дали постои некаков однос помеѓу 2 генски полиморфизми (rs17576 и rs3918242) и развојот на миокарден инфаркт кај одредени фамилии од Пакистан. Статистичката анализа на на генотипските фреквенции идентификувала CT и TT генотипови на rs3918242 генскиот полиморфизам кај заболените лица. Во поглед на дистрибуцијата на алелните фреквенци било пронајдено дека T-алелот покажува сигнификантна асоцираност ($p<0,05$) на rs3918242 генскиот полиморфизам со миокарден инфаркт бидејќи неговата фреквенца била значително повисока кај заболените во споредба со здравите лица. На крајот е анализирана уште една помала мета-анализа која вклучила 10 студии и која ја анализирала асоцираноста помеѓу rs3918242 (MMP-9) генскиот полиморфизам и сусцептибилност кон миокарден инфаркт користејќи различни генетски модели. Авторите на оваа мета-анализа на крај заклучуваат дека rs3918242 (MMP-9) генскиот полиморфизам е потенцијално релевантен за сусцептибилност кон миокарден инфаркт. Врз основа на достапната литература, Ас. д-р Марјан Бошев заклучува дека генерално земено, сигнификантна асоцираност на овој генски полиморфизам (C-1562T MMP-9 (rs3918242)) со КАБ постои кај азиската популација, додека, пак, кај популациите од бела раса или Европејци доста почесто асоцираноста или не постои или не е статистички сигнификантна. Компаративно гледано, резултатите од ова истражување се совпаѓаат со резултатите од т.н. „позитивни“ студии и мета-анализи каде е утврдена асоцираност на C-1562T MMP-9 (rs3918242) генскиот полиморфизам со КАБ кај популации со одредена етничка припадност. Кандидатот констатира дека кај испитуваната млада

популација од Македонија носителите на генотиповите TT и CT, како и носителите на Т-алелот имаат статистички повисока веројатност за појава на КАБ.

Последниот сегмент од дискусијата ас. д-р Марјан Бошев се однесува на третиот истражуван генски полиморфизам, T-786C eNOS (rs2070744). И овде, по краткиот теоретски вовед и краткиот осврт кон сопствените резултати, кандидатот пристапил кон излагање и дискусија на достапната литература. Тој заклучува дека според достапната литература доказите за улогата на T-786C eNOS (rs2070744) генскиот полиморфизам и сусцептибилноста кон КАБ, особено во поглед на етничката припадност на испитуваните популации, се во одредена мера контрадикторни.

Една студија на случаи и контроли спроведена врз популација од Алжир ја испитувала врската помеѓу eNOS генските полиморфизми и ризикот за миокарден инфаркт вклучувајќи ги T-786C eNOS и G894T eNOS генските полиморфизми. Анализата на дистрибуциите на генотипските фреквенци открила дека генотипските дистрибуции на T-786C eNOS не се разликувале сигнификантно помеѓу случаите и контролите. Ризикот за миокарден инфаркт асоциран со овој полиморфизам не постигнал статистичка сигнификантност (p = 0,359). Но, во поглед на хаплотипската дистрибуција, само хаплотипот T-786C/894G бил значајно позастапен кај испитуваната група, при што веројатноста за појава на миокарден инфаркт била за 2,2 пати повисока кај носителите на овој хаплотип (OR = 2,2; p = 0,038). Во иста насока биле и резултатите од една друга студија на случаи и контроли направена врз популација од Египет. Резултатите од компарацијата на дистрибуциите на генотипските и алелните фреквенци за T-786C eNOS генскиот полиморфизам покажале дека не постои статистички сигнификантна разлика помеѓу испитуваната и контролната група (p = 0,23 и p = 0,21, соодветно). Компарабилни резултати се добиени и од студијата на Nassar и соработници кои испитувале неколку генетски фактори за развој на КАБ во Канада меѓу кои и T-786C eNOS генскиот полиморфизам. И овде не била детектирана статистички сигнификантна разлика во преваленцата на генотиповите од eNOS генскиот полиморфизам помеѓу групите (p = 0,72). Слични заклучоци може да се добијат и од една поголема студија на случаи и контроли од Западна Австралија каде биле истражувани и споредувани генотипските и алелните фреквенци на три генски полиморфизми на eNOS (4ab, G894T и T-786C). Оваа студија не пронашла доказ дека испитуваните eNOS генски полиморфизми се асоцирани со прематурна КАБ или миокарден инфаркт кај австралиска популација од белата раса. Спротивно на сознанијата од претходно споменатите студии, кандидатот наведува заклучоци од серија други студии кои, пак, откриле асоцираност на овој eNOS генски полиморфизам со развојот на КАБ. Така, една група истражувачи предводени од Bhutani го истражувала T-786C eNOS полиморфизмот и неговата асоцираност со КАБ, како и нивото на NO и инсулинска резистенција кај индиска популација. Она што е особено интересно во оваа студија е дека во поглед на дистрибуцијата на генотипските фреквенци, ниту кај испитаниците со КАБ, ниту кај здравите контроли не е детектиран CC генотипот. Сепак, постоела разлика во дистрибуцијата на генотиповите TT и TC во обете групи, при што детектираната разлика била статистички значајна (p = 0,0123). Понатаму, Jaishankar и соработниците го истражувале влијанието на T-786C и G894T eNOS полиморфизмите врз развојот на КАБ кај млада популација од Индија. T-786C eNOS генскиот полиморфизам сигнификантно ја зголемил веројатноста за појава на КАБ за 2,47 (носители на TC генотип) и 2,92 пати (носители на CC генотип) во споредба со носителите на TT генотипот. Ризикот за појава на КАБ бил повисок кај носителите на C-алелите во споредба со носителите на T-алелите. Истите генетски полиморфизми, T-786C и G894T на генот за eNOS биле испитувани и од страна на група истражувачи кај популација од Турција. Било утврдено дека носителите на TC генотипот имаат 2,1 пати, носителите на CC генотипот 2,842 пати, а носителите на TC+CC генотипот 2,265 пати поголема шанса за појава на КАБ. Оваа разлика помеѓу групата со КАБ и здравите контроли била статистички сигнификантна (p = 0,026, p = 0,04 и p = 0,008, соодветно за секој генотип). Било потврдено и дека носителите на C-алелот имаат за скоро 2 пати повисока шанса за развој на КАБ во споредба со носителите на T-алелот при p = 0,005. Заклучоците од оваа студија се конзистентни со оние од претходната, а исто така и со резултатите од студијата на кандидатот, а тоа е дека носителите на генотипот CC и носителите на C-алелот на T-786C eNOS генскиот полиморфизам имаат значајно повисока веројатност за појава на КАБ и таа веројатност е статистички значајна за испитуваната популација ($p<0,05$). Анализирана е уште една студија на случаи и контроли изведена врз популација од Турција

којашто го истражувала T-786C eNOS генскиот полиморфизам и неговата асоцираност со КАБ. Студијата покажала дека носителите на генотипови со барем еден C-алел (TC+CC) се попревалентни кај пациентите со КАБ во споредба со носителите на хомозиготниот TT генотип. Понатаму, исто така е детектирана статистички сигнификантна асоцираност помеѓу КАБ и C-алелот ($p<0,05$). C-доминантните индивидуи (генотип CC+TC) имале 2,9 пати повисока веројатност да страдаат од КАБ. Оттука произлегол и заклучокот дека T-786C eNOS генскиот полиморфизам може да биде ризик-фактор за КАБ кај турска популација. Овој генски полиморфизам и неговата асоцираност со КАБ бил истражуван и врз популација од Саудиска Арабија од страна на Alkharfy и соработниците. Авторите констатираат дека носителите на TC и CC генотиповите од T-786C eNOS генскиот полиморфизам се статистички сигнификантно ($p<0,001$) позастапени кај пациентите со КАБ наспроти здравите лица. Со ова, студијата ја потврдила независната асоцијација на обата генски полиморфизми (вклучително и на T-786C) на генот за eNOS со КАБ кај популација од Саудиска Арабија. Понатаму, даден е осврт кон студијата GENICA (<u>G</u>enetic and <u>EN</u>vironmental factors <u>I</u>n <u>C</u>oronary <u>A</u>therosclerosis) која исто така го испитувала T-786C генскиот полиморфизам на генот eNOS кај популација од Италија. Мултиваријантната логистичка регресиона анализа покажала дека T-786C генскиот полиморфизам има сигнификантна предиктивна вредност за КАБ независно од останатите ризик-фактори. Авторите на крај заклучуваат дека C-алелот на T-786C eNOS генскиот полиморфизам е асоциран со повисок ризик за повеќесадовна КАБ кај припадници на белата раса. Кандидатот смета дека посебно значење во поглед на потврда на асоцираноста на T-786C eNOS генскиот полиморфизам и ризикот за КАБ имаат и три систематски прегледи и мета-анализи. Првиот систематски преглед и мета-анализа е направен од страна на Liu Dan и соработниците чии резултати од статистичката анализа покажале сигнификантна позитивна асоцираност помеѓу T-786C eNOS полиморфизмот и ризикот за КАБ и тоа во повеќето генетски модели. Според резултатите од мета-анализата, C-алелот на T-786C eNOS генскиот полиморфизам би можел да го зголеми ризикот за за КАБ во споредба со T-алелот, што е во согласност со резулатите и заклучоците од претходно споменатите студии, но исто така и со истражувањето во оваа докторска дисертација врз македонска популација. Другиот систематски преглед, односно обновена мета-анализа е поголема и опфаќа учесници групирани во вкупно 5 различни групи според предоминантната припадност на нивните предци: европска, средноисточна, азиска, азиско-индиска и африканска. Мета-анализата за T-786C eNOS генскиот полиморфизам ја истражувала асоцираноста помеѓу T-786C полиморфизмот и КАБ, при што сите генетски модели покажале сигнификантна асоцираност со КАБ. Ако се занемари африканската група (која била застапена само со 1 студија), Азијците покажале највисок степен на асоцираност и тоа во сите три генетски модели, следени од Европејците. Причината зошто постои различен степен на асоцираност помеѓу споменатите групи според потеклото и КАБ, според авторите, останува нејасна. Третиот систематски преглед и мета-анализа опфаќа 132 студии на случаи и контроли во кои била истражувана асоцираноста на повеќе генетски полиморфизми на eNOS со ризикот за КАБ. Здружената анализа за утврдување асоцираност помеѓу rs2070744 (T-786C) генскиот полиморфизам и ризикот за КАБ идентификувала сигнификантна асоцираност во сите генетски модели. Субгрупната анализа според етничка припадност открила дека полиморфизмите rs1799983 и rs2070744 имаат сигнификантна корелација со ризикот за КАБ кај припадниците на белата раса и Азијците. Исто така, со стратификација на податоците базирана на типот на болест, авторите откриле дека rs2070744 (како и уште 2 други полиморфизми) биле сигнификантно асоцирани со ризикот за миокарден инфаркт или АКС во одредени генетски модели. Кандидатот овде ќе заклучи дека врз основа на изложената литература, и покрај тоа што постојат делумно инконзистентни резултати, сепак, доминантниот број студии и мета-анализи говорат дека T-786C eNOS (rs2070744) генскиот полиморфизам покажува статистички сигнификантна асоцираност со појавата на КАБ. Субгрупните анализи според етничка припадност односно според потеклото на популацијата по континенти, покажале дека африканските популации немаат статистички значајна асоцираност на овој полиморфизам со појавата на КАБ. Најсилен степен на асоцираност на T-786C (rs2070744) eNOS генскиот полиморфизам со ризикот за КАБ покажале Азијците, додека, пак, следни се Европејците. Овие резултати се конкордантни и со резултатите од истражувањето во докторската дисертација спроведено врз помлада македонска популација каде што со повеќе генетски модели се покажа

дека носителите на CC генотипот, односно носителите на Т-алелот имаат повисока веројатност за развој на КАБ и таа веројатност е статистички значајна ($p < 0,05$).

Во осмата глава, кандидатот врз основа на направената анализа на добиените резултати од спроведената опсервациска, генетско-асоцијативна студија на случаи и контроли за асоцираност на генските полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада популација ги наведува следниве **заклучоци**:

Во однос на полиморфизмот rs1799750 во генот MMP-1, носителите на хомозиготниот генотип 2G/2G според генотипскиот модел имаат 5,641 пати поголема веројатност (OR - odds ratio) за појава на коронарна артериска болест од тие со референтниот генотип 1G/1G, при што оваа поврзаност е статистички значајна (p=0,045).

Дополнително, анализите и со доминантниот, рецесивниот, алелниот и адитивниот модел јасно укажуваат на постоење генетска асоцијација на полиморфизмот rs1799750 во генот MMP-1 со сигнификантна коронарна артериска болест кај лица на возраст до 45 години.

Евалуацијата на резултатите за полиморфизмот rs3918242 во генот MMP-9 покажаа дека хомозиготниот варијантен генотип TT е поврзан со 6,316 пати повисока веројатност за појава на значајна коронарна артериска болест кај помлади од 45 години, отколку носителите на неваријантниот генотип CC (p=0,034). Зголемени и статистички значајни вредности на веројатносниот индекс се добиени и при користење на доминантниот, хетерозиготниот, алелниот и адитивниот генетски асоцијативен модел. Оттаму, постои генетска асоцијација на полиморфизмот rs3918242 во генот MMP-9 со коронарната артериска болест кај пациенти на возраст до 45 години.

Резултатите од анализите на полиморфизмот rs2070744 во генот eNOS покажаа дека носителите на хомозиготниот варијантен генотип CC имаат 4,219 пати повисоки шанси за развој на сигнифинатна КАБ отколку тие со генотипот TT кој е користен како референтен, а овие разлики се статистички сигнификантни (p=0,042). Значајно повисоки веројатносни индекси се добиени и при користењето на доминантниот, хетерозиготниот, алелниот и адитивниот генетски модел. Според добиените резултати, утврдена е генетска асоцијација на полиморфизмот rs2070744 во генот eNOS со појавата на ангиографски докажана сигнификантна КАБ кај пациенти до 45 годишна возраст.

Со мултиваријантната логистичка регерсија се потврди дека хомозиготните варијантни и хетерозиготните генотипови на трите полиморфизми ја зголемуваат вредноста на β-коефициентите за веројатноста од појава на сигнификантна коронарна артериска болест во однос на референтниот хомозиготен неваријантен генотип за секој полиморфизам. Вредноста на површината под ROC-кривата (AUC=0,761) укажува на добра предиктивност на мултиваријантниот модел на комбинираните ефекти на трите полиморфизми во однос на појавата на сигнификантна коронарна артериска болест. Моделот успешно го класифицирал присуството или отсуството на сигнификантна коронарната артериска болест кај 66,25 % од случаите. Специфичноста, односно стапката на вистински негативни случаи во однос на постоење на сигнификантна КАБ изнесува 75 %, додека сензитивноста, односна стапката на вистински позитивни случаи во однос на коронарната артериска болест е 57,50 %.

Утврдената генетска асоцијација на полиморфизмите MMP-1 1G/2G (rs1799750), MMP-9 C>T (rs 3918242) и eNOS T>C (rs2070744) со појавата на коронарографски верифицирана сигнификантна коронарна артериска болест кај помлада популација пациенти укажува на потребата од натамошни истражувања околу употребливоста на овие потенцијални генски маркери во персонализираниот пристап при клиничката евалуација, предикцијата на ризикот и планирањето на терапијата.

На крајот од дисертацијата, во деветтата глава се наоѓаат **Референци**, која е оптимално селектирана, прегледна и цитирана според прифатените стандарди. Изборот на референците е соодветен и доминираат современи публикации кои имаат значителен придонес во истражувањето на проблематиката, која е цел и на овој научен труд.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Марјан Бошев е да се утврди асоцираност на генските полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада популација во Македонија преку вкрстување на клиничко-лабораториските податоци со молекуларно-генетските анализи на пациенти од испитувана и контролна група и понатамошна напредна статистичка обработка на податоците.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Докторскиот труд обработува актуелна, молекуларно-генетска и кардиолошка проблематика, вредна и оправдана за истражување, од научен аспект, но исто така и од апликативен аспект, особено и заради фактот што станува збор за прво истражување од ваков вид во Македонија. Поединечната и комбинираната анализа на генските полиморфизми може да има значаен придонес во персонализираниот пристап при клиничката евалуација на пациентите, предикцијата на ризикот за развој на КАБ кај млади индивидуи, како и во планирањето на терапијата.

**Краток опис на применетите методи**

Во оваа опсервациска и генетско-асоцијативна студија се вклучени 40 пациенти со ангиографски потврдена сигнификантна КАБ, како и 40 контролни испитаници селектирани според критериуми за вклучување и за исклучување. Како контролна група за определување на генотипските и алелните фреквенции на трите испитувани генски полиморфизми (-1607 1G/2G на ММР-1 (rs1799750), С-1562Т на ММР-9 (rs3918242) и eNOS T-786C (rs2070744)) се земени пациенти со клинички поставена индикација за коронарографија кај кои ангиографскиот наод исклучил постоење на сигнификантна КАБ. Од секој пациент се колектирани селектирани демографски податоци, лабораториски наоди, како и релевантни клинички податоци. Геномската ДНК е изолирана од секој примерок венска крв со методот на исолување со натриум хлорид, екстракција со хлороформ и последователна преципитација со етанол. Детекцијата на генотиповите на полиморфизмите ММР-1 -1607 1G/2G (rs1799750) и eNOS T-786C (rs2070744) се определени со полимеразно-верижна амплификација во реално време (RT-PCR), користејќи TaqMan-флуоресцентни сонди со нуклеотидна секвенца која е специфична за амплифициран регион од соодветниот ген. Генотиповите на полиморфизмот ММР-9 -1562 C>T (rs3918242), пак, се определени со рестрикциска дигестија на амплификатите од генот ММР-9.

Поврзаноста на демографските, клиничките и лабораториските податоци со генотипската и алелната фреквенција е пресметана со примена на непараметрискиот Pearson-ов Chi-квадрат тест и Fisher-овиот егзактен тест, како и Cochran-Armitage тренд-тестот, користејќи повеќе генетско-асоцијативни модели. За статистички значајна вредност е земена вредноста на $p<0{,}05$. Од поврзаноста на сигнификантната КАБ со испитуваните генски полиморфизми, пресметан е и веројатносниот индекс – односот на шанси (odds ratio, OR) во интервалот на доверливост CI (confidence interval) од 95 %.

Понатаму, генотипските фреквенции на испитуваните генски полиморфизми се испитувани поединечно за поврзаност со коронарната артериска болест со користење на мултиваријантната логистичка регресиона анализа. Подобноста на податоците за спроведување на логистичка регресија е првично проценета со Hosmer-Lemeshow-тестот.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Добиените резултати од истражувањето на ас. д-р Марјан Бошев се во согласност со поголемиот дел од објавените клинички асоцијативно-генетски студии со сличен дизајн. Во однос на генскиот полиморфизам -1607 1G/2G на ММР-1 (rs1799750), генотипот 2G/2G, односно генскиот алел 2G статистички значајно ја зголемуваат веројатноста за развој на сигнификантна КАБ кај помлада македонска популација. Во поглед на генскиот полиморфизам -С-1562Т ММР-9

(rs3819242), носителите на генотиповите TT и CT (кои содржат барем еден Т-алел), како и носителите на Т-алелот имаат значајно повисока веројатност за развој на сигнификантна КАБ кај помлада македонска популација. И на крај, во однос на генскиот полиморфизам T-786C eNOS (rs2070744), носителите на генотиповите CC и TC, односно алелот С имаат значајно повисока веројатност за развој на сигнификантна КАБ на помлада возраст. Овие резултати се совпаѓаат и со добиените резултати од мултиваријантната логистичка регресиона анализа за трите генски полиморфизми.

Докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Марјан Бошев, со наслов „Асоцираност на генски полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада популација“, претставува интердисциплинарно истражување во областа на клиничката кардиологија и молекуларната генетика на коронарната артериска болест. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има значаен научен придонес во натамошното расветлување на молекуларните механизми инволвирани во патогенезата на КАБ, како и во предикцијата на ризикот за развој на КАБ кај помлада популација.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Boshev M.**, Stankovic S, Panov S, Josifovska S, Pakovski K, Kedev S, Pejkov H. Association of the rs1799750 Matrix Metalloproteinase-1 Gene Polymorphism and Coronary Artery Disease in Young Macedonian Population. *JMS 2024;* Vol 7(2):10-18. UDC:616.132.2:[601.2:575.22].

[2]. **Boshev M.**, Stankovic S, Panov S, Josifovska S, Georgiev A, Poposka L, Pejkov H. Association of the Polymorphism rs3918242 of the Matrix Metalloproteinase-9 Gene with Coronary Artery Disease in a Younger Population. CONTRIBUTIONS, Sec. of Med. Sci., XLIV 2, 2023, MASA, ISSN 1857-9345

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на докторската студија се: добиените резултати сугерираат дека генските полиморфизми -1607 1G/2G MMP-1 (rs1799750), C-1562T MMP-9 (rs3918242) и T-786C eNOS (rs2070744) кај помлада македонска популација до 45-годишна возраст се статистички значајно поврзани со веројатноста за појава на сигнификантна коронарна артериска болест.

За првиот генски полиморфизам – носителите на генотипот 2G/2G, односно генскиот алел 2G, за вториот генски полиморфизам – носителите на генотиповите TT и CT и носителите на T-алелот, а за третиот генски полиморфизам – носителите на генотиповите CC и TC, односно алелот C имаат значајно повисока веројатност, односно во поширока смисла на зборот значајно го зголемуваат ризикот за развој на сигнификантна КАБ кај помлада македонска популација.

Овие три параметри имаат сериозен потенцијал да бидат користени како генски, односно молекуларни маркери во клинички цели при рана детекција на КАБ кај млади лица, како и за персонализиран пристап кон пациентите со коронарна артериска болест.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **ас. д-р Марјан Бошев**, со наслов: **Асоцираност на генски полиморфизми на матрикс металопротеиназа – 1, на матрикс металопротеиназа – 9 и на азотен оксид синтетаза – 3 со коронарната артериска болест кај помлада популација.**

**Рецензентска комисија**
Академик проф. д-р Сашко Кедев, претседател, с.р.
Н. сов. д-р Светлана Станковиќ, ментор, с.р.
Проф. д-р Христо Пејков, член, с.р.
Проф. д-р Јорго Костов, член, с.р.
Проф. д-р Сашо Панов, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Радомир Јовчевски | "Микробиолошка дијагноза на инфекции на ортопедски импланти со метод на соникација компарирано со конвенционална културелна дијагностика" | „Microbiological diagnosis of orthopaedic implant associated infections with sonication compared with conventional culture“ | Проф. д-р Ана Кафтнџиева | 10.12.2024 0905-6404/76 |
| 2. | Наташа Стојковска | "Асоцираност помеѓу имунолошкиот и патохистолошкиот профил кај пациенти со Хашимото тироидитис и папиларен карцином на тироидеа" | „Association between immunological and pathohistological profile in patients with Hashimoto thyroiditis and papillary thyroid carcinoma“ | Проф. д-р Ирена Костовска | 10.12.2024 0905-6404/77 |
| 3. | Анита Најдова | "Утврдување на поврзаноста на серумските вредности на интерлеукин-1β со резултати од алерголошките тестирања, клиничкиот фенотип и ендотип кај деца со атописки дерматитис" | “Determining the association between IL-1ß serum levels and the results of allergological tests, clinical phenotype and endotype, in children with atopic dermatitis” | Проф. д-р Катерина Дамевска | 10.12.2024 0905-6404/78 |
| 4. | Радица Бојчева | "Разлики во онкогениот потенцијал на хуман папилома вирус 16 и 18 наспроти останатите високоризични хуман папилома вирус типови и фактори кои влијаат во создавањето на преинвазивни лезии на грлото на матката" | „Differences in the oncogenic potential of human papillomavirus 16 and 18 versus other high-risk human papillomavirus types and factors affecting the formation of preinvasive lesions of the cervix“ | Проф. д-р Јадранка Георгиевска | 10.12.2024 0905-6404/79 |
| 5. | Анамарија Паункоска | "Морфолошки карактеристики и варијации на абдоминална аорта" | „Morphological characteristics and variations of the abdominal aorta“ | Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска | 10.12.2024 0905-6404/80 |
| 6. | Авди Муртезани | "Асоцијација на витамин Д со фекален | „Association of vitamin D with faecal | Проф. д-рАцо Костовски | 10.12.2024 0905-6404/81 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | калпротектин кај деца и адолесценти со инфламаторна болест на цревата" | calprotectin in children and adolescents with inflammatory bowel disease“ | | |
| 7. | Мартина Амбарциева | "Мутации во генот за теломераза и неговата експресија кај уротелните карциноми на мочниот меур" | „Mutations in the telomerase gene and its expression in urothelial carcinomas of the bladder“ | Проф. д-р Скендер Саиди | 10.12.2024 0905-6404/82 |
| 8. | Кемал Рушити | „Микросателитски нестабилни споредени со микросателитски стабилни карциноми кај пациенти оперирани од карцином на дебело црево, во однос на клиничките и патолошките карактеристики” | „Microsatellite unstable compared to microsatellite stable cancers in patients operated for colon cancer in terms of clinical and pathological characteristics“ | Проф. д-р Никола Јанкуловски | 10.12.2024 0905-6404/83 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ,,ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

По повод распишаниот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 6.11.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право, врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр. 02-1311/6 донесена на 4.12.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Родна Живковска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Тина Пржеска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Ненад Гавриловиќ, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на наставно-научната област граѓанско материјално право, во предвидениот рок се пријави д-р Теа Лалевска, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Теа Лалевска е родена на 7.10.1996 година во Куманово. Во СОУ Гимназија „Гоце Делчев” во Куманово го завршила средното образование, на насоката општествено-хуманистички науки со одличен успех. На Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, кандидатката се запишала на додипломски студии во учебната 2015/2016 година на студиската програма Правни студии кои ги завршила во 2018 година со просечен успех 8,38, при што се стекнала со стручниот назив дипломиран правник – Bachelor of Laws (LL.B).

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик. Исто така, солидно го познава српскиот и хрватскиот јазик, а има основно познавање на германскиот јазик.

Во учебната 2018/2019 година, кандидатката се запишала на втор циклус студии, на насоката Граѓанско материјално и граѓанско процесно право, и успешно ги положила испитите од студиската програма. На 10.2.2021 година, кандидатката го одбранила својот магистерски труд на тема: „Права на земјоделско земјиште”, пред Комисија во состав: проф. д-р Родна Живковска (менторка), проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска и проф. д-р Тина Пржеска. Со ова кандидатката стекнала 120 кредити од мастер студиите со просечен успех 9,66 и се здобила со назив: магистер по право од областа граѓанско материјално и граѓанско процесно право – Master of Laws (LL.M).

Во ноември 2021 година, кандидатката се запишала на трет циклус студии (докторски студии) на студиска програма Граѓанско право на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Кандидатката успешно ги завршила обврските од студиската програма, при што се стекнала со 180 кредити од докторските студии со просечен успех 10,00. На 23.11.2022 година ја пријавила темата за изработка на докторската дисертација со наслов: „Институтот застапништво и неговото значење во граѓанското право”. Докторската дисертација кандидатката ја одбранила на 18.9.2024 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Родна Живковска (менторка), проф, д-р Мирослав Лазиќ (редовен професор на Правниот факултет во Ниш) проф. д-р Татјана Зороска Камиловска, проф. д-р Тина Пржеска и проф. д-р Елена Игновска. Со тоа кандидатката се стекнала со научниот степен доктор на правни науки од областа на граѓанско право – Doctor of law in civil law (PhD).

Со одлуките на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката, за време на своите студии, била избрана за демонстратор во наставно-образовниот процес во учебната 2019/2020 година и во учебната 2020/2021 година.

Во моментот е вработена како асистент на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Последниот реферат за избор на соработник во звањето асистент на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1252 од 1.1.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката д-р Теа Лалевска од почетокот на кариерата, коишто се прикажани во Билтенот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1252 од 1.1.2022 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката д-р Теа Лалевска изведува настава на прв циклус правни студии (додипломски студии) и на втор циклус студии на насоката Граѓанско право (мастер студии).

Почнувајќи од денот на нејзиниот избор како асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје до денешен ден, кандидатката учествува во изведувањето на настава по предметите Општ дел на граѓанското право (прва година, прв циклус, правни студии), Стварно право (втора година, прв циклус, правни студии) и Основните институти на јавно и приватно право (трета година, прв циклус, студии по новинарство и односи со јавност).

Кандидатката изведува настава и на втор циклус студии (мастер студии) по предметите Стварно право 2 и Граѓанско право – применета програма, кои се задолжителни предмети на насоката граѓанско право. Исто така, учествува во изведувањето настава и за други изборни и опциони предмети од насоката: Земјишно-книжно право, Лично право, Земјоделско право, Право на културно наследство, Компаративно граѓанско право и Институти на општиот дел на граѓанското право.

За потребите на студентите во наставата, односно за полесно совладување на содржините на предметните програми за време на предавањата (онлајн и во живо) на прв и втор циклус студии, кандидатката континуирано подготвувала пакети материјали по наведените предмети.

Деталните активности кои припаѓаат во наставно-образовна дејност на кандидатката, со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата од Образец 2.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Теа Лалевска има објавено вкупно 13 научни и стручни трудови како автор или коавтор од областа граѓанско материјално право во последните 5 години пред објавувањето на конкурсот за избор. Од вкупно објавените трудови, 2 од нив се објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (Ebsco, HeinOnline), 1 труд е објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на ЕУ и/или ОЕЦД, 1 дел од монографија објавена во странство, 8 труда објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите

на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и 1 труд објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. Сите пријавени и доставени научни и стручни трудови на кандидатката се соодветно евидентирани и прикачени во Репозиториумот на научни и уметнички трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Д-р Теа Лалевска во текот на својата научноистражувачка дејност учествувала во 3 национални научни проекти.

Д-р Теа Лалевска учествувала на вкупно 12 национални и меѓународни научни конференции и собири, на кои изведувала самостојна усна презентација (реферат).

Од моментот на поднесување на пријавата, кандидатката очекува објава на 2 научни коавторски труда со веќе прифатени и/или објавени апстракти во соодветни научни публикации.

Деталните активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност на кандидатката, со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата од Образец 2.

**<u>Стручна-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Теа Лалевска, за време на вршењето на работните задачи како асистент, активно е вклучена во стручно-апликативна дејност и дејноста од поширок интерес на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Кандидатката била учесник во промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, и тоа со јавни презентации предвидени за промоција на Факултетот на Отворени денови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, како и при посета во средни училишта заради претставување на Факултетот.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Станува член на уредувачкиот одбор на стручно списание, односно студентско списание ,,Iustinianus Primus Student Law Review” на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје. Била избрана за член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир за Годишна научна конференција на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје. Исто така, кандидатката била учесник и во спроведувањето на активностите поврзани со администрирање и индексирање на електронското списание „Iustinianus Primus Law Review”.

Д-р Теа Лалевска активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Била член на Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус студии за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Кандидатката, исто така, била член на Комисија за дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во 2022/2023 година била именувана за член во Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност, а во 2023/2024 година била член на Комисија за попис и утврдување на паричните и други форми на побарувања и обврски на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Д-р Теа Лалевска била именувана за член на Координативна работна група за подготовка на документација за повторно акредитирање на постојна студиска програма на правни студии од прв циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2022/2023 година.

Во учебната 2022/2023 година, кандидатката била избрана за член на Комисија за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Исто така, била и член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во учебната 2023/2024 година. Кандидатката во ноември 2024 година била именувана за

претседател на Комисија за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Д-р Теа Лалевска, во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година, била избрана за член на Штаб за заштита и спасување на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во март 2024 година, кандидатката д-р Теа Лалевска била избрана за секретар на Колегиумот на студиска програма на втор циклус студии – Граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Деталните активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес на кандидатката, со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата од Образец 2.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Теа Лалевска, согласно со извештаите од самоевалуација, во периодот од изборот во звањето асистент на научната област граѓанско материјално право до моментот на поднесување на пријавата, континуирано добива (висока) позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, личното познавање и позитивното искуство од соработката со кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Теа Лалевска.

Од наведените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Теа Лалевска поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува сите услови согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/18, Сл. весник на РСМ бр. 154/2019, бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 1018 и бр. 426, од 3 јули 2019), за да биде избрана во звањето доцент на научната област граѓанско материјално право.

Врз основа на наведеното, Комисијата има чест и задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, д-р Теа Лалевска да биде избрана во звањето **доцент** на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Скопје, 10.12.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**
**Проф. д-р Тина Пржеска, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Теа Тони Лалевска
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје
**Научна област:** **ГРАЃАНСКО-МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,38.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,66. | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: граѓанско право; поле: правни науки; подрачје: општествени науки | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | / |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност | / |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>1. Странски јазик: англиски јазик (ниво Б2) според Европската јазична рамка на Советот во Европа CEFR<br>2. Назив на документот: Уверение, бр. 03-1287/1<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 2.7.2024 година | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, Рецезентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**
**Проф. д-р Тина Пржеска, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Теа Тони Лалевска
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје
**Научна област: граѓанско-материјално право**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување настава во учебната 2022/23 година** | **Вкупно: 5,36** |
| **Одржување на настава (летен и зимски семестар, прв циклус студии)** | | |
| 1.1. | **Општ дел на граѓанското право** (4,9*15*0,04=3 поени) | 3 |
| 1.2. | **Стварно право** (3,1*15*0,04=1,86 поени) | 1,86 |
| 1.3. | **Основни институти на јавно и приватно право** (0,8*15*0,04=0,50 поени) | 0,50 |
| **2.** | **Одржување настава во учебната 2023/24 година** | **Вкупно: 8,54 поени** |
| **Одржување на настава (летен и зимски семестар, прв циклус студии)** | | |
| 2.1. | **Општ дел на граѓанското право** (5,1*15*0,04=3,06 поени) | 3,06 |
| 2.2. | **Стварно право** (3,1*15*0,04=1,8 поени) | 1,86 |
| 2.3. | **Основни институти на јавно и приватно право** (1,2*15*0,04=0,72 поени) | 0,72 |
| **Одржување на настава (летен и зимски семестар, втор циклус студии)** | | |
| 2.4 | **Граѓанско право - применета програма** (1,25*15*0,05=0,10 поени) | 0,10 |
| 2.5. | **Стварно право 2** (2,5*15*0,05=1,9 поени) | 1,9 |
| 2.6. | **Земјишно-книжно право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 2.7. | **Лично право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 2.8. | **Земјоделско право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 2.9. | **Компаративно граѓанско право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 2.10. | **Право на културно наследство** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 2.11. | **Институти на општиот дел на граѓанското право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| **3.** | **Одржување настава во учебната 2024/25 година** | **Вкупно: 3 поени** |
| **Одржување на настава (зимски семестар, прв циклус студии)** | | |
| 3.1 | **Стварно право** (2,5*15*0,04=1,5 поени) | 1,5 |
| **Одржување на настава (зимски семестар, втор циклус студии)** | | |
| 3.2. | **Стварно право 2** (1,8*15*0,05=1,4 поени) | 1,4 |
| 3.3. | **Земјишно-книжно право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 3.4 | **Лично право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.5 | **Земјоделско право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 3.6. | **Компаративно граѓанско право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 3.7 | **Право на културно наследство** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| 3.8 | **Институти на општиот дел на граѓанското право** (менторска настава) (0,4*15*0,05=0,3 поени) | 0,3 |
| **4.** | **Консултации со студенти** | **Вкупно: 3, 01 поени** |
| 4.1. | Консултации со студенти на додипломски и постдипломски студии во учебната 2021/22 година (летен семестар, прв и втор циклус студии) 300*0,002=0,6 поени | 0,6 |
| 4.2. | Консултации со студенти на додипломски и постдипломски студии во учебната 2022/23 година (зимски и летен семестар, прв и втор циклус студии) 495*0,002= 0, 99 поени | 0,99 |
| 4.3. | Консултации со студенти на додипломски и постдипломски студии во учебната 2023/24 година (зимски и летен семестар, прв и втор циклус студии) 450*0,002=0,9 поени | 0,9 |
| 4.4. | Консултации со студенти на додипломски и постдипломски студии во учебната 2024/25 година (зимски семестар, прв и втор циклус студии) 260*0,002=0,52 поени | 0,52 |
| **5.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **Вкупно: 9 поени** |
| 5.1. | Општ дел на граѓанското право, задолжителен предмет, прв циклус, правни студии (PPT презентации, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.2. | Стварно право, задолжителен предмет, прв циклус, правни студии (PPT презентации, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.3. | Институти на јавно и приватно право, задолжителен предмет, прв циклус, студии по новинарство (PPT презентации, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.4. | Стварно право 2, задолжителен предмет, втор циклус, правни студии (PPT презентации, анализи, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.5. | Граѓанско право – применета програма, задолжителен предмет, втор циклус, правни студии (PPT презентации, анализи, практични случаи, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.6. | Земјишно-книжно право, изборен предмет, втор циклус, правни студии (PPT презентации, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | |
| 5.7. | Земјоделско право, изборен предмет, втор циклус, правни студии (PPT презентации, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.8. | Право на културно наследство, опционен предмет, втор циклус, правни студии (PPT презентации, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| 5.9. | Институти на општиот дел на граѓанското право, опционен предмет, втор циклус, правни студии (PPT презентации, дополнителни материјали за настава во живо и онлајн за време на ковид) | 1 |
| **Вкупно** | | **28,92** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национален научен проект** | **Вкупно: 9 поени** |
| 1.1 | Мега-проект „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија”, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје, Истражувачко подрачје, Критичко преиспитување на правото, 2022 година | 3 |
| 1.2 | Мега-проект „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија”, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје, Истражувачко подрачје, Критичко преиспитување на правото, 2023 година | 3 |
| 1.3. | Мега-проект ,,Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија”, Правен факултет ,,Јустинијан Први” Скопје, Истражувачко подрачје, Критичко преиспитување на правото, 2024 година | 3 |
| **2.** | **Дел од монографија објавена во странство** | **Вкупно: 5 поени** |
| 2.1. | R. Živkovska, T. Prženska, **T. Lalevska**, *The Legal Nature of the Right to Build in Macedonian Legislation,* Two Challenges to be Addressed in the European Projects - 2022, Studies in Systems, Decision and Control 500, Springer Nature Switzerland AG 2023, p. 159-189; The Legal Nature of the Right to Build in Macedonian Legislation—Legal Transplant from the Legal Systems of EU Countries \| SpringerLink | 5 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **Вкупно: 9 поени** |
| 3.1. | R. Živkovska, T. Prženska, **T. Lalevska**, *Safeguards from unlawful deprivation of property in the Macedonian legislation and the* | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *European Convention on Human Rights*, Law Review Vol.11 Special Issue, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, 2020 (Ebsco, HeinOnline); Safeguards from Unlawful Deprivation of Property in the Macedonian Legislation and the European Convention on Human Rights 11 Iustinianus Primus Law Review 2020 (heinonline.org) | |
| 3.2. | **T. Lalevska**, *Legal regime of possession and its protection*, Annual Scientific International Conference “Contemporary Aspects of Legal Culture – Contents and discontents”, Iustinianus Primus Faculty of Law, Skopje, 2022; (Ebsco, HeinOnline); LEGAL REGIME OF POSSESSION AND ITS PROTECTION \| Iustinianus Primus Law Review (ukim.mk) | 5 |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **Вкупно: 3 поени** |
| 4.1. | Р. Живковска, Т. Пржеска, **Т. Лалевска**, „*Вршење на правото на службеност и негова заштита*”, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први”во чест на проф. д-р Арсен Јаневски, Скопје, 2023, стр. 581-605; https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/28456/1/Godisnik%20TOM%2061%20Arsen%20Janevski.pd | 3 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на ЕУ и/или ОЕЦД** | **Вкупно: 5 поени** |
| 5.1. | **T. Lalevska**, *Digitalization of cadastral system in the Republic of North Macedonia*, Conference “Law in the digital age”, University of Szeged, Faculty of Law, 2023, p.107-131; Law in the digital age (researchgate.net) | 5 |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **Вкупно: 34,5 поени** |
| 6.1. | R. Živkovska, T. Prženska, **T. Lalevska**, *Neighbor relations in Macedonian property law*, International Scientific Conference, Legal System in Period of New Reality, Faculty of Law, University of Priština in Kosovska Mitrovica, 2021, p.197-214; https://pravni.pr.ac.rs/docs/zrp/zbornik%20radova%20na%20engleskom.pdf | 4 |
| 6.2. | **Т. Лалевска**, Ш. Кадри, *Смртта како правен факт*, Зборник на трудови, Општествени промени во глобалниот свет, Деветта меѓународна конференција, Штип, 2022, стр. 65-78; https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/article/view/5304 | 4,5 |
| 6.3. | R. Živkovska, T. Prženska, **T. Lalevska**, *The status of the pledge creditor during the realization of the right of pledge in the Macedonian law*,” Заштита људских права и слобода у светлу међународних и националних стандарда”, Универзитет у Приштини, Косовска Митровица, 2022, p. 11-33; https://pravni.pr.ac.rs/docs/zrp/Naucna%20konferencija%202022.pdf | 4 |
| 6.4. | R. Živkovska, T. Prženska, **T. Lalevska**, *Ambiguous legal treatment of illegal structures in the Macedonian real property law*, Law between the ideal and the reality, International Scientific Conference, Faculty of Law, | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | University of Priština in Kosovska Mitrovica, 2023, p. 51-68; https://pravni.pr.ac.rs/docs/zrp/Zbornik%20Pravo%20izmedju%20ideala%20i%20stvarnosti%20-%20Engleski.pdf | |
| 6.5. | **Т. Лалевска**, *Деловната способност на физичките лица во граѓанското право*, Зборник на трудови, ,,Општествени промени во глобалниот свет”, 10-та меѓународна научна конференција, Штип, 2023, стр. 56-69; https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/article/view/6038 | 5 |
| 6.6. | R. Živkovska T. Prženska, **T. Lalevska**, *The effect of agricultural policies on agricultural land ownership*, Challenges and perspectives of the development of legal systems in the XXI century, Conference Proceedings, Banja Luka, 2023, p. 215-228; Challenges-and-Perspectives-of-the-Development-of-legal-Systems-in-21st-century.pdf (unibl.org) | 4 |
| 6.7. | T. Prženska, **T. Lalevska**, *The legal nature of the real burden in contemporary legal system*, The dynamic of modern legal order, International Scientific Conference, Thematic conference proceedings, Faculty of Law, University of Priština in Kosovska Mitrovica, 2024, p. 15-28;https://pravni.pr.ac.rs/wp-content/uploads/2024/05/Zbornik-sazetaka-Dinamika-savremenog-pravnog-poretka-2024-1.pdf | 4,5 |
| 6.8. | T. Przheska, **T. Lalevska,** *The legal gaps in regulating the right of pledge in Macedonian property law*, Collection of papers, XII Scientific Conference on the occasion of the day of the Faculty of Law ,, Legal gaps and the completeness of Law, University of East Sarajevo, Faculty of Law, Pale, 2024, p. 127-142; XII Naučni skup povodom Dana Pravnog fakulteta „Pravne praznine i punoća prava“ (ues.rs.ba) | 4,5 |
| **8.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (со усна презентација)** | **Вкупно: 12 поени** |
| 8.1. | **T. Lalevska**, *Legal regime of possession and its protection*, Annual Scientific International Conference “Contemporary Aspects of Legal Culture – Contents and discontents”, Iustinianus Primus Faculty of Law, Skopje, November 2022 | 1 |
| 8.2. | **Т. Лалевска**, Ш. Кадри, *Смртта како правен факт*, Зборник на трудови, Општествени промени во глобалниот свет, Деветта меѓународна конференција, Штип, 2022; | 1 |
| 8.3. | **T. Lalevska**, *Digitalization of cadastral system in the Republic of North Macedonia*, Conference “Law in the digital age”, University of Szeged, Faculty of Law, 2023; | 1 |
| 8.4. | R. Živkovska T. Prženska, **T. Lalevska**, *The effect of agricultural policies on agricultural land ownership*, Challenges and perspectives of the development of legal systems in the XXI century, Conference Proceedings, Banja Luka, 2023; | 1 |
| 8.5. | R. Živkovska, T. Prženska, **T. Lalevska**, *Ambiguous legal treatment of illegal structures in the Macedonian real property law*, Law between the ideal and the reality, International Scientific Conference, Faculty of Law, University of Priština in Kosovska Mitrovica, 2023; | 1 |
| 8.6. | **Т. Лалевска**, *Деловната способност на физичките лица во граѓанското право*, Зборник на трудови, ,,Општествени промени во глобалниот свет”, 10-та меѓународна научна конференција, Штип, 2023; | 1 |
| 8.7. | T. Przheska, **T. Lalevska,** *Legal gaps in regulating the right of pledge in Macedonian property law*, The XII Scientific Conference on the occasion of the day of the Faculty of Law ,,Legal gaps and the | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | completeness of Law, University of East Sarajevo, Faculty of Law, Pale, 2023; | |
| 8.8. | **T. Lalevska,** *The legal treatment of Animals in Civil law*, Annual Scientific International Conference „The prospects of the European integration in the time of geopolitical challenges,, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje, 2023; | 1 |
| 8.9. | T. Pržeska, **T. Lalevska**, *The legal nature of the real burden in contemporary legal system*, The dynamic of modern legal order, International Scientific Conference, Thematic conference proceedings, Faculty of Law, University of Priština in Kosovska Mitrovica, 2024; | 1 |
| 8.10. | T. Przheska, **T. Lalevska,** *Consequences of ambiguous regulation of the right of contractual pledge in Macedonian property law*, Legal principles in contemporary law, International scientific conference ,,Legal principles in contemporary law", Niš, 2024; | 1 |
| 8.11. | T. Przheska, **T. Lalevska,** *Prohibition of the abuse of the rights in Macedonian civil law and its practical implications*, XII Scientific Conference, ,,Law between protection and abuse", Pale, 2024; | 1 |
| 8.12. | T. Lalevska, *Contemporary tendencies in the representation of natural persons in civil law,* Annual Scientific International Conference, ,,Challenges of Legal Systems", Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje, 2024; | 1 |
| **9.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | **Вкупно: 2 поени** |
| 9.1. | T. Przheska, **T. Lalevska,** *Consequences of ambiguous regulation of the right of contractual pledge in Macedonian property law*, Legal principles in contemporary law, International scientific conference,,Legal principles in contemporary law", Niš, 2024; zbornik-sazetaka-pravni-principi-u-savremenom-pravu-2024.pdf | 1 |
| 9.2. | T. Przheska, **T. Lalevska,** *Prohibition of the abuse of the rights in Macedonian civil law and its practical implications*, XII Scientific Conference, Collection of Abstract ,,Law between protection and abuse", on The occasion of The Day of The Faculty of Law, International scientific conference, held in Pale, 26 October 2024; | 1 |
| **Вкупно** | | **79,5** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество во промотивни активности на факултетот** | **Вкупно: 2 поени** |
| 1.1. | Отворен ден за промоција на факултети, претставување на Факултетот при посета во средни училишта – 2024 година (Одлука бр. 05-17/134, од 21.5.2024 година) | 0,5 |
| 1.2. | Отворен и кариерен ден на УКИМ – Саем на универзитети, април 2024 | 0,5 |
| 1.3. | Учество на промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Саем на универзитети „Уникомпас“, јуни 2024 година | 0,5 |
| 1.4. | Учесник во презентирање на Факултетот на Отворени денови на УКИМ – 2023 година (Одлука бр. 03-495/1, од 25.4.2023 година) | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1.** | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание (студентско списание „Iustinianus Primus Student Law | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Review“ на Правниот факултет „Јустинијан Први” Скопје) (Одлука бр. 02-385/8, од 3.4.2023 година) | |
| **2.** | Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир (Годишна научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје) (Одлука бр. 02-546/10, од 29.4.2024 година) | 1 |
| **3.** | Студиски престој во странство (до три месеци) – престој на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Србија, април 2024 (потврда за меѓународна мобилност, бр. 01-1040/2) | 0,5 |
| **4.** | **Член на факултетска комисија** | **Вкупно: 6,5 поени** |
| 4.1. | Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година (Одлука бр. 02-660/7, од 3.6.2024 година) | 0,5 |
| 4.2. | Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2023/2024 година (Одлука бр. 02-744/7, од 3.7.2023 година) | 0,5 |
| 4.3. | Член на Комисија за дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2022 – 2024 година (Одлука бр. 02-1418/11, од 28.12.2022 година) | 0,5 |
| 4.4. | Член на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност, 2022/3023 година (Одлука бр. 02-1314/9, од 1.12.2022 година) | 0,5 |
| 4.5. | Комисија за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарувања и обврски 2023/24 година (Одлука бр. 02-1203/3, од 4.12.2024 година) | 0,5 |
| 4.6. | Член на Координативна работна група за подготовка на документација за повторно акредитирање на постојната студиска програма на правни студии, прв циклус студии, за учебната 2022/23 година (Одлука бр. 03-1064/1, од 7.10.2022 година) | 0,5 |
| 4.7. | Член на Комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2022/2023 година (Одлука бр. 03-1229/1, од 11.11.2022 година) | 0,5 |
| 4.8. | Член на Избирачкиот одбор за изборите за претседател на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2024 година (Одлука бр. 03-563/5, од 13.5.2024 година) | 0,5 |
| 4.9. | Секретар на Колегиумот на студиската програма на втор циклус студии – Граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2024 година (Одлука бр. 03-322/2, од 1.3.2024 година) | 0,5 |
| 4.10. | Член на Штаб за заштита и спасување на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје ,2023 година (Одлука бр. 02-627/11, од 7.6.2023 година) | 0,5 |
| 4.11. | Член на Штаб за заштита и спасување на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2024 година (Одлука бр. 02-1009/6, од 7.10.2024 година) | 0,5 |
| 4.12. | Учесник во спроведувањето на активностите поврзани со администрирањето и индексирањето на | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | електронското списание „Iustinianus Primus Law Review“, 2023 година (Одлука бр. 03-740/1, од 26.6.2023 година) | |
| 4.13 | Претседател на Комисија за спроведување на изборите за членови на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје 2024/25 година (Одлука бр. 03-1218/1, од 15.11.2024 година) | 0,5 |
| **Вкупно** | | **10,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **28,92** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **79,5** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **10,5** |
| **Вкупно** | **118,92** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**
**Проф. д-р Тина Пржеска, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**НА РАКОПИСОТ „ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ, ПРОФ. Д-Р БОБАН МИСОСКИ, ПРОФ. Д-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА И ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЛАЗАР НАНЕВ**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на 4.12.2024 година, бр. 02-1311/9, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Детско престапништво и правда за деца” од авторите: проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Бобан Мисоски, проф. д-р Олга Кошевалиска и вонр. проф. д-р Лазар Нанев, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за предметот Малолетничко казнено право, избрани се акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Гордан Калајџиев.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Општ дел**

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Детско престапништво и правда за деца |
| **Назив на предметната програма:** | Правни студии |
| **Назив на студиската програма:** | Студии по казнено право, втор циклус студии, двегодишни студии;<br>Студии по казнено право, втор циклус студии, едногодишни студии; |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **60 часа и 7 ЕКТС-кредити** |
| Предметот Детско престапништво и правда за деца на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови: 60, број на ЕКТС-кредити: 7 и се слуша во првиот семестар од едногодишните и двегодишните студии по казнено право на вториот циклус студии. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 277 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ги предговорот и литературата). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Академик проф. д-р Владо Камбовски, с.р.**
**Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: АКАД. ПРОФ. Д-Р ВЛАДО КАМБОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот под наслов „Детско престапништво и правда за деца“ е систематизиран во 12 поглавја со цел да одговара на потребите на силабусот по предметот Малолетничко казнено право, што се предава како задолжителен предмет на вториот циклус студии по казнено право. Сходно на тоа, предвидено е во текот на предавањата да се опфатат тематските содржини од силабусот по овој предмет кои во целост се покриени со учебникот „Детско престапништво и правда за деца“. На почетокот, авторите даваат краток предговор во кој се содржани главните идеи и целите поради кои е изготвен овој ракопис. Пописот на почесто користените кратенки, дел на почетокот на овој ракопис е наменет за олеснување на читливоста и прегледноста на текстот. Во рамките на првата глава се обработуваат поимот и основните карактеристики на детското престапништво, а воедно се обработуваат и најзначајните теории врз основа на кои се темели детското престапништво. Во втората глава се обработуваат етиологијата, односно егзогените и ендогените фактори на детското престапништво, како феноменологијата на детското престапништво. Поимот дете и категориите на деца во ризик и категориите на деца што подлежат на кривична одговорност се изучуваат во рамките на третата глава. Во четвртата глава се разработуваат карактеристиките, изворите и начелата на постапката спрема детето согласно со националното законодавство. Во петтата глава се обработуваат санкциите спрема децата, како и нивното дејство. Анализата на кривичната постапка спрема децата преку анализа на субјектите на кривичната постапка, мерките за обезбедување на присуство во текот на кривичната постапка, како и самиот тек на постапката се предмет на обработка на следните три глави, односно главите шеста, седма и осма од ракописот. Во рамките на деветтата глава се обработуваат посебните постапки што се предвидени со Законот за правда за деца, односно постапката пред ЦСР, но и постапките што ги иницира јавниот обвинител, што претставуваат алтернативи на кривичната постапка. Во десеттата глава од ракописот се обработуваат начелата на ресторативната правда и медијацијата, како особено значајни концепти за решавање на детското престапништво преку заштита на интересите на децата, но истовремено и нивно воспитување во здрави индивидуи кои би ги прифатиле и почитувале општествените норми во иднина. Претпоследната глава се занимава со обработка на институционалниот одговор за |

| | |
|---|---|
| | заштита на децата што се јавуваат како жртви на кривичните дела, но и како сведоци во текот на кривичната постапка. Конечно, во рамките на последната глава, Глава 12, се обработени темите што се однесуваат на превенцијата на детското престапништво. На крајот од ракописот е дадена содржината и деталниот попис на богатата цитирана литература што им помогнала на авторите при пишувањето на овој ракопис. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Малолетничко казнено право, што се предава на вториот циклус студии по казнено право. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот под наслов „Детско престапништво и правда за деца“ претставува систематизирана целина во која се обработуваат главните карактеристики на криминалитетот на децата, односно на детското престапништво и правдата на децата како поширок поим. Пристапот на авторите на ракописот е приспособен на наставната програма по предметот Малолетничко казнено право, при што авторите во целост на студентите им ја претставуваат оваа значајна научна дисциплина, нудејќи им доволно широк дијапазон на информации за стекнување на базичните знаења, но, истовремено, нудејќи и доволно релевантна содржина за продлабочување на нивните знаења. Во рамките на ракописот, авторите даваат еден сеопфатен пристап кон оваа социјално патолошка појава, на тој начин што на почетокот даваат релевантни криминолошки одредници за детското престапништво, анализирајќи ги теоретските основи, но и феноменологијата и етиологијата на детското престапништво. Понатаму, авторите ги анализираат елементите на поимот дете, но и основите на кривичната одговорност на децата, за потоа да се задржат кон анализа на кривичната постапка што се води против децата сторители на кривични дела. Целокупноста и темелноста во пристапот на авторите кон разработувањето на концептот на правдата за децата се согледува и низ фактот дека авторите не застануваат на елаборација само на кривичната постапка кон децата, туку ги анализираат и ни даваат дополнителни податоци и за сите други начини на разрешување на постапките во случаите кога децата се во судир или во конфликт со законот. Па така, се разработуваат и постапките пред ЦСР за давањето на помош и заштита на децата, како и постапките за ресторативна правда за децата, како неизбежен дел од организираниот пристап на државните органи |

| | |
|---|---|
| | кон третманот на детското престапништво. Истовремено, се анализира и казнената политика кон децата престапници, но се анализираат и начините за заштита и превенција од детското престапништво. Особено значење кон квалитетот на учебникот и неговата заокружена содржина е и фактот дека авторите сосема успешно и мошне квалитетно го разработуваат и делот на заштита на децата жртви во кривичната постапка. На овој начин преку разбирлив, а истовремено висок академски стил, авторите на овој ракопис во целост ја доближуваат до студентите оваа комплексна материја, нудејќи им солидна теоретска основа за нивното идно професионално искуство во постапувањето со детското престапништво. Покрај за студентите, овој ракопис, првенствено имајќи го предвид енциклопедискиот пристап и тенденцијата на авторите кон сеопфатно научно анализирање на детското престапништво, а особено обработувајќи ги во целост постулатите на правдата за децата, може да послужи и за пошироката професионална и научна мисла, која во овој ракопис ќе пронајде значаен извор за задоволување на нивната професионална љубопитност, но и вредна и ефикасна алатка за справување со нивните секојдневни професионални предизвици на полето на правдата за децата и детското престапништво. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 275 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ги предговорот и литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Малолетничко казнено право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 4.12. 2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРДАН КАЛАЈЏИЕВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот под наслов „Детско престапништво и правда за деца“ е систематизиран во 12 поглавја со цел да одговара на потребите на силабусот по предметот Малолетничко казнено право, што се предава како задолжителен предмет на вториот циклус студии по казнено право. Сходно на тоа, предвидено е во текот на предавањата да се опфатат тематските содржини од силабусот по овој предмет кои во целост се покриени со учебникот „Детско престапништво и правда за деца“. На почетокот, авторите даваат краток предговор во кој се содржани главните идеи и целите поради кои е изготвен овој ракопис. Пописот на почесто користените кратенки, дел на почетокот на овој ракопис е наменет за олеснување на читливоста и прегледноста на текстот. Во рамките на првата глава се обработуваат поимот и основните карактеристики на детското престапништво, а воедно се обработуваат и најзначајните теории врз основа на кои се темели детското престапништво. Во втората глава се обработуваат етиологијата, односно егзогените и ендогените фактори на детското престапништво, како феноменологијата на детското престапништво. Поимот дете и категориите на деца во ризик и категориите на деца што подлежат на кривична одговорност се изучуваат во рамките на третата глава. Во четвртата глава се разработуваат карактеристиките, изворите и начелата на постапката спрема детето согласно со националното законодавство. Во петтата глава се обработуваат санкциите спрема децата, како и нивното дејство. Анализата на кривичната постапка спрема децата преку анализа на субјектите на кривичната постапка, мерките за обезбедување на присуство во текот на кривичната постапка, како и самиот тек на постапката се предмет на обработка на следните три глави, односно главите шеста, седма и осма од ракописот. Во рамките на деветтата глава се обработуваат посебните постапки што се предвидени со Законот за правда за деца, односно постапката пред ЦСР, но и постапките што ги иницира јавниот обвинител, што претставуваат алтернативи на кривичната постапка. Во десеттата глава од ракописот се обработуваат начелата на ресторативната правда и медијацијата, како особено значајни концепти за решавање на детското престапништво преку заштита на интересите на децата, но истовремено и нивно воспитување во здрави индивидуи кои би ги прифатиле и почитувале општествените норми во иднина. Претпоследната глава се занимава со обработка на институционалниот одговор за |

| | |
|---|---|
| | заштита на децата што се јавуваат како жртви на кривичните дела, но и како сведоци во текот на кривичната постапка. Конечно, во рамките на последната глава, Глава 12, се обработени темите што се однесуваат на превенцијата на детското престапништво. На крајот од ракописот е дадена содржината и деталниот попис на богатата цитирана литература што им помогнала на авторите при пишувањето на овој ракопис. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Малолетничко казнено право, што се предава на вториот циклус студии по казнено право |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот „Детско престапништво и правда за деца“ претставува современ учебник, првенствено наменет за студентите на вториот циклус студии по казнено право. Учебникот е приспособен и во целост ги следи тематските единици што се обработуваат во рамките на оваа научна дисциплина, при што на студентите им нуди сеопфатен приказ на оваа научна дисциплина. Стилот на авторите е академски, но истовремено е лесен и интересен за читање, што е од особено значење кај универзитетските учебници. Авторите на овој ракопис успешно прават комбинација на современите теоретски основи врз кои е фунидирана оваа научна дисциплина, но истовремено на студентите, односно на читателите им оставаат доволно простор за самостојно критичко преоценување на теоретските постулати. Авторите овој пристап го постигнале на тој начин што во учебникот ги разгледуваат доминантните теоретски стојалишта, но во исто време даваат и соодветен критички осврт на останатите т.н. предизвикувачки теми кои се присутни во секоја правна дисциплина. Од особена вредност за студентите, но и за пошироката читателска публика е што авторите на овој ракопис ги понудиле и процесноправните аспекти на детското престапништво, преку анализа на карактеристиките на правдата за децата. Во таа насока може да констатираме дека учебникот е сеопфатен, темелен и соодветен за стекнување на правно релевантни знаења на студентите од областа на правдата за децата и детското престапништво. Имајќи го предвид погоре наведеното, со задоволство го препорачувам ракописот „Детско престапништво и правда за деца“ да се објави како задолжителна литература за подготвување на предметот Малолетничко казнено право за студентите на вториот циклус студии на |

| | |
|---|---|
| | Правниот факултет. Додека на пошироката стручна и научна јавност со задоволство им препорачуваме задолжително читање на овој учебник. Притоа, уверени сме дека овој учебник ќе ги исполни и најстрогите критички читателски вкусови кои со него несомнено ќе го збогатат сопственото знаење од областа на детското престапништво и правдата за децата. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 275 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ги предговорот и литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Малолетничко казнено право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 4.12.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЛОБОДАРСТВО, ДРЖАВА И ПРОМЕНА: ОВЕРТОНОВ ПРОЗОРЕЦ ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО“ (LIBERTARIANISM, STATE AND CHANGE: OVERTON WINDOW ON THE ROLE OF THE STATE IN THE MACEDONIAN SOCIETY) ОД М-Р НИКОЛА Љ. ИЛИЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 04.12.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **Слободарство, држава и промена: Овертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество“ (Libertarianism, state and change: Overton window on the role of the state in the Macedonian society)**од кандидатот **м-р Никола Љ. Илиевски**, во состав: проф. д-р Зоран Илиевски, проф. д-р Ненад Марковиќ (ментор), проф. д-р Иван Дамјановски, проф. д-р Ана Чупеска и проф. д-р Горан Илиќ. Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Љ. Илиевски, со наслов: „Слободарство, држава и промена: Обертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество“ (Libertarianism, state and change: Overton window on the role of the state in the Macedonian society), содржи 637 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 1192 фусноти и 865 библиографски единици, од кои над 400 книги, статии и написи, и поголемиот број интернет-извори, меѓу кои документи, анализи, релевантни написи и колумни.

Оправданоста за создавањето на овој труд може да се гледа од две перспективи, и тоа: академска (научна) и општествена. Академската оправданост на овој труд се поистоветува со потребата од воведување на слободарски, или либертаријански дискурс во општествените науки, како начин за преиспитување на доминантните научни премиси, а со тоа и збогатување на македонската академска сцена. Општествената оправданост на овој труд, или активистичка перспектива, се поврзува со потребата за проширување на слободарските, односно либертаријанските идеи, како и стратегиите кон (по)слободно општество, посебно помеѓу младите лица, кои (сѐ уште) имаат порив за општествена промена и постигнување на праведно и просперитетно општество.

Основен предмет на ова истражување е идеолошката свест, односно гледиштата, ставовите и верувањата на поединците за улогата на државата, како специфична организација, во општеството. Овие гледишта, ставови и верувања, и тоа конкретизирани за улогата на државата, се во сржта на концептот наречен идеолошка (пот)свест, која дополнително се разгледува во текстот и се однесува на афинитетите и идентификациите на поединците со конкретна (политичка) идеологија од (политичко) идеолошкиот спектар, наречен идеолошко каро. Главниот мотив, покрај предметот на истражување, е Хаековата (хипо)теза дека

владејачките идеи во едно општество, на среден и долг рок ги одредуваат општествените институции, како и јавните политики, односно адаптирањето на идеите кај поединците, што несомнено влијае врз градењето, моделирањето и контурите на политичкиот систем во конкретното општество. Во таа насока, предметот на ова истражување тесно е поврзано со јавното мислење, посебно на интелектуалната јавност, за она што претставува држава, кои функции треба да ги има и, секако, кои се границите на нејзината надлежност, во поглед на човековите делувања и општествените односи кои произлегуваат од нив.

Овој труд има повеќе цели, од кои може да се издвојат четири основни и две посебни. Како основни цели на истражувањето се издвојуваат: 1) да се направи историска и суштинска анализа на широката идеолошка традиција на слободарството, со посебен фокус на идеологијата на либертаријанизмот, 2) да се направи суштинска анализа на општествениот феномен на држава, изразен преку повеќе групи на показатели, во кои е изразена нејзината суштина, 3) да го објасни феноменот на општествена и идеолошка промена, со посебен фокус на субјектите и стратегиите на мирна општествена промена, и 4) да подготви емпириски модел на концептот на Овертонов прозорец на политички можности, со посебен фокус на прашањето на улогата на државата во (македонското) општеството.

Како посебни цели на истражувањето се посочени: 1) да поттикне проникнување на слободарските научни поставки во македонската академска средина, изразени низ филозофски индивидуализам, природно-правната теорија на правото, Австриската економска школа, теоријата на јавен избор, перпективите за алтернативно владеење, Хаековата теорија на општествена промена, праксеологијата на Мисес, прозорците на јавно мислење, Овертоновиот прозорец на политички можности, стратегиите за слободарска промена, филозофијата на објективизмот и други релевантни традиции, во рамките на пошироката слободарска мисла, и 2) да поттикне идеолошка, а следствено општествена промена во македонското општество кон (по)слободно општество.

Во поглед на содржината, докторската теза е структурирана во пет големи целини: вовед, триесет и четири подглави и заклучок. Содржината е фрагментирана, но детална.

Првиот дел од оваа дисертација (Слободарство, либерализам и либертаријанизам) е посветен на идејната (или идеолошката) традиција на слободарството, и тоа сфатено во негова најширока смисла, ограничено со она што се нарекува пристап на филозофски индивидуализам. Тоа е претставено преку историска анализа, како и неговите различни толкувања и оправдувања, но и суштинска анализа, преку извлекување на најбитните поставки. На тој начин се врши анализа, преку систематизација и споредба на тоа што претставува индивидуализам, либерализам, либертаријанизам, индивидуалистички анархизам, анархокапитализам, социјален (модерен) либерализам, Австриска економска школа, Чикашка монетарна школа, објективизам, капитализам, отворено слободарство, како и други тенденции, во рамките на широките идејни поставки на слободарството.

Вториот дел (Држава, власт и критика) е посветен на државата, како sui generis општествена организација, нејзината доминантност и сеприсутност во рамки на општествените процеси, во последните два до три века, проследена со аксиомска поставеност во општествените науки. Дополнително, во овој дел, покрај етимолошкото и суштинското поимање на државата, заедно со различни типологии на државата, инкорпорирани се групирани показатели, со цел

обезбедување на методологија за нејзино сеопфатно емпириско мерење и претставување. Секако, мерењето на држава претставува сериозен научен потфат, за кој е потребен сериозен тим составен од различни општествени научници и методолози, и бара далеку поголема академска подготвеност, од онаа што може да ја поседува еден кандидат на докторски студии во полето на политички науки. На крајот на овој дел се наведени три основни критики на државата, дадени од слободарска призма, и тоа морална или филозофска, економска или утилитарна, како и правна критика, која се надоврзува на претходните две.

Третиот дел (Идеолошка и општествена промена) од трудот се однесува на феноменот на промена, низ призма на општествените науки, кој конкретно се појавува како идеолошка и општествена промена. Идеолошката промена е на ниво на поединците и промена во нивната идеолошка свест, што ги означува гледиштата, ставовите и верувањата на поединците (за улогата на државата во општествените процеси). Општествената промена е промена на основните политичко-правни институции, политички систем и/или промена во рамките на јавните политики, која е доминантно манифестирана како политичка промена. Промената, како предмет на овој дел, е аспектирана низ идејната традиција на слободарството, и тоа како мирољубива промена, канализирана низ постојните институции и поттикната преку идеолошка промена кај мнозинството од граѓаните, или барем кај оние најактивните. Во продолжение, анализирани се и субјектите на промена, како и неколку примери на успешни општествени промени кон (по)слободно општество.

Четвртиот дел (Идеолошко каро и прозорци на јавно мислење) од трудот се однесува на политичко-идеолошкиот спектар, наречен идеолошко каро, како и концептите на прозорци на јавно мислење, кои во овој случај се конкретизирани со посебен фокус врз улогата на државата во општеството и идеолошките преференци на поединците. Карото е спектар составен од повеќе видови идеологии, како и концептуални видови на држава, кои соодветствуваат на првите. Целта на карото, покрај систематизирање и графичко претставување на идеологиите и државите, е и позиционирање на поединците во него, во зависност од нивните идеолошки преференции (или идеолошка свест). Позиционирањето на поединците во карото се изведува со помош на анкетен прашалник. Прозорците на јавното мислење (за улогата на државата во општеството и идеолошките преференции) претставуваат концептуални модели, кои се креирани со цел да го лоцираат јавното мислење во однос на идеите. Тие се составени од 3, односно 5 прозорци, и тоа: Овертонов прозорец, два чувствителни и два незамисливи прозорца на јавно мислење. Процесот на емпириско претставување на прозорците за улогата на држава и идеолошките преференции, започнува со изработка на анкетен прашалник, составен од 28 тврдења, кои испитаниците имаат можност да ги оценат од 1 до 5, каде што 1 е воопшто не се согласувам, додека, пак, 5 е целосно се согласувам со тврдењето. Покрај тврдењата, во прашалникот има и секција посветена за лични податоци за испитаникот, односно старосна група, степен на образование, работа, етничка припадност, плата, место на живеење и слично.

Петтиот дел (Анализа на идеолошко каро и прозорци на јавно мислење) од трудот се однесува на анализата на резултатите, претставување по однос на категории, како и развивање на идеолошко каро за сите испитаници и прозорци на јавно мислење за улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференции во јавното мислење. Тие се проследени со коментари, заклучни согледувања и препораки.

Методологијата на истражувањето се базира врз квалитативно-квантитативен методолошки пристап, во чиј склоп се користат три научни методи, имено анализа на содржина, компаративен метод и собирање и анализа на податоци врз основа на анкетен прашалник.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Разработувањето на една од доминантните идеологии кои доаѓаат од современиот пазарен пристап на западните политички и економски системи, либертаријанизмот, не е тема која е често обработувана како од академска, така и од применета перспектива. Затоа, овој труд претставува пионерски напор во два правца. Првиот е обид целосно, систематично и заокружено да се презентира и анализира либертаријанската мисла низ перспективата на нејзиниот историјат, канонски автори и најзначајните правци и школи. Вториот правец е обидот, за прв пат, во македонскиот политички контекст да се измерат ставовите на општата јавност низ призмата на Овертоновиот прозорец за улогата на државата и да се сместат главните групи граѓани, соодветно на истражените демографски категории, на идеолошка скала.

Токму овој прецизен квантитативен пристап, кој дава исклучително логични резултати кои се притоа и лесни за интерпретација, е најголемата предност и најсилната страна на овој докторски труд. Аналитиката присутна во докторската дисертација овозможува досега невиден пресек на ставовите на граѓаните по однос на редица политички сензитивни прашања, а низ перспектива на либертаријанските вредности. Освртот на можноста за трансформација на вредностите во македонското општество е, исто така, голем придонес кон научната мисла и реално ги форматира очекувањата на академската и стручната аналитичка јавност околу рамките во кои може да се движи интерниот идеолошки курс во македонското општество.

Трудот е напишан со користење на солидна научна методологија, а текстот е презентиран на јасен и разбирлив начин, што е особено значајно заради неговото потенцијално користење во практиката од сите правосудни чинители. Во таа насока, сакаме да посочиме и на обемната користена литература, коректно цитирана, со што трудот уште повеќе добива вредност како на академски, така и на практичен план.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Љ. Илиевски, со наслов: „Слободарство, држава и промена: Овертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество“ (Libertarianism, state and change: Overton window on the role of the state in the Macedonian society)“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Трудот, несомнено, претставува значаен придонес во домашната литература од областа на теоретските политички науки и политичката филозофија, а ќе претставува и солидна основа за натамошни истражувања во оваа сфера не само на кандидатот, туку и на сите други кои во иднина ќе се посветат на оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Љ. Илиевски, со наслов: „Слободарство, држава и промена: Овертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество“ (Libertarianism, state and change: Overton window on the role of the state in the Macedonian society).

Скопје, 11.12.2024

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Иван Дамјановски, с.р.**
**Проф. д-р Ана Чупеска, с.р.**
**Проф. д-р Горан Илиќ, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**
**Наставно-научен совет – 04.12.2024 година**

| Ред. број | Кандидат | Тема (на македонски јазик) | Тема (на англиски јазик) | Комисија | Број и датум на одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **м-р Нора Алити** | „Институционална структура на финансиската супервизија и регулација во Република Северна Македонија: интегрирана или специјализирана?“ | „Institutional structure of financial supervision and regulation in the Republic of North Macedonia: integrated or specialised?“ | 1. проф.д-р Димитар Гелев, 2. проф.д-р Александар Климовски (ментор) и 3. проф.д-р Биљана Петревска | 02-1311/15 од 05.12.2024 |
| 2.. | **м-р Дритан Даути** | „Договор за осигурување во позитивно-правните прописи и практиката“ | „Insurance agreement in positive legal regulation and practice“ | 1. проф.д-р Димитар Гелев, 2. проф.д-р Александар Климовски (ментор) и 3. проф.д-р Биљана Петревска | 02-1311/16 од 05.12.2024 |

Скопје, 06.12.2024 година

**Декан,**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

**Изработил: м-р Мирјана Стојановска, соработник за студентски прашања**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**
**Наставно Научен Совет од 04.12.2024 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| 1. Цветанка Василева Секл | „Согласноста на пациентот како елемент на битието кај медицинските казнени дела (Patients’ Consense as an Element of the Medical Incriminations)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 04.12.2024 година | 02-1311/42 од 06.12.2024 година |
| 2. Драгана Радојковиќ Спасовски | „Влијанието на современата информатичка технологија врз земјишните книги и катастрите (The impact of modern information technology on land registers and cadastres)“ | проф.д-р Димитар Гелев | 04.12.2024 година | 02-1311/43 од 06.12.2024 година |
| 3. Наде Матејевиќ | „Безбедносна рамка“ на климатските промени: испитување на долгорочните и краткорочните непредвидени последици на Климатската политика на Европската Унија низ призмата на теоретскиот модел за „безбедносна рамка (securitization) (The "Securitization" of Climate Change: Examining the Long-Term and Short-Term Unintended Consequences of the European Union's Climate Policy through the Lense of the Theoretical Model of Securitization)“ | проф.д-р Иван Дамјановски | 04.12.2024 година | 02-1311/44 од 06.12.2024 година |
| 4. Кристијан Димовски | „Конструктивистички перспективи за националните идентитети во меѓународните односи: како идентитетските политики ги обликуваат домашните и надворешните политики? (Constructivist Perspectives on National Identity and International Relations: How Identity Politics Shape Domestic and Foreign Policy?)“ | проф.д-р Иван Дамјановски | 04.12.2024 година | 02-1311/45 од 06.12.2024 година |
| 5. Филип Милески | „Правен режим на земјоделското земјиште во македонското и споредбеното право (The Legal Regime of Agricultural land in Macedonian and Comparative Law)“ | проф.д-р Тина Пржеска | 04.12.2024 година | 02-1311/46 од 06.12.2024 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Никола Костески | „Судско решавање на индивидуални работни спорови во македонското и во споредбеното право (Judical Resolution of Individual Labor Disputes in Macedonian and Comparative Law)“ | проф.д-р Милка Ракочевиќ | 04.12.2024 година | 02-1311/47 од 06.12.2024 година |
| 7. | Даниела Рендевска | „Значењето на заштитата на биолошката разновидност во меѓународните односи (The Importance of the Biodiversity in the International Relations)“ | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 04.12.2024 година | 02-1311/48 од 06.12.2024 година |

**Декан,**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

Скопје, 10.12.2024 година

**Изработил: м-р Илија Манасиев, советник за студентски работи**

# И С П Р А В К А
## НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА ВО БИЛТЕН БР. 1317 ОД 1.11.2024 ГОДИНА

Во Рефератот за избор на проф. д-р Рената Ќуштеревска во звање – редовен професор, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1317 од 1.11.2024 година, поради техничка грешка, се врши следната исправка:

- на стр. 294, во насловот, наместо текстот:
-

**„Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: БОТАНИКА, ФИТОГЕОГРАФИЈА И ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“, треба да стои текстот:**

**„Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА, БИОГЕОГРАФИЈА И БОТАНИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“.**

- на стр. 304, во ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ, во петтиот пасус, наместо текстот:

„Ценејќи ја целокупната досегашна активност на кандидатката, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, д-р Рената Ќуштеревска да биде избрана во звањето редовен професор од наставно-научните области: ботаника и фитогеографија со фитоценологија на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.“, треба да стои текстот:

„Ценејќи ја целокупната досегашна активност на кандидатката, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Рената Ќуштеревска да биде избрана во звањето редовен професор од наставно-научните области: екологија и животна средина, биогеографија и ботаника на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.“

**Рецензентска комисија**

**Академик Владо Матевски,**
**редовен професор во пензија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Митко Костадиновски,**
**редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Славчо Христовски,**
**редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПАРАЗИТОЛОГИЈА И ПАРАЗИТНИ ЗАБОЛУВАЊА 1“ ОД АВТОРИТЕ АЛЕКСАНДАР ЦВЕТКОВИЌ И ЈОВАНА СТЕФАНОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр. 0201-1052/10 од 30.9.2024 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Паразитологија и паразитни заболувања 1“ од авторите: проф. д-р Александар Цветковиќ и проф. д-р Јована Стефановска, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1, избрани се: проф. д-р Јасмин Омерагиќ од Ветеринарниот факултет во Сараево, Босна и Херцеговина и проф. д-р Куртеш Шерифи од Факултетот за земјоделство и ветеринарство во Приштина, Косово.

Членовите на Рецензентската комисија го познаваат македонскиот јазик и поради тоа Извештајот се пишува само на македонски јазик.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**I ОПШТ ДЕЛ**

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Паразитологија и паразитни заболувања 1 |
| **Назив на предметната програма:** | Паразитологија и паразитни заболувања 1 |
| **Назив на студиската програма:** | Интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 4 ЕКТС-кредити, вкупно 60 часа<br>5 семестар: 2+2 (30+30) |
| Предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1 на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е задолжителен предмет со вкупно 60 часа, 4 ЕКТС-кредити и се слуша во 5. семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 110 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јасмин Омерагиќ, с.р.**
**Проф. д-р Куртеш Шерифи, с.р.**

**II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЈАСМИН ОМЕРАГИЌ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот е структуриран во тематски целини кои систематски ја обработуваат материјата од областа на ветеринарната паразитологија и паразитните болести предизвикани од протозои, трематоди и цестоди. Општиот дел ги елаборира фундаменталните концепти на ветеринарната паразитологија како научна дисциплина. Посебен акцент е ставен на ефектот на паразитите врз домаќинот, епидемиолошките принципи и факторите кои влијаат врз дистрибуцијата и динамиката на паразитите во природата. Во специјалниот дел, за секоја болест се опишани етиологијата, патогенезата, клиничко-патолошките манифестации, современите дијагностички пристапи, терапевтските протоколи, како и стратегиите за контрола на болестите на индивидуално и фармско ниво. Ракописот завршува со опис на најчесто користените медикаменти за лекување на паразитните болести предизвикани од наведените групи на паразити и општиот пристап за нивна контрола. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1 |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот го оценувам како одлично напишан учебник, неопходен за совладување на теоретската настава по предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 110 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата).<br>Учебникот ги исполнува сите критериуми на универзитетска литература и претставува основа за теоретска едукација по предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се издаде како учебник по предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Сараево, 27.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Јасмин Омерагиќ, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Куртеш Шерифи

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот опфаќа сеопфатен преглед на општата ветеринарна паразитологија и паразитните болести кај животните предизвикани од групите Protozoa, Trematoda и Cestoda. На почетокот, учебникот се фокусира на општата ветеринарна паразитологија, каде што се објаснуваат основните концепти за паразитизмот како биолошки феномен. Овде се обработени типовите на паразитни односи, влијанието на паразитите врз домаќинот, како и имунолошкиот одговор на организмот на домаќинот. Исто така, се објаснуваат и епидемиолошките аспекти на паразитните инфекции, вклучувајќи ги факторите кои влијаат на ширењето на паразитните болести. Во продолжение, за секоја болест детално се опишани причинителот, развојниот циклус, патогенезата, епидемиологијата, клиничката слика, дијагнозата, лекувањето и контролата. На крајот се прикажани групите на лекови кои најчесто се користат во лекувањето на паразитните инфекции предизвикани од протозои, трематоди и цестоди, како и начините на нивна контрола. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност со предметната програма по Паразитологија и паразитни заболувања 1. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е одличен учебник, напишан на јасен и разбирлив начин, и со пристап кој овозможува лесно совладување на предвидената материја. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 110 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата).<br>Текстот во учебникот во целост ги покрива сите теми предвидени во теоретскиот дел од наставата по предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се издаде како учебник по предметот Паразитологија и паразитни заболувања 1, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Приштина, 28.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Куртеш Шерифи, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

**Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Трпе Матески | „Конструирање на уред за поместување при бичење на обло техничко дрво со лентовидна пила“ | „Construction of a movement device when cutting round engineered wood with a band saw“ | Проф. д-р Зоран Трпоски | 29.11.2024 год. 02-464/2-Х-4 |
| 2. | Марио Тасевски | „Влијание на брзината на поместување врз потрошувачката на главниот електромотор и рапавоста на резната површина кај лентовидна пила трупчарка“ | „Influence of rate feed on main electric motor consumption and cutting surface roughness at band saw logs “. | Проф. д-р Зоран Трпоски | 29.11.2024 год. 02-464/2-Х-5 |
| 3. | Ивана Георгиевска | „Влијание на затегнувањето на резниот алат кај лентовидна пила-трупчарка врз варијабилитетот на дебелината на сортиментите“ | „Influence of cutting tool tension in a band saw logging machine on the variability of the thickness of the assortments“. | Проф. д-р Зоран Трпоски | 29.11.2024 год. 02-464/2-Х-6 |

*Прилог бр. 5*

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ – СКОПЈЕ

### 1. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Јован Цветкоски** | „Документарен филм „Обични херои“ - улогата на документарниот филм во поттикнувањето социјални промени“ | **„ Documentary Film “ Ordinary Heroes ” - The Role of Documentary in Inspiring Social Change “** | **Вон. проф. м - р Дејан Илиев** | **Бр. 0202-574/7 27.11.2024 година** |

***Прилоī бр. 2***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.10.2024 година, за избор на наставник (редовен професор) во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економика на земјоделството – 4.05.01.01 – Уредба за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) како дополнување на меѓународната Фраскатиева класификација, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-892/5, донесена на 29.11.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Драги Димитриевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Александра Мартиновска-Стојческа, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област економика на земјоделството – 4.05.01.01 – Уредба за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) како дополнување на меѓународната Фраскатиева класификација, во предвидениот рок се пријави д-р Ана Симоновска, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонр. проф. д-р Ана Симоновска е родена на 6.8.1982 година, во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Во 2006 година дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје со просек 8,49, на агроекономската насока, со што се стекнала со звањето дипломиран земјоделски инженер. Во 2006 година добила стипендија за втор циклус студии на Катедрата за економика при Шведскиот универзитет за земјоделски науки (СЛУ) во Упсала, каде што се запишала на насоката Бизнис-администрација во учебната 2006/2007 година. Во март 2008 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Која е одлуката на македонските млекопроизводители во изборот на продажен канал: Анализа на трошоците на трансакција“, со што се стекнала со научен степен – магистер на науки по бизнис-администрација. Вториот циклус студии ги завршила со просечен успех 9,20. Во учебната 2009/2010 година се запишала на докторски студии на Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Во октомври 2014 година ја одбранила докторската дисертација под наслов „Оценување на капацитетот за инвестирање на земјоделските претпријатија“, со што се стекнала со правото да биде промовирана во научниот степен доктор на земјоделски науки.

Со звањето асистент на група предмети на Катедрата за економика и организација на земјоделството, се стекнала во декември 2008 година. Во 2012 година, повторно е избрана во соработничкото звање асистент на група предмети на Институтот за агроекономика, во научната област економика на земјоделството и развој. Звањето доцент во научната област економика на земјоделството и развој го стекнала во мај 2015 година. Звањето вонреден професор го стекнала во февруари 2020 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и компјутерските програми, вклучувајќи одредени статистички, економетриски и математички пакети. Во текот на изминатиот период, активно учествува во наставните, научноистражувачките и стручно-применувачките дејности од областа на агроекономиката и руралниот развој.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1208 од 1 февруари 2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 953 од 1 декември 2008 година, Билтен бр. 1027 од 15.03.2012 година, Билтен бр. 1083 од 1 септември 2014 година и Билтен бр. 1097 од 1 април 2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во функција на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (ФЗНХ), кандидатката проф. д-р Ана Симоновска, од изборот за вонреден професор, изведува настава, практична и теренска настава на прв циклус студии на предметите: Статистика (од учебната 2015/16 година до денес), Финансиски менаџмент (од учебната 2015/2016 година до денес) и менаџмент на лозароовоштарско производство (во учебната 2015/2016 година до денес). Во учебната 2024/2025 година, во вториот семестар ќе изведува настава и на предметот Управување и анализа на податоци на новата студиска програма на ФЗНХ – Дигитално земјоделство, како и на изборниот предмет во осмиот семестар – Форми на пренос на знаење. Вонр. проф. д-р Ана Симоновска изведува настава и на втор циклус студии, и тоа на предметите: Рурални финансии (во учебната 2019/2020 до денес) и Методи на истражување (во учебната 2019/2020 до 2021/2022). Со новата акредитација на студиските програми на втор циклус студии од 2022 година, ангажирана е на предметите: Математичко-статистички методи (во учебната 2022/23 до денес) и Рурални комуникации и советодавство (во учебната 2022/2023 до денес). Во наставата на трет циклус студии изведува настава на предметите: Статистика (во учебната 2019/2020 до денес), Методи на научноистражувачка работа (во учебната 2019/2020 – 2021/2022) и Методологија на научноистражувачката работа во областа на агроекономиката (од 2022/2023 до денес).

Кандидатката била ментор и член на комисии за оцена и одбрана на осумнаесет дипломски и три магистерски труда и една докторска дисертација.

Кандидатката практикува совесен и сериозен пристап при одржувањето на наставата и користи современи наставни методи и техники, поттикнувајќи ја интерактивноста кај студентите. Редовно соработува со студентите и одржува консултации.

Покрај наставата на Факултетот, кандидатката активно е вклучена во образовниот процес на пошироката јавност, каде што придонесува кон развојот и споделувањето на знаењето. Откако е избрана за вонреден професор, активно е вклучена во неформалното образование, држејќи обуки на повеќе од педесет школи и работилници.

Кандидатката е коавтор на еден универзитетски учебник под наслов „Финансиски менаџмент во земјоделството“, објавен во печатено и електронско издание.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Од изборот за вонреден професор, кандидатката д-р Ана Симоновска има објавено вкупно шест научни трудови во меѓународни научни списанија, од кои еден научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и два индексирани во Web of Science и други бази, една монографија, еден дел од монографија, една книга рецензирана и објавена во земја членка на ОЕЦД (Springer Switzerland) и два труда и пет апстакти во зборници од научни собири.

Вонр. проф. д-р Ана Симоновска е национален координатор на еден меѓународен проект и регионален координатор на два проекта. Кандидатката има учествувано во осум меѓународни научни проекти и единаесет национални проекти.

Вонр. проф. д-р Ана Симоновска има реализирано шест пленарни предавања, од кои четитри се на меѓународни научни/стручни собори, четири секциски предавања на

научен/стручен собир, четири учества на научен стручен собир со реферат со усна презентација и две учества на научен стручен собир со реферат со постер.

Вонр. проф. д-р Ана Симоновска има рецензирано осум научни труда за меѓународни списанија.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Вонр. проф. д-р Ана Симоновска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Од изборот во звањето вонреден професор, кандидатката д-р Ана Симоновска објавила една стручна монографија, остварила експертски активности како стручно лице за евалуација на десет проекти спроведени преку програмата на UNOPS во 2021 година, учествувала и придонела во шестнаесет различни експертски активности и изработила дваесет и две студии и анализи од областа на агроекономиката и руралниот развој.

Стручно усовршување во странство остварила со еднонеделните студиски престои во Баварија, во 2021 година и Италија, во 2023 година, каде што посетила разни институции и чинители на Системот на знаење и иновации во земјоделството (АКИС).

Кандидатката била дел од програмата за образование на советодавци и по посетените обуки во Словенија, во 2022 година, Ирска, во 2023 година, менорската посета во Баварија и Саксонија и онлајн обуките, се стекнала со Сертификатот за европски консултанти во руралните средини (CECRA) од Меѓународната академија за рурални советодавци (IALB) .

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручните комисии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и тоа за спорт и студентски активности и за издавачка дејност. Во 2022 година, член е и на телата за акредитација на прв и втор циклус студии за студиските програми Агроекономика (прв циклус) и Агроекономика и рурален развој (втор циклус), како и во 2023 година, за акредитација на студиската програма Дигитално земјоделство (прв циклус студии). Раководител е на постдипломски студии на колегиумот „Агроекономика и рурален развој“ во два мандата.

Кандидатката била член на Секретаријат за IV симпозиум за земјоделство и храна, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, во периодот 2021 – 2022 година, и уредник на зборникот на IV симпозиум за земјоделство и храна на Факултетпт за земјоделски науки и храна во Скопје.

Од изборот за вонреден професор, д-р Ана Симоновска учествувала во изготвување и пријавување на четири научни национални проекти и три научни меѓународни проекти.

Во изборниот период, д-р Ана Симоновска е член на Работна група на Националната конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија (НКЕУ) за Поглавјето 11: Земјоделство и рурален развој. Учествувала и во изработката на три акциски планови, еден од нив е национален план за развој на АКИС, а другите два се локални, за развој на локалните заедници во Чешиново-Облешево и Битола. Кандидатката членува и учествува во работата на шест комисии, тела и работни групи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кандидатката вонр. проф. д-р Ана Симоновска е член Управниот одбор на Здружението на агроекономистите на Република Северна Македонија (ЗАЕМ) и активно учествува во работата на Здружението.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на проф. д-р Ана Симоновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ана Симоновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област економика на земјоделството – 4.05.01.01 – Уредба за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) како дополнување на меѓународната Фраскатиева класификација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, вонр. проф. д-р Ана Симоновска да биде избрана во звањето редовен професор во научната област економика на земјоделството – 4.05.01.01.

**ЧЛЕНОВИ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драган Ѓошевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Александра Мартиновска-Стојческа, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ана Драган Симоновска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | - |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: **економика на земјоделството и развој;** поле: **биотехнички науки;** подрачје: **наука за земјиштето и хидрологија**. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | Да |
| 3.1.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Eastern European Countryside<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science - Essential Science Indicators, Web of Science - Social Sciences Citation Index, Ebsco, Scopus, Journal Citation Reports/Social Sciences Edition, SCImago Journal Rank и др.<br>3. Наслов на трудот: Comparative study of social networks in post-socialist Western Balkan Countries. Formal and Informal Networking for Information Diffusion.<br>4. Година на објава: 2020 година | |
| 3.1.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Scientific Papers Series Management, Economic Engineering in Agriculture and Rural Development<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science Core Collection, и др.<br>3. Наслов на трудот: Smallholders’ Priorities in Financing: Mathematical Applications in the Context of a Post-Transition Economy<br>4. Година на објава: 2021 година | |
| 3.1.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Scientific Papers Series Management, Economic Engineering in Agriculture and Rural Development<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science Core Collection, и др.<br>3. Наслов на трудот: Responsible Innovation in Agriculture: A Case Study from North Macedonia<br>4. Година на објава: 2022 година | |
| 3.2.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food, and Environmental Sciences (JAFES)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови-29, Македонија-11, Србија-6, Хрватска-3, Црна Гора-2, Босна и Херцеговина-2, Словенија-2, Бугарија-2, Албанија-1<br>3. Наслов на трудот: Multidimensional Analysis of Rural Poverty in North Macedonia<br>4. Година на објава: 2022 година | |
| 3.2.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food, and Environmental Sciences (JAFES)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови-29, Македонија-11, Србија-6, Хрватска-3, Црна Гора-2, Босна и Херцеговина-2, Словенија-2, Бугарија-2, Албанија-1<br>3. Наслов на трудот: Credit Risk in Agriculture in North Macedonia: Macroeconomic Perspectives<br>4. Година на објава: 2022 година | |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: AgroEkonomika<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови-10, Македонија-1, Србија-4, Хрватска-1, Црна Гора-1, Босна и Херцеговина-1, Словенија-1, Романија-1<br>3. Наслов на трудот: Grape Producers Economic Performance - Production Size Perspective<br>4. Година на објава: 2023 година | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: Answers for Forthcoming Challenges in Modern Agriculture<br>2. Назив на членката на ОЕЦД: Швајцарија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Springer Nature Switzerland AG, 2020 година, Швајцарија | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот: **Финансиски менаџмент во земјоделството**<br>2. Место и година на објава: **Скопје, 2024 година** | Да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: **1.2.2020 година, 1208 (стр. 442-460)** | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ана Драган Симоновска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: економика на земјоделството – 4.05.01.01**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава** | **120,6** |
| 1 | Статистика (3+0), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – прв циклус студии | 9,0 |
| 2 | Финансиски менаџмент (3+0), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – прв циклус студии | 9,0 |
| 3 | Менаџмент на лозароовоштарско производство (3+0), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 – прв циклус студии | 10,8 |
| 4 | Рурални финансии (4+0), едногодишни студии, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 15,0 |
| 5 | Методи на истражувачка работа (4+0), едногодишни студии, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – втор циклус студии | 9,0 |
| 6 | Рурални финансии (4+0), двогодишни студии, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 - втор циклус студии | 9,0 |
| 7 | Методи на истражувачка работа (4+0), двогодишни студии, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – втор циклус студии | 9,0 |
| 8 | Математичко-статистички методи (4+0), 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 6,0 |
| 9 | Рурални комуникации и советодавство (4+0), 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 6,0 |
| 10 | Научно-истражувачки методи (4+0), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – трет циклус студии | 10,8 |
| 11 | Статистика (4+0), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – трет циклус студии | 10,8 |
| 12 | Статистика (6+0), 2022/2023, 2023/2024 – трет циклус студии | 10,8 |
| 13 | Методологија на научноистражувачката работа од областа на агроекономиката (3+0), 2022/2023, 2023/2024 – трет циклус студии | 5,4 |
| | **Настава во школи и работилници** | **57,5** |
| 1 | Презентација на работилница, National Convention on the European Union in the Republic of North Macedonia (NCEU): 1st Session of Working Group I - Agriculture and Rural Development (Chapter 11) „Regulation of Agricultural Markets“, 28 јануари 2020 год., Клуб на пратеници, Скопје - учесник | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Презентација на работилница пред советодавци во земјоделството „Заклучоци и препораки од изработените деловни планови за пилот фармите со луцерка, пиперка и сушница“, 17 март 2020 година, Битола. Проект „Project EuropeAid/138538/IH/SER/MK "Building the Basis for the Reform of the Tobacco Sector" - учесник | 1,0 |
| 3 | Обука за развивање на капацитетите на жени-претприемачи од рурални средини во Преспа „Финансирање“, 22 август 2020 год., Преспа – учесник | 1,0 |
| 4 | Презентација на работилница за трансфер на знаење и иновации пред Европска Комисија и други учесници „Online Workshop on Agricultural Research and Knowledge Transfer in Western Balkan countries“, 23 ноември 2020 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 5 | Презентација на работилница, National Convention on the European Union in the Republic of North Macedonia (NCEU): 2st Session of Working Group I - Agriculture and Rural Development (Chapter 11) „Agricultural markets linkages affected by the Covid-19 pandemic“, 24 ноември 2020 год., Клуб на пратеници, Скопје – учесник | 1,0 |
| 6 | Презентација на работилница „Анализата на информации за финансиските производи достапни за малите фармери во руралните средини“, 24 декември 2020 година, онлајн – учесник | 1,0 |
| 7 | Работилница-презентација: Value Chain Analysis: Honey, 25 февруари 2021 година, Скопје, CMO "EuropeAid/139105/DH/SER/MK: Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures", 25 февруари 2021 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 8 | Презентација на работилница, студија на случај на интерактивна сесија - Елаборација на четири студии на случај „Research, Innovation and Knowledge Transfer in the Agro-food Sector in the Western Balkan Countries/territories: Phase II“, 19 март 2021 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 9 | Презентација на работилница „Research, Innovation and Technology Transfer II, Country Report: North Macedonia“, 15 април 2021 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 10 | Презентација на работилница за трансфер на знаење и иновации „Cross-country meeting on agricultural research, innovation and technology transfer in the Western Balkans: Towards policy recommendation“, 11 – 12 мај 2021 год., онлајн - учесник | 1,0 |
| 11 | Обука на фармери „Преку финансиска писменост до финансиска инклузија“, 22 септември 2021 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 12 | Обука на фармери „Преку финансиска писменост до финансиска инклузија“, 27 септември 2021 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 13 | Презентација на работилница, National Convention on the European Union in the Republic of North Macedonia (NCEU): 3rd Session of Working Group I - Agriculture and Rural Development (Chapter 11) „Challenges in programming and realization of the IPARD III programme (2021-2027)“, 29 септември 2021 год., онлајн – учесник | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Обука на советодавци во земјоделството во меки вештини „Реторика и презентација“, 16-18 октомври 2023 год., Неготино. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 15 | Работилница-организација и презентација: Second Workshop in the Pilot Rural Community, 11/2021, Егри, Битола, FAO „TCP on Support to Integrated Community Development (TCP/MCD/3702)“, 21 ноември 2021 год., Битола – раководител | 1,5 |
| 16 | Работилница – организација и презентација: Second Workshop in the Pilot Rural Community: Cheshinovo-Obleshevo, ноември 2021, Чешиново, Чешиново-Облешево – раководител | 1,5 |
| 17 | Презентација на работилница „The first S3 thematic workshop on agrifood in the Western Balkans, 5-6/11/2021“: Strengths and challenges for research and innovation collaboration in the agri-food area: North Macedonia, 6 октомври 2021 година, онлајн, Министерство за економија – учесник | 1,0 |
| 18 | Обука за подобрување на капацитетите на руралното население „Подобрување на финансиската писменост на фармерите и локалното население во пилот заедницита БИТОЛА: Егри, Жабени и Оптичари“, 6 декември 2021 година, Егри, Битола – раководител | 1,5 |
| 19 | Обука за подобрување на капацитетите на руралното население „Подобрување на финансиската писменост на фармерите и локалното население во пилот заедницита ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО: Спанчево, Соколарци и Чешиново“, Спанчево, Чешиново-Облешево, 8 декември 2021 година – раководител | 1,0 |
| 20 | Презентација на работилница за национален акциски план за АКИС, прв состанок, 28 – 29 март 2022 год., Нови Сад - учесник | 1,0 |
| 21 | Обука за финансиска писменост на населението „Savings Game“ - Sparkassenstiftung, 27 – 29 април 2022 год., онлајн – раководител | 1,5 |
| 22 | Презентација на работилница, National Convention on the European Union in the Republic of North Macedonia (NCEU): 4тх Session of Working Group I - Agriculture and Rural Development (Chapter 11) „Agri-food markets and food security in the current global crisis context“, 11 април 2022 год., Клуб на пратеници, Скопје – учесник | 1,0 |
| 23 | Обука за финансиска писменост на населението „Savings Game“ - Sparkassenstiftung, 4-6 мај 2022 год., онлајн - раководител | 1,5 |
| 24 | Обука за финансиска писменост на населението „Savings Game“ - Sparkassenstiftung, 1 – 3 јуни 2022 год., онлајн – раководител | 1,5 |
| 25 | Презентација на работилница за национален акциски план за АКИС, втор состанок, 6 – 7 јуни 2022 год., Бар - учесник | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Презентација на работилница „Research, innovation & Technology transfer, I: North Macedonia“, 26 јуни 2020 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 27 | Работилница-презентација: First Technical Workshop on Food Security, 28 јули 2022, Скопје, FAO „Support to the development of the National Food Security Strategy” (TCP/MCD/3805/C4) – учесник | 1,0 |
| 28 | Презентација на работилница, промоцијата на монографијата „Мултидимензионална анализа на сиромаштија во Северна Македонија“, 26 јули 2022 година, Скопје, Јавна соба – учесник | 1,0 |
| 29 | Работилница-презентација: Technical Workshop on setting grounds for a national Food Security Mechanism, 5 декември 2022, Скопје, FAO „Support to the development of the National Food Security Strategy” (TCP/MCD/3805/C4) – учесник | 1,0 |
| 30 | Обука за финансиска писменост на населението „Farmers Business Game - FBG“ - Sparkassenstiftung, 15-17 февруари 2023 год., онлајн - раководител | 1,5 |
| 31 | Презентација на работилница за дисеминација на резултати пред Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ (МЗШВ): Систем на знаење и иновации во земјоделството, 10 февруари 2023 год., МЗШВ, Скопје – учесник | 1,0 |
| 32 | Обука за финансиска писменост на населението „Farmers Business Game - FBG“ - Sparkassenstiftung, 3 март 2023 год., Битола – раководител | 1,5 |
| 33 | Обука за финансиска писменост на населението „Farmers Business Game - FBG“ - Sparkassenstiftung, 13-15 март 2023 год., онлајн - раководител | 1,5 |
| 34 | Презентација на работилница за АКИС: Agricultural Knowledge and Innovation Systems (AKIS), Country: North Macedonia, 27 – 29 март 2023 год., Охрид – учесник | 1,0 |
| 35 | Презентација на работилница „Regional Expert Advisory Working Group (REAWG) on the Role of Women in the Rural Development in the Western Balkans“, 29 – 30 март 2023 год., Охрид – учесник | 1,0 |
| 36 | Работилница – презентација: Technical Workshop on Draft Framework of National Food Security Strategy, 3 мај 2023 година, Скопје, FAO „Support to the development of the National Food Security Strategy” (TCP/MCD/3805/C4) – учесник | 1,0 |
| 37 | Презентација на работилница за АКИС: Agricultural Knowledge and Innovation Systems (AKIS), Country: North Macedonia, 30 мај 2023 год., онлајн – учесник | 1,0 |
| 38 | Обука на советодавци во земјоделството во меки вештини „Профил на советодавец“, 23-27 јуни 2023 год., Скопје, Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 39 | Презентација на работилница „First Interim Meeting of Regional Expert Advisory Working Group (REAWG) on the Role of Women in the Rural Development in the Western Balkans“, 5 – 7 јуни 2023 год., Бања Ковиљача – учесник | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Обука на советодавци во земјоделството во меки вештини „Профил на советодавец“, 29 – 30 јуни и 3 јули, 2023 год., Битола. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 41 | Обука на советодавци во земјоделството во меки вештини „Профил на советодавец“, 22 – 24 август 2023 год., Скопје. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 42 | Учество на работилница, Regional Workshop on Sustainable Agriculture: WP 1-17 Agri-Environmental Indicators (AEI) & Monitoring, and WP 1-18 Sustainable water use and Climate change adaptation (CCA) in agriculture: Support strategic approaches and preventive measures. Austrian Environmental Agency, EU-funded project EU4Green. 20 – 21 септември 2023 година, Тирана, Албанија – учесник | 1,0 |
| 43 | Обука на советодавци во земјоделството во меки вештини „Профил на советодавец“, 2-3 октомври 2023 год., Штип. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 44 | Обука на советодавци во земјоделството за менаџмент на фарми „Задруги и маркетинг“, 6-9 ноември 2023 год., Скопје. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 45 | Обука на советодавци во земјоделството во меки вештини „Реторика и презентација“, 15 – 17 ноември 2023 год., Битола. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“ – учесник | 1,0 |
| 46 | Презентација на работилница за студија „Labour Study in Agriculture: Pelagonia“, 24 ноември 2023 год., Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје – учесник | 1,0 |
| 47 | Презентација на работилница за АКИС: Agricultural Knowledge and Innovation Systems (AKIS), Country: North Macedonia, 21 – 22 ноември 2023 год., Скопје – учесник | 1,0 |
| 48 | Обука на советодавци во земјоделството за менаџмент на фарми „Инвестиции на фарма“, 18-21 декември 2023 год., Прилеп. Проект „Modernization of the Advisory Services for Operators in the Agriculture Field in North Macedonia“- учесник | 1,0 |
| 49 | Презентација на работилница, National Convention on the European Union in the Republic of North Macedonia (NCEU): 4тх Session of Working Group I - Agriculture and Rural Development (Chapter 11) „Agriculture Knowledge and Innovation System – AKIS“, 5 март 2024 год., Клуб на пратеници, Скопје – учесник | 1,0 |
| 50 | Презентација на работилница за дисеминација на резултати пред Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ (МЗШВ): Систем на знаење и иновации во земјоделството, 8 март 2024 год., МЗШВ, Скопје – учесник | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 51 | Презентација на работилница за АКИС: Agricultural Knowledge and Innovation Systems (AKIS), Country: North Macedonia, 20 – 22 март 2024 год., Подгорица – учесник | 1,0 |
| 52 | Обука на рурални млади „Креирање стратегија и акциски план на Сојузот на рурални млади и креирање поддршка за млади во рурални средини“, 29 – 31 март 2024 год., Скопје, поддржано од IME – учесник | 1,0 |
| 53 | Презентација на работилница „Second Interim Meeting of the Regional Expert Advisory Working Group (REAWG) on the Role of Women in Rural Development in the Western Balkans“, 15 – 17 мај 2024 год., Драч - учесник | 1,0 |
| | **Одржување на вежби** | **42,3** |
| 1 | Статистика (0+2), 2019/2020 (I група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 2 | Статистика (0+2), 2019/2020 (II група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 3 | Статистика (0+2), 2020/2021 (I група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 4 | Статистика (0+2), 2020/2021 (II група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 5 | Статистика (0+2), 2021/2022 (I група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 6 | Статистика (0+2), 2021/2022 (II група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 7 | Статистика (0+2), 2022/2023- прв циклус студии | 0,9 |
| 8 | Статистика (0+2), 2023/2024 (I група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 9 | Статистика (0+2), 2023/2024 (II група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 10 | Финансиски менаџмент (0+2), 2019/2020 (I група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 11 | Финансиски менаџмент (0+2), 2019/2020 (II група) – прв циклус студии | 0,9 |
| 12 | Финансиски менаџмент (0+2), 2020/2021 – прв циклус студии | 0,9 |
| 13 | Финансиски менаџмент (0+2), 2021/2022 – прв циклус студии | 0,9 |
| 14 | Финансиски менаџмент (0+2), 2022/2023 – прв циклус студии | 0,9 |
| 15 | Финансиски менаџмент (0+2), 2023/2024 – прв циклус студии | 0,9 |
| 16 | Менаџмент на лозароовоштарско производство (0+2), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 – прв циклус студии | 5,4 |
| 17 | Рурални финансии (0+2), едногодишни студии и двогодишни студии, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 4,5 |
| 18 | Методи на истражувачка работа (0+2), едногодишни студии и двогодишни студии, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – втор циклус студии | 2,7 |
| 19 | Математичко-статистички методи (0+2), 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Рурални комуникации и советодавство (0+2), 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 2,7 |
| 21 | Научно-истражувачки методи (0+2), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – трет циклус студии | 2,7 |
| 22 | Статистика (0+2), 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 - трет циклус студии | 2,7 |
| 23 | Статистика (0+2), 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – трет циклус студии | 2,7 |
| 24 | Методологија на научноистражувачката работа од областа на агроекономиката (0+2), 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – трет циклус студии | 2,7 |
| | **Подготовка на нов предмет** | **7,5** |
| 1 | Управување и анализа на податоци во земјоделството (прв циклус студии) – предавања | 1,0 |
| 2 | Управување и анализа на податоци во земјоделството (прв циклус студии) – вежби | 0,5 |
| 3 | Форми на пренос на знаење (прв циклус студии) – предавања | 1,0 |
| 4 | Форми на пренос на знаење (прв циклус студии) - вежби | 0,5 |
| 5 | Математичко-статистички методи (втор циклус студии) – предавања | 1,0 |
| 6 | Математичко-статистички методи (втор циклус студии) – вежби | 0,5 |
| 7 | Рурални комуникации и советодавство (втор циклус студии) – предавања | 1,0 |
| 8 | Рурални комуникации и советодавство (втор циклус студии) – вежби | 0,5 |
| 9 | Методологија на научноистражувачката работа од областа на агроекономиката (трет циклус студии) – предавања | 1,0 |
| 10 | Методологија на научноистражувачката работа од областа на агроекономиката (трет циклус студии) – вежби | 0,5 |
| | **Консултации со студенти** | **0,5** |
| 1 | Статистика, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 – прв циклус студии | 0,22 |
| 2 | Финансиски менаџмент, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 – прв циклус студии | 0,09 |
| 3 | Менаџмент на лозароовоштарско производство, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 – прв циклус студии | 0,09 |
| 4 | Рурални финансии, едногодишни студии и двогодишни студии, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 0,03 |
| 5 | Методи на истражувачка работа, едногодишни студии и двогодишни студии, 2020/2021, 2021/2022 – втор циклус студии | 0,03 |
| 6 | Математичко-статистички методи, 2022/2023, 2023/2024 - втор циклус студии | 0,03 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Рурални комуникации и советодавство, 2022/2023, 2023/2024 – втор циклус студии | 0,03 |
| 8 | Научно-истражувачки методи, 2020/2021, 2021/2022 - трет циклус студии | 0,01 |
| 9 | Статистика, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 – трет циклус студии | 0,01 |
| 10 | Методологија на научноистражувачката работа од областа на агроекономиката (0+2), 2022/2023, 2023/2024 - трет циклус студии | 0,01 |
| | **Ментор или член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **2,2** |
| 1 | Ментор на дипломска работа х 4 | 0,8 |
| 2 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (х 14) | 1,4 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски и докторски труд** | **1,3** |
| 1 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд (х 1) | 0,7 |
| 2 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (х 2) | 0,6 |
| | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **6,0** |
| 1 | **Симоновска, А.** и Ѓошевски, Д. 2024. Финансиски менаџмент во земјоделството. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје“, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје – коавтор | 6,0 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | **9,0** |
| 1 | Статистика - прв циклус студии | 1,0 |
| 2 | Финансиски менаџмент – прв циклус студии | 1,0 |
| 3 | Рурални финансии – втор циклус студии | 1,0 |
| 4 | Методи на истражувачка работа – втор циклус студии | 1,0 |
| 5 | Математичко-статистички методи – втор циклус студии | 1,0 |
| 6 | Рурални комуникации и советодавство – втор циклус студии | 1,0 |
| 7 | Научно-истражувачки методи – трет циклус студии | 1,0 |
| 8 | Статистика – трет циклус студии | 1,0 |
| 9 | Методологија на научноистражувачката работа од областа на агроекономиката – трет циклус студии | 1,0 |
| | **Вкупно** | **246,94** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерски труд** | **2,0** |
| | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | **18,0** |
| 1 | Национален координатор на меѓународен проект на Организацијата за земјоделство и храна на Обединетите | 6,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | нации (ФАО), спроведен преку Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје (ФЗНХ) „Socio economic impact assessment for the implementation of the National Land Consolidation Programme in Egri“, 09/2024-тековно. | |
| 2 | Регионален координатор на проект „Role of Women in the Rural Areas in the Western Balkans - Agricultural Policy Dialogue Germany Western Balkans“, funded by GIZ-SWG, 05/2023-тековно. | 6,0 |
| 3 | Регионален координатор на проект, „Role of Youth in the Rural Areas in the Western Balkans - Agricultural Policy Dialogue Germany Western Balkans“, funded by FAO-SWG - 08/2022-тековно. | 6,0 |
| | **Учесник во меѓународни научни проекти** | **40,00** |
| 1 | Учесник на проект, National Expert, Project "Study on the research, innovation and technology transfer capacities and on the recent agricultural policy developments in the context of the EU approximation process in the pre-accession countries", funded by Joint Research Centre (JRC) - European Commission, 12/2019-09/2020. | 5,00 |
| 2 | Учесник на проект, National Expert, Project "Study on the research, innovation and technology transfer in the Agro-food Sector in the Western Balkan Countries, Phase II", DG Agri Project, funded by Joint Research Centre (JRC) - European Commission, 09/2020-12/2021. | 5,00 |
| 3 | Учесник на проект, „RENAISSANCE: Agribusiness innovation: A pathway to sustainable economic development“ - Interreg IPA Cross-border Cooperation Programme Greece-Republic of North Macedonia, 10/2021-11/2023. | 5,00 |
| 4 | Учесник на проект, National Expert on the Role of Youth in the Rural Areas in the Western Balkans within the project "Agricultural Policy Dialogue Germany Western Balkans“, funded by FAO-SWG 08/2022-тековно. | 5,00 |
| 5 | Учесник на проект, National Expert, project Germany - Western Balkans Agricultural Policy Dialogue (APD-WB): Component on Knowledge Transfer & Innovation/AKIS, funded by Joint Research Centre (JRC) - European Commission, јануари-декември 2022 година. | 5,00 |
| 6 | Учесник на проект, National Expert on the Role of Women in the Rural Areas in the Western Balkans within the project "Agricultural Policy Dialogue Germany Western Balkans“, funded by GIZ-SWG, 05/2023-тековно. | 5,00 |
| 7 | Учесник на проект, National Expert on Agricultural Knowledge and Innovation Systems (AKIS), North Macedonia, within the project Agricultural Policy Dialogue Germany Western Balkans, funded by German Federal Ministry and SWG 04/2023-тековно. | 5,00 |
| 8 | Учесник на проект, LIAISE COST Action: "Cooperation, development and cross-border transfer of Industrial Symbiosis among industry and stakeholders" (LIAISE) CA22110: Член на работни групи WG2-Industrial Symbiosis Business Model, WG3-Enhance the Awareness and Acceptance of Industrial Symbiosis, 05/2023-тековно. | 5,00 |
| | **Учесник во национални научни проекти** | **33,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Национален консултант за Рурален развој на ФАО за проектот „Support to Integrated Community Development“, FAO, 10/2019-12/2020. | 3,00 |
| 2 | Учесник на проект, Junior Non-Key Expert JNKE Expert for development of business plans for pilot farms. Project EuropeAid/138538/IH/SER/MK "Building the Basis for the Reform of the Tobacco Sector", 2019-2020. | 3,00 |
| 3 | Учесник на проект, Junior Non-key Expert 39, Value Chain Analysis - Honey, "EuropeAid/139105/DH/SER/MK: Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures", 11/2020-03/2021, Скопје. | 3,00 |
| 4 | Учесник на проект како експерт, National Convention on the European Union in the Republic of North Macedonia (NCEU), втор и трет циклус, 2020 – тековно. | 3,00 |
| 5 | Учесник на проект, UNOPS: Monitoring and Evaluation of CSO and Media grants provided through the Nordic support for Progress of North Macedonia project, UNOPS-SIDAPRO-2021-S-004, 05-09/2021. | 3,00 |
